102

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

МАКЕДОНСКА ТЕРМИНОЛОГИЈА

протојереј Јован Таковски

# ТЕРМИНОЛОГИЈА ОД ОБЛАСТА НА ТЕОЛОГИЈАТА

Скопје 1999

МАКЕДОНСКА ТЕРМИНОЛОГИЈА
Год. XXVIII (1998). Бр. 4 (102)

UDC 801.316.4:2=866

**ПРЕДГОВОР**

Во рамките на Проектот на МАНУ за изработка на терминолошки речници од разни научни области, беше предвиден и речник од теолошките науки. За оваа работа беше задолжен Наставничкиот совет при Богословскиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје, кој на својата седница од 25 мај 1988 година формира Комисија составена од наставниците: Методиј Гогов, Борис Бошкоски, Јован Таковски и Димитар Белчовски. За раководител на Комисијата беше одреден академик Петар Хр. Илиевски. Претседателството на МАНУ ја потврди оваа Комисија на својата седница одржана на 7 февруари 1989 година. Прва задача на Комисијата беше да состави Азбучник на термини од теолошките науки (догматика, литургика, црковно право, пастирско богословие, омилитика и др.). По кратко време, од здравствени причини, од Комисијата се откажаа професорите Методиј Гогов и Борис Бошкоски, а на нивно место беа избрани наставниците Петар Јорданов и Стефан Санџакоски. Со текот на времето, од оправдани причини, се откажаа и другите членови на Комисијата. На крајот останав сам.

Читателот ќе забележи дека одделни термини се објаснети со малку зборови, а други и со повеќе реченици. Тоа произлезе од нашата оценка дека значењата на некои термини можат да бидат разбрани и со малку зборови, а за други - ценевме дека е потребна поопширна информација.

За разлика од речниците од други научни области, во кои термините се предадени уште на неколку "живи" странски јазици (српски или хрватски, руски, англиски, француски и германски), црковната терминологија е предадена и на класичните јазици: црковнословенски, грчки и латински, имајќи го предвид фактот што црковно-теолошката терминологија има свој корен во грчкиот, односно латинскиот јазик.

Сметаме дека со овој фонд од 482 термини не е исцрпена целокупната црковно-теолошка терминологија, затоа секоја добронамерна забелешка или сугестија на читателите ќе ни биде драгоцена, сè додека речников е во форма на билтен.

Го цениме придонесот на о. Петар Јорданов, кој се погрижи за дел од термините на германски јазик и за тоа му благодариме нему и на сите оние што придонесле на еден или друг начин, особено на раководителот на Комисијата – академик Петар Хр. Илиевски, кој со крајна совесност и компетентност ги ревидираше сите наши текстови.

Скопје, 1999

Од авторот

102



# А

## А-1 АВА

Збор од арамејско потекло, со значење "отец". Во новозаветните книги, во форма на молитвено обраќање кон Бог Отец, обично се употребуваат и двата збора по ред - "Ава, Отче!" (*Мк.* 14. 36; *Рим.* 8. 15; *Гал.* 4. 6). На Исток вака се именуваат старешините на манастирите или, воопшто, уважени старци - подвижници.

С. ава
**Р.** авва
**E.** Abba
**F.** abba *m*
**D.** Abba *m*
Г. ἄββα
**Цсл.** **авва**
**L.** abba

## А-2 АВТОКЕФАЛИЈА

Целосна самоуправа или независност на една Црква во однос на други цркви. Таквата Црква се именува автокефална или помесна. Образувана е од државната власт, а нејзината каноничност се установува со признавање од страна на Црквата, од којашто се одвојува. Православните цркви се дел од вселенската Црква, а во општење на една со друга остануваат преку единството во верата и преку основните начела на устројство и управување - правилата и каноните. Право на црковна автокефалност добива секој народ православен кој во својот национален развој и во зависност од условите на својот политички живот ќе се покаже способен за своја црковна самоуправа.

С. аутокефалност
**Р.** автокефалия
**E.** autocephaly
**F.** autocéphalie *f*
**D.** Autokephalie *f*
Г. αὐτοκεφαλία, ἡ
**Цсл.** **самоглавие**
**L.** autocephalia

## А-3 АВТОНОМИЈА

Делумна црковна или политичка самостојност.

С. аутономија
**Р.** автономия
**E.** autonomy
**F.** autonomie *f*
**D.** Autonomie *f*
Г. αὐτονομία, ἡ
**Цсл.** **автономиа**
**L.** autonomia

## А-4 АГНЕЦ

Дел од просфората со четириаголна форма и со натпис ИС, ХС, НИ, КА (Исус Христос победува), кој се вади за време на проскомидијата и на св. Литургија, по призивот на Св. Дух, се претвора во тело Христово.

С. агнец
**Р.** агнец
**E.** lamb
**F.** agneau *m*
**D.** Opferbrot *n*
Г. ἀμνός, ὁ
**Цсл.** **агнецъ**
**L.** agnus, -i, *m*

## А-5 АГНОСТИЦИЗАМ

Философско учење според кое човековата душа не може да го спознава она што е натсетилно. Следствено на тоа, не е можно ни Богопознанието. Според агностиците, секое сознание се стекнува со помош на сетилните органи. Типични претставници на ова учење се англиските философи Џон Стјуарт, Милер и Херберт Спенсер. Сложенка од гр. α-privativum и γνῶσις, ἡ – знаење.

С. агностицизам
**Р.** агностицизм
**E.** agnosticism
**F.** agnosticisme *m*

**D.** Agnostizismus *m*
Г. ἄγνωστος
**Цсл.**
**L.**

А-6 **АД**

Со овој збор во Библијата се преведува еврејскиот израз "шеол". Според грчкиот начин на зборообразување (од α privativum и глаголот εἰδεῖν - види), тоа означува место лишено од светлина, или нешто невидливо. Древните грчки писатели со овој збор го означувале светот на духовите или царството, живеалиштето на умрените, кое се наоѓа под управа на Плутон. Во Библијата "ад" и "шеол" се употребувале со повеќе значења: во едни случаи - гроб (пр. I *Мој.* 42. 38; *Пс.* 6. 6), а во други случаи - место и состојба што им се заеднички на сите умрени, праведници и грешници (I *Мој.* 37. 35; *Пс.* 88. 48; *Ис.* 14. 15). Во некои места од Св. писмо "ад" означува место или состојба за сите умрени, но со извесни разлики за праведниците и грешниците. Првите се насладуваат во покојот, очекуваат ослободување оттаму и тоа го добиваат (*Пс.* 15.9-11; I *Петр.* 3. 18-19); вторите се покриени во вечен срам, без надеж за иднината (*Језек.* 32.18, 32). Во новозаветните книги со зборот "ад" се означени вечната осуда, вечната погибел и вечните маки на кои се осудени грешниците. Најкусо речено, адот ја означува задгробната состојба на душите по смртта. Според учењето на православната Црква, адот се јавува како задгробна состојба на грешните души, кои во таа состојба се наоѓаат под власта на ѓаволот и духовите на злобата. Кој е со Христа, за него нема "ад", а смртта за него е премин во живот вечен, во Царството Христово (*Лк*, 23.43; *Филип.* 1.21-23). Христос, за време на крсните страдања и тридневниот престој во гробот, проповедал, ја разурнал силата на адот, кој господарел над целото човештво. Учењето за слегувањето на Спасителот во адот е еден од клучните догмати на Црквата, заснован врз јасното сведоштво на Св. писмо (I *Петр.* 3.18-20; 4.6; *Ефес.* 4.8-10).

С. ад
**Р.** ад
**E.** Hades
**F.** hades *m*
**D.** Hades *m*
Г. ᾅδης, ὁ
**Цсл. адъ**
**L.** infernus, *m* (locus)

А-7 **АДИЈАФОРА**

Дејства, постапки, намери, мисли и др. што, според некои философи и моралисти, сами по себе не се ни добри ни лоши. Од православна гледна точка адијафорите се неприфатливи, бидејќи сите постапки и појави во животот на христијанинот подлежат на моралниот закон. Од грч. α - privatimum и διάφορος 3 = различен.

С. адијафора
**Р.** адиафори
**E.** adiaphora
**F.** adiaphores *fpl*
**D.** Adiaphora *pl*
Г. ἀδιάφορα, τά
**Цсл.**
**L.**

А-8 **АКАТИСТ**

Долга поетска композиција, во чест на Богородица, по повод чудесното ослободување на Константинопол од една инвазија на Персијанците и Аварите во 626 год. со помош на Мајката Божја. Акатистот се состои од дванаесет кондаци и дванаесет икоси. Името го добила поради тоа што за време на нејзиното пеење на верниците не им е дозволено да седат, од грч. α- "не" и гл. καθίζω = седи: Икосите завршуваат со восликот "Радуј се Невесто неневестна", а кондаците со - "Алилуја". Има акатисти и во чест на Христа и на светители.

С. акатист
**Р.** акафист
**E.** Acathistus
**F.** acathiste *m*
**D.** Stehgebet *n*
Г. ἀκάθιστος

**Цсл.** акатистъ
**L.** acathistus

А-9 **АКАТИСТНИК**

Богослужбена книга во која се собрани акатистите во чест на Г. И. Христос, на Пресвета Богородица и на светители.

**С.** акатистник
**Р.** акафистник
**Е.**
**F.** Recueil des acathistes
**D.**
**Г.**
**Цсл.**
**L.**

А-10 **АКОЛУТ (И)**

Придружник, сопатник, последовател, служител; вид црковнослужители, чија должност била да ги придружуваат епископите и свештениците при разни свечености или други пригоди: - црковни собори, крсни обиколки, литии и сл., а вршеле и други услуги, на пр. палеле свеќи и донесували вино за евхаристијата.

**С.** аколут
**Р.** аколут
**Е.** acolyte
**F.** acolythe
**D.** Akoluth *m*
Г. ἀκόλουθος, ὁ
**Цсл.** аколѹтъ
**L.** sequens

А-11 **АКРИВИЈА**

Точност, грижливост, темелност, совесност во извршувањето на обврските, во односот кон други лица, во науката, во говорот и сл. од гр. ἀκριβής, – ές "точен, прецизен".

С. акрибија
**Р.** заботливость
**Е.** exactness; accuracy
**F.** acribie *f*
**D.** Akribie *f*
Г. ἀκρίβια, ἡ
**Цсл.**
**L.** acribia, -ae, *f*; occuratio, - onis, *f*

А-12 **АКСИОЛОГИЈА**

Наука и теорија за моралните вредности и за секоја друга вредност. од гр. ἄξιος - достоен, и λόγος – говор, разум, наука.

С. аксиологија
**Р.** аксиология
**Е.** axiology
**F.** axiologie *f*
**D.** Axiologie *f*
Г. ἀξιολογία, ἡ
**Цсл.**
**L.** axiologia, -ae, *f*

А-13 **АКСИОМА**

Вредност, достоинство, авторитет сам по себе; очигледна научна вистина, која не мора и не може да се докажува. Од гр. ἀξίωμα – "значење, почит, достоинство".

**С.** аксиом(а)
**Р** аксиома
**Е.** axiom
**F.** axiome *m*
**D.** Axiom *n*
Г. ἀξίωμα, τό
**Цсл.**
**L.** axioma, *n*

А-14 **АКСИОС**

Со овој восклик, на св. Литургија за време на ракополагањето - хиротонија во свештенички чин (ѓакон, свештеник, епископ), епископот ги прашува присутните верници дали кандидатот е достоен за примање свештенички чин.

**С.** достојан
**Р.** достоин
**Е.** worthy
**F.** digne

**D.** würdig
Г. ἄξιος
**Цсл. достоинъ**
**L.** dignus

## А-15 **АЛИЛУЈА**

Радосен извик, земен од еврејскиот јазик, кој често се слуша при пеење псалми и други црковно-богослужбени песни, а значи: фалете Го Господа (Јахве).

С. алилуја
**Р.** аллилуия
**E.** halleluiah
**F.** alléluia *m*
**D.** Alleluja *n*
Г. ἀλληλούια
**Цсл. аллилꙋиа**
**L.** alleluia

## А-16 **АЛТРУИЗАМ**

Етичко-философски термин, воведен од Огист Конт, со кој се изразува начин на мислење, чувствување и дејствување што се раководи од доброто на другите (од лат. alter - друг). Спротивно на ова е егоизмот. Не треба да се меша со христијанската љубов кон ближните, чија одлика е саможртвеното служење на ближните, без никаков личен интерес.

С. алтруизам
**Р.** альтруизм
**E.** altruism
**F.** altruisme *m*
**D.** Altruismus *m*
Г.
**Цсл. дрꙋголюбїе**
**L.** alter

## А-17 **АЛФА И ОМЕГА**

Првата и последната буква од грчката азбука. Господ Себе се именува Алфа и Омега, како прв и последен, како почеток и крај на сè. Ова кратко, но највеличествено и мошне значајно име го усвоил за Себе Господ Исус Христос. Според христијанското учење тоа го изразува Неговото Божество, Неговата вечност, Неговата творечка моќ и единство со Отца. Бидејќи Он е почетокот и темелот на сите твари, Кој е пред сè и преку Кого постои сè, Он е и крајната цел на сè; кон Него се должни да тежнеат сите и во Него да ја имаат својата сила и потпора, својот мир, својата полнота и совршенство. Он е водач на сите созданија на небото и на земјата. Под Негово водство треба да се соедини сè: небесното и земното. Он е извршителот на Царството небесно и на нашето спасение; Он е клучот и разврската на сè. Грч. ἄλφα,од семит. "aleph" и грч. ω (ο μέγα).

С. алфа и омега
**Р.** альфа и омега
**E.** first and last
**F.** alpha *m* et omega *m*
**D.** Alpha *n* und Omega *n*
Г. ἄλφα καὶ ὤμεγα
**Цсл. алфа и ѡмега**
**L.** alpha et omega; primus et extremus !

## А-18 **АМВОН**

Возвишено место на средината од храмот (солејата) спроти царските двери. Обично во кружна форма со две скалила, на кое ѓаконот чита евангелие и ектении, а свештеникот проповеда. Амвонот го означува каменот што ангелот го тргнал од гробот Господов, од каде што на жените мироносици им благовестил за воскресението на Исуса Христа. Од грч. гл. ἀναβαίνω = се качува.

С. амвон
**Р.** амвон
**E.** pulpit
**F.** ambon *m*; chaire *f*
**D.** Ambon *m*; Lesekanzel *f*
Г. ἄμβων, – ωνος, ὁ
**Цсл. амвонъ**
**L.** ambo

## А-19 **АМИН**

Збор од еврејскиот јазик со значење: навистина, така е, така нека биде. Се упо-

требува во разни околности, на пример: 1) за потврда на вистинитоста и неизменливоста на кажаните зборови; 2) како уверување за вистинитоста и неизменливоста на божествените ветувања; 3) како знак за согласност и желба за исполнување на ветувањата; 4) како заклучна форма на молитвата, за потврда на нејзината искреност, со надеж дека ќе биде услишена; 5) како заклучок и крај на книга, проповед, молитва и сл.

С. амин
**Р.** аминь
**Е.** amen, so be it
**F.** amen m, ainsi soit-il
**D.** Amen *n*
Г. ἀμήν
**Цсл. аминъ**
**L.** amen

A-20 **АМОРАЛИЗАМ**

Философско-религиозно сфаќање на животот што не почитува никакви морални вредности и норми. Од а - "не" и лат. moralis.

С. аморализам
**Р.** аморализм
**Е.** amoralism
**F.** amoralisme *m*
**D.** Amoralismus *m*
Г.
**Цсл.**
**L.** moralis

A-21 **АНАЛОЈ**

Пулт (платнен или дрвен), на кој се става и се чита Евангелие или други богослужбени книги, а понекогаш и икони.

С. аналој, налоњ
**Р.** налой, аналой
**Е.** lectern; reading desk
**F.** pupitre *m*; lutrin *m*
**D.** Lesepult *n*
Г. ἀναλόγιον, τό (стојалка)
**Цсл. аналогий**
**L.** pulpitum, -i, *n*

A-22 **АНАМНЕЗА**

Дел од евхаристичниот канон на Литургијата, во кој се врши потсетување, сеќавање, спомен на сѐ што Христос направил, прави и ќе прави за спасение на човечкиот род: Неговата крсна смрт, Воскресението, Вознесението, седењето од десна страна на Отца и Неговото второ и славно пришествие (доаѓање).

С. анамнеза
**Р.** анамнеза, воспоминание
**Е.** anamnesis; reminiscence; recollection
**F.** anamnèse *f*
**D.** Anamnese *f*
Г. ἀνάμνησις, –εος, ἡ = спомен
**Цсл. воспоминанїе**
**L.** commonefactio, memoria, reminiscentia

A-23 **АНАТЕМА**

Проклетство; црковен чин со кој се проколнува одделно лице (еретик, расколник), народ или друга Црква.

С. анатема
**Р.** анафема
**Е.** anathema
**F.** anathème *m*
**D.** Kirchenbann *m*; Anathema *n*
Г. ἀνάθεμα, τό
**Цсл. анаѳема**
**L.** anathema *f*

A-24 **АНАТОЛИЕВИ СТИХИРИ**

Вид црковни песни во Октоихот, кои своето име го добиле според името на нивниот композитор Анатолиј, етимолошки поврзани со апелативот ἀνατολή, кој значи "исток", поради што се именуваат и "Источни стихири" - стихири кои потекнуваат од Исток.

**С.** анатолијеве стихире
**Р.** восточные стихиры
**Е.** Anatolica
**F.** anatolika
**D.** Anatolika *f*
Г. ἀνατολικά

**Цсл.** восточные стїхиры - анатолievъ
**L.** orientalis

А-25 **АНАФОРА**

Дар, принос, принесување кон горе. Тоа е централната молитва во евхаристичкиот канон на Божествената литургија, кога свештенослужителот, од свое име и од името на народот, во знак на благодарност Му принесува на Бога дарови - леб и вино - кои, по призивот на Св. Дух, се претвараат во тело и крв Хри-стови. Кулминација на анафората е возгласот: "Твоѧ ѿ Твоихъ, Тебѣ приносѧще ѡ всѣхъ и за всѧ" (Твои /дарови/ од Твоите /дарови/, Тебе Ти ги принесуваме за сите и за сè ; просфора, нафора.

С. анафора
**Р.** приношение, возношение
**E.** eucharistic offering; eucharistic oblation
**F.** anaphore *f*
**D.** Anaphora *f*
Г. ἀναφορά, ἡ
**Цсл.** анафора, приношенїе
**L.** oblatio, -onis, *f*

А-26 **АНГЕЛ**

Весник, гласник. Духовно суштество, посредник меѓу Бога и луѓето, службител на Божјата волја. Според учењето на Црквата, секој човек, народ или Црква има свој ангел пазител.

С. анђео
**Р.** ангел
**E.** angel
**F.** ange *m*
**D.** Engel *m*
Г. ἄγγελος, ὁ
**Цсл.** аггелъ
**L.** angelus, -i, *m*

А-27 **АНТИДОР**

Наместо дар; остаток од првата просфора од која се вади Агнецот на проскомидијата, и кој се дели на крајот од Литургијата на оние што не се причестиле. Антидорот е "замена за дарот". Вистинскиот дар е причесната.

В. Нафора.

**С.** антидор
**Р.** антидор
**E.** antidoron; holy bread; eulogia
**F.** antidore
**D.** Antidoron *n*
Г. ἀντίδωρον, τό
**Цсл.** антидоръ
**L.** panis benedictus

А-28 **АНТИМИНС**

Четириаголно платно на св. трпеза, на кое е насликано полагањето Христово во гробот, во кое се вшиени св. мошти. Без антиминс (= наместо маса) не може да се служи св. Литургија. Светите мошти во него потсетуваат на времето од првите векови на христијанството кога Божествената литургија е служена на гробовите од маченицитe.

С. антиминс
**Р.** антиминс
**E.** antimension
**F.** antimension *m*
**D.** antimensium *m*
Г. ἀντιμήνσιον, τό
**Цсл.** антиминсъ
**L.** antimensium *n*

А-29 **АНТИНОМИЗАМ**

Противзаконие. Така се именува не само поведението што не е согласно со моралните и општествените закони, туку и негирањето на суштината и неопходноста на некои закони, главно морални. Антиномистите се трудат своите постапки да ги оправдаат: едните, повикувајќи се на Св. писмо, а другите - на своите индивидуални особини. Според антиномистите, гревовното поведение запазува од гревовните стремежи и содејствува во развивањето на благодатта (на пр. *Рим.* 6.1,2). На индивидуалистите треба да им се укаже на нивната зависност од општествената положба, па оттука и на потребата своите постапки да

ги усогласуваат со општествените потреби. Други се повикуваат на виши цели што тие ги следат, но очигледно е дека од злото може да произлезе само зло. Некои претставници на социјалниот антиномизам ја истакнуваат мислата: "целта ги оправдува средствата", која ги ослободува од одговорноста за сите противзаконски постапки. Антиномисти можат да се наречат и некои политичари кои, стремејќи се кон повисоки цели, си дозволуваат незаконски дејства: клевети, измами и сл. Кон антиномистите можат да се придодадат и некои социјалисти, кои тежнеат да создадат некое неизвесно ново општество и притоа настојуваат да ги разурнат моралните основи и начела на општественото уредување.

С. антиномизам
**Р.** антиномизм
**Е.** antinomism
**F.** antinomisme *m*
**D.** Antinomismus *m*
Г. ἀντινομία, ἡ; ἀντινομίζομαι
**Цсл. противозаконїе**
**L.**

## А-30 **АНТИПАСХА**

Првата недела по Велигден, која се именува и "Томина недела", според Евангелието што се чита во таа недела.

**С.** антипасха
**Р.** антипасха
**Е.**
**F.** Dimanche de Thomas
**D.**
Г. ἀντίπασχα, τό
**Цсл. антїпасха**
**L.** antipascha

## А-31 **АНТИФОН**

Наизменично пеење на два хора кои стојат еден спроти друг. Во црковните богослужби така се именуваат песни, избрани главно од старозаветните книги, а се пеат наизменично и од двете певници. Главно, тие го навестуваат доаѓањето на Синот Божји и Неговите дела, а понекогаш (на Господските празници) содржат објаснувања од настанот што се празнува; делови на катизмата или псалтирот. Од ἀντί - против, и φωνή глас.

С. антѝфон
**Р.** антифон, противогласие
**Е.** antiphon
**F.** antiphone *m*
**D.** Weckelgesang *m*; Antiphone *f*
Г. ἀντίφονος, ὁ
**Цсл. антифѡнъ**
**L.** antiphonum

## А-32 **АНТИХРИСТ**

1. Противник Христов, човек на беззаконието, кој ќе се појави пред второто доаѓање (пришествие) Христово. Неговите лични особини и дејства јасно се изразени кај ап. Павле (II *Сол.* 2.8) и кај св. Јован Богослов (*Откр.* 13.2-19); антихрист е и секој непријател и противник Христов,- оној што не признава дека Исус Христос дошол во тело (сп. I *Јн.* 4.3).

2. Безверник, безбожник.

С. антихрист
**Р.** антихрист
**Е.** antichrist
**F.** antichrist *m*
**D.** Antichrist *m*
Г. ἀντίχριστος, ὁ
**Цсл. антихристъ**
**L.** antichristus

## А-33 **АПОКАЛИПСИС**

Откровение; пророчка книга на св. ап. Јован Богослов, која се наоѓа на крајот од Св. писмо. Од ἀπό – "од", и καλύπτω – "покрива, скрива".

С. откривење (Јованово)
**Р.** откровение, апокалипсис
**Е.** Revelation of St. John the Divine; Apocalypse
**F.** Révélation *f*
**D.** Entdeckung *f*; Apokalypse *f*
Г. ἀποκάλυψις, ἡ
**Цсл. апокалѵѱисъ**
**L.** revelatio, -onis, *f*

A-34 **АПОКАТАСТАЗА**

Погрешно учење Оригеново, според кое душите на оние што грешеле на земјата, по смртта, одат во еден очистителен оган (чистилиште), каде што тие постепено се очистуваат, и на крајот ќе се спасат сите, па дури и демоните. При повторното Христово доаѓање ќе воскреснат сите во етерни тела и Бог ќе биде повторно сè во сите. Ова обновување - реставрација (ἀποκατάστασις) не значи и крај на светот: пред овој свет имало други светови и, според него, ќе има и други. Оваа заблуда Оригенова е осудена од Црквата.

**С.** апокатастаза
**Р.** апокатастасис
**Е.** apokatastasis
**F.** apocatastase *f*
**D.** Apokatastasis *f*
Г. ἀποκατάστασις, ἡ
**Цсл. ѡбновленїе**
**L.** restauratio, -onis, *f*

A-35 **АПОКРИФ**

Лажен, таинствен, скриен; книга од сомнителен или непознат автор, која не влегува во канонот на Св. писмо; апокрифни евангелија и сл. < ἀπό – "од", и κρύπτω – "крие".

С. апокриф
**Р.** апокриф
**Е.** apocrypha
**F.** apocryphe *m*
**D.** Apokryph *n*
Г. ἀπόκρυφος, ὁ
**Цсл. апокрифъ**
**L.** apocriphus

A-36 **АПОСТОЛ**

1. Пратеник, ученик Христов и секој друг последовател, (следбеник) Христов, кој својот живот го посветува на ширењето на Христовата наука. 2. Богослужбена книга, која ги содржи Делата Апостолски и посланијата, поделени на зачала според годишниот богослужбен круг.

С. апостол
**Р.** апостол
**Е.** apostle
**F.** apôtre *m*
**D.** Apostel *m*
Г. ἀπόστολος, ὁ
**Цсл. апостолъ**
**L.** apostolus

A-37 **АПОФАТИЗАМ**

Апофатизмот или апофатичката (одречна) теологија е пат, метода или став во Богопознанието, кои тргнуваат од фактот дека Бог по Својата природа или суштина е несознатлив. Крајната цел на оваа метода или став не е знаењето, ами единството со Бога - обожувањето на човековата личност. За постигнување на оваа цел не е доволно само знаењето што го стекнуваме преку Откровението Божјо - природното и натприродното (Св. писмо и Св. предание), туку е потребно тоа да се спроведе во животот, преку практика на добродетелите (пост, молитва, милостина, светотаински живот - покајание, причесна - вера, љубов...), како и постојано очистување на човекот од сите наслаги на гревот, зашто "чистите по срце ќе Го видат Бога" (сп. *Мт*. 5. 8). Апофатизмот е став кој од теологијата прави созерцавање (контемплација) на тајните на Божјото откровение, кое претпоставува религиозен или мистичен опит, искуство на Божеството, зашто христијанството не е философска школа која мудрува врз апстрактни претпоставки, туку е, пред сè, заедница со живиот Бог. Овој став (апофатички) на црковните Отци им ја овозможуваше слободата и поткрепата да ги користат философските изрази (термини), без ризик да бидат погрешно сфатени. Напуштањето на апофатизмот, кој е вистинската нишка во Преданието на Црквата од Исток, телогијата секогаш ја претвора во религиозна философија, како што беше случајот со Ориген и со мнозина други слични нему. Апофатичката теологија се дополнува со катафатичката или рационална телогија. < ἀπόφημι = одрекува, негира. (ἀποφατικός, 3).

В. Катафатизам.

**С.** апофатизам

**Р.** апофатизм
**Е.** apophatism
**F.** apophatisme
**D.** Apophatismus *m*
Г. ἀπόφασις, – εως, ἡ
**Цсл.**
**L.**

A-38 **АПРАКОС**

Евангелие во кое текстот се распоредува не според евангелистите, како што е во Четвороевангелието (Тетраевангелието), туку според неделите и деновите, односно, според редот на читањето на општите дневни богослужби, почнувајќи од првиот ден на Пасха (Велигден). Има и Апостол-Апракос, а и секој библиски текст може да биде распореден според потребите на дневните богослуженија, односно празниците.

С. апракос
**Р.** апракос
**Е.** holidays readings
**F.** aprakos; évangéliaire
**D.** Tageslesungsplan (für das Evangelium) *m*
Г. ἄπρακος, ἄπρακτος
**Цсл. апракосъ**
**L.** evangeliarium

A-39 **АПСИДА**

Полукружен дел од источната страна на храмот. Во подножјето се наоѓа епископскиот трон, т.н. горно место, а над него е насликан ликот на Спасителот Христос или на Богородица.

С. апсида
**Р.** апсида
**Е.** apsis
**F.** abside *f*
**D.** Apsis *f*
Г. ἀψίς, –ίδος, ἡ од ἅπτω – фаќа, спојува"
**Цсл. аѱі́да**
**L.** absis *f*, absida *f*

A-40 **АРТОС**

Квасен леб што со особена молитва се осветува на Велигден (Пасха). Низ целата Светла седмица се чува на аналој пред иконостасот, а во пасхалната сабота (прва по Велигден) се раздробува и им се разделува на верниците, како светиња што треба да ги потсетува за престојот на Спасителот меѓу нив (нас).

С. артос
**Р.** артос
**Е.** bread
**F.** artos *m*; pain pascal *m*
**D.** Sauerbrot *n*
Г. ἄρτος, ὁ
**Цсл. артосъ**
**L.** panis

A-41 **АРХАНГЕЛ**

Началник, водач на ангелите; еден од деветте ангелски чинови. Некои од нив се познати и по име: Михаил, Гаврил, Рафаил, Уриил, Салатиил, Јегудил, Варахил...

С. арханђео
**Р.** архангел
**Е.** archangel
**F.** archange *m*
**D.** Erzengel *m*
Г. ἀρχάγγελος, ὁ
**Цсл. архаггелъ**
**L.** archangelus

A-42 **АРХИЃАКОН**

Прв меѓу јероѓаконите, т.е. ѓаконите од монашкиот ред. За време на богослужбите, има предимство по чест меѓу другите јероѓакони.

С. архиђакон
**Р.** архидиакон, архидьякон
**Е.** archdeacon
**F.** archidiacre *m*
**D.** Erzdiakon *m*; Archidiakon *m*
Г. ἀρχιδιάκονος, ὁ
**Цсл. архидиаконъ**
**L.** archidiaconus

А-43 **АРХИЕПИСКОП**

Прв, главен епископ. Иако сите епископи имаат еднаква власт, заради единство меѓу црквите и заемна помош во тешки околности, уште со апостолските правила (34) некои од нив добивале право на врховен надзор над другите. Со установувањето на чинот патријарх, титулата архиепископ ја задржале патријарсите, како и митрополитите што стоеле на чело на автокефални цркви; поглавар на помесна, автокефална црква.

С. архиепископ
**Р.** архиепископ
**Е.** archbishop
**F.** archevêque *m*
**D.** Erzbischof *m*
Г. ἀρχιεπίσκοπος, ὁ
**Цсл. архиепископъ**
**L.** archiepiscopus

А-44 **АРХИЈЕРЕЈ**

Назив за епископ кој управува со епархија. Во Стариот завет така се именува првосвештеникот (*Лев.* 4. 3), во Новиот завет - Исус Христос (*Евр.* 4. 4). Има епархиски и викарни архијереи. Во надлежност на епархиските архијереи е: а) сета епархиска управа и духовен суд, како над духовните лица, така и над мирјаните врз кои му е доверен духовниот надзор и за чии души е должен да даде одговор пред Бога; в) грижа за месните духовни училишта и заводи, како и надзор на религиозната и моралната состојба на доверената паства; в) воопшто, управување со сите црковни установи во неговата епархија. Викарните архијереи се јавуваат како помошници на епархиските архијереи.

С. архијереј
**Р.** архиерей
**Е.** bishop
**F.** évêque *m*
**D.** Bischof *m*
Г. ἀρχιερεύς, –έως, ὁ
**Цсл. архиерей**
**L.** episcopus

А-45 **АРХИМАНДРИТ**

Старешина на манастир; највисок свештеномонашки чин до владика во православната Црква (од мандра = ограда, трло, стадо овци - началник на духовно стадо).

С. архимандрит
**Р.** архимандрит
**Е.** monastic superior, archimandrite
**F.** archimandrite *m*
**D.** Archimandrit *m*
Г. ἀρχιμανδρίτης, ὁ
**Цсл. архимандритъ**
**L.** archimandrita

А-46 **АСКЕЗА (АСКЕТИЗАМ)**

Подвижништво, испосништво, покајништво, угодување на Бога до крајно самоодрекување, воздржување од секаков вид телесно насладување, заради убивање на телесните страсти, а за духовно издигнување и достигнување на крајната човекова цел - единство и заедница со Бога, обожување.

С. аскеза
**Р.** аскетизм
**Е.** asceticism
**F.** ascèse *f* (ascétisme *m*)
**D.** Askese *f*, Asketismus *m*
Г. ἄσκησις, –εως, ἡ
**Цсл. аскитство**
**L.** ascesa

А-47 **АСКЕТ**

Подвижник, испосник, покајник, кој доброволно се лишува од телесни наслади, заради духовно издигнување.

С. аскет(а)
**Р.** аскет
**Е.** ascetic
**F.** ascète
**D.** Asket *m*
Г. ἀσκητής, –οῦ, ὁ
**Цсл. аскетъ**
**L.** asceta, ae, *m*

## А-48 **АТЕИСТ**

Безбожник; личност што не верува во Бога, која го негира постоењето на какво било божество.

С. атеист(а)
**Р.** безбожник, атеист
**E.** atheist
**F.** athée *m*, impie *m* et *f*
**D.** Atheist *m*
Г. ἄθεος, –ον, adj.
**Цсл. безбожникъ**
**L.** impius

# Б

## Б-1 **БАЛДАХИН**

Шатор поставен на четири столпчиња, прицврстени на четирите агли од св. Престол во олтарот, за да го штити. Балдахинот го симболизира небото, затоа на него се везат или сликаат сонцето, месечината и ѕвезди. Во древните времиња во средината на шаторот висел златен или сребрен гулаб како симбол на Светиот Дух, со чија сила се осветуваат даровите на св. Престол. Оттука просторот меѓу шаторот и св. Престол се именува περιστέριον (перистерион), од περιστερά - гулаб. Во гулабот обично се чувани св. Дарови (причесната).

Денес обично во сите цркви на св. Престол се наоѓа кивот, ковчег, обично во облик на мала црквичка, во која се чуваат осветените дарови (причесната) за болни, затоа се именува и ***дарохранилица***.

**С.** балдахин
**Р.** балдахин; сень
**E.** ciborium
**F.** baldaquin *m*; ciborium
**D.** Ziborium *n*
Г. κιβώριον; τρούλλιον, τό
**Цсл. киворій**
**L.** ciborium

## Б-2 **БДЕНИЕ (СЕНОЌНО)**

Бдеење, неспиење; богослужба, составена од вечерна, утрена и први час, а се служи навечер, спроти недела или голем празник.

С. бденије
**Р.** бдение
**E.** vigil
**F.** vigile *m*
**D.** Ganznachtgottesdienst *m*
Г. ἀγρυπνία, ἡ
**Цсл. бдѣніе, агрипнія**
**L.** vivgiliantia, *f*

## Б-3 **БЕЗЗАКОНИЕ**

Дело спротивно на законот Божји; грешење, постапување против законот.

С. безакоње
**Р.** беззаконие
**E.** lawlessness
**F.** impiété *f*
**D.** Gesetzlosigkeit *f*
Г. ἀνομία, ἡ
**Цсл. беззаконіе**
**L.** iniquitas, -tatis, *f*

## Б-4 **БЕЗМОЛВИЕ**

Молчење, тишина, мир, покој. На патот кон единството со Бога, тоа е совршенството на молитвата, духовната молитва или созерцавањето. На тој степен, сè што е молитва престанува, а душата се моли надвор од молитвата. Откако се здобиле со апсолутна чистота, движењата на душата земаат учество во енергиите на Св. Дух. Природата останува без движење, без акција, без сеќавање на земните работи. Тоа е молчењето на умот (духот), кое е повозвишено од молитвата. Тоа е состојбата на идниот век, каде што светите, со својот дух нурнати во Духот на Бога, повеќе не се во молитва, ами се надвор од секаква молитва, исполнети со радост. Тоа се случува кога на духот му е дадено да го почувствува блаженството на идниот век; тогаш тој целосно се заборава себеси, при што остава сè што е од овој свет и во него повеќе

нема никакво движење кон што и да е. Подвижниците што го достигнуваат ова духовно совршенство се именуваат "безмолвници", односно "исихасти".

С. безмолвије
**Р.** безмолвие
**Е.** silence; tranquillity
**F.** silence *m*; hésichasme *m*
**D.** Gebetstille *f*
Г. ἡσυχία, ἡ
**Цсл. безмолвїе**
**L.** silentium, -ii, *n*

Б-5 **БЕС**

Зол дух, лош дух, ѓавол, демон.

С. бес
**Р.** бес
**Е.** evil spirit, devil; demon
**F.** mal *m*; démon *m*
**D.** Wut *f*
Г. δαίμων, -ονος, ὁ
**Цсл. бѣсь**
**L.** daemon

Б-6 **БЕСМРТНОСТ**

Траење што има почеток, а нема крај. Се однесува на нешта кои имаат почеток на своето постоење, а немаат крај, не умираат (душата, ангелите).

С. бесмртност
**Р.** бессмертие
**Е.** immortality
**F.** immortalité *f*
**D.** Unsterblichkeit *f*
Г. ἀθανασία, ἡ
**Цсл. безсмертїе**
**L.** immortalitas, -atis, *f*

Б-7 **БЕСРЕБРЕНИК**

Оној што не прима плата; име за светители - лекари чудотворци, кои за своите услуги не земале никаква материјална награда. Најпознати се светите лекари (врачи) Кузман и Дамјан.

С. бесребреник
**Р.** бессребреник
**Е.** anargyros
**F.** anargyre *m*
**D.** Anargyr *m*
Г. ἀνάργυρος, ὁ
**Цсл. безсребреникъ - безмездникъ**
**L.** argento carens

Б-8 **БИБЛИЈА**

Збирка книги на Стариот и Новиот завет, од христијанската Црква признаени за боговдахновени, т.е. напишани од свети луѓе под вдахновение и содејство на Светиот Дух. Библија во превод од грчки јазик значи "книги". Овој назив на Св. писмо толку многу ги надминува сите други книги што ова име им припаѓа само ним, како Книга над книгите, чиј вдахновител е Самиот Бог, како што сведочат св. апостоли (II *Петр*. 1. 21; II *Тим*. 3. 16). Библијата се дели на Стар завет и Нов завет. Стариот завет значи стар сојуз на Бога со луѓето и е, во основа, подготовка на човештвото за дочек на Месијата - Христос, Спасителот на светот, а Новиот завет значи нов сојуз на Бога со луѓето и зборува за искупителното дело на Господ Исус Христос. Новиот завет - сојуз е склучен со крвта Христова, пролеана на крстот.

С. Библија
**Р.** Библия
**Е.** Bible
**F.** Bible *f*
**D.** Bibel *f*
Г. Βιβλίον, *pl.* Βιβλία
**Цсл. Библїа**
**L.** Biblia, -orum, *n pl.*

Б-9 **БЛАГОВЕСНИК**

Проповедник на блага, радосна вест, евангелист; така се именувани избрани луѓе што биле испраќани во разни места заради проповед на Евангелието.

С. благовесник
**Р.** благовестник
**Е.** evangelist preacher of the gospel

**F.** évangéliste *m*
**D.** Evangelist *m*; Wanderprediger *m*
Г. εὐαγγελιστής, ὁ
**Цсл.** **благовѣстникъ**
**L.** evangelista *m*

Б-10 **БЛАГОВЕСТ (БЛАГОВЕШТЕНИЕ), БЛАГО(В)ЕЦ**

1. Блага, радосна вест: благовеста што архангел Гаврил ѝ ја пренел на Пречиста Дева Марија за зачнувањето на Синот Божји - Исус Христос, во нејзината утроба, од Св. Дух. 2. Црковен празник во чест на тој настан (24 март стар стил, 7 април н.с.). Народна форма - Благо(в)ец.

С. благовештење
**Р.** благовещение
**Е.** Annunciation
**F.** Annonciation *f*
**D.** Gute Botschaft *f*
Г. εὐαγγελισμός, ὁ
**Цсл.** **благовѣщенїе**
**L.** annuntiatio, -onis, *f*

Б-11 **БЛАГОВОЛЕНИЕ**

Добра волја, благонаклоност, љубов. Убав пример за овој збор има во песната со која ангелите го прославиле Христовото раѓање: "Слава на Бога во височините, а на земјата мир и меѓу луѓето добра волја" (*Лк*.2.14).

С. благовољење
**Р.** благоволение
**Е.** good will
**F.** bienveillance *f*
**D.** Gutewille *f*
Г. εὐδοκία, ἡ
**Цсл.** **благоволенїе**
**L.** benevolentia, ae, *f*

Б-12 **БЛАГОГОВЕНИЕ**

Набожност, страв Божји, богопочитување (*Евр*. 5.7).

С. побожност
**Р.** благоговение
**Е.** piety
**F.** piété *f*
**D.** Wohlgeruch *m*
Г. εὐλάβεια, ἡ
**Цсл.** **благоговѣнїе**
**L.** pietas, -tis, *f*

Б-13 **БЛАГОДАТ**

Милост, сила Божја, дар Божји, несоздадена енергија, чијшто извор е Троичниот Бог - Отец, Син и Свети Дух. Благодатта се нуди на секој човек и од степенот на нејзиното прифаќање или одбивање зависи квалитетот на човековиот живот - спасение или пропаст. Ап. Павле вели: "Со благодатта сте спасени преку верата; и тоа не е од вас - Божји дар е" (*Ефес*. 2.8).

С. благодат
**Р.** благодать
**Е.** grace
**F.** grâce *f*
**D.** Gnade *f*
Г. χάρις, –ιτος, ἡ
**Цсл.** **благодать**
**L.** gratia *f*

Б-14 **БЛАГОЛЕПИЕ**

Красота, убавина на храмот; убаво пеење; ред и хармонија во богослужењето.

С. благољепије
**Р.** благолепие
**Е.** well-ordered beauty
**F.** beauté *f*
**D.** wohlgestalt
Г. εὐπρέπεια, ἡ
**Цсл.** **благолѣпїе**
**L.** décor, -oris, *m*

Б-15 **БЛАГООБРАЗЕН**

Чесен, праведен, угледен, пристоен.

С. благообразан
**Р.** благообразный
**Е.** respected

**F.** notable; honnêt
**D.** wohlgebildet
Г. εὐσχήμων, –ονος, –ον, *adj.*
**Цсл.** **благоωбразьнъ**
**L.** decorus; honestus, 3

Б-16 **БЛАГОСЛОВ**

Изобилство што доаѓа од Божјата милост; дозвола што се зема од постар, на пр. ѓакон од свештеник или епископ, монах од игумен и сл.; благослов на леб, вино или масло (елеј) од страна на свештеник или епископ; при средба со лица од свештенички чин, мирјаните бараат благослов од нив.

С. благослов
**P.** благословение
**E.** blessing
**F.** bénédiction *f*
**D.** Segen *m*
Г. εὐλογία, ἡ
**Цсл.** **благословенїе**
**L.** benedictio, onis, *f*

Б-17 **БЛАГОЧЕСТИВ**

Набожен; оној што Го почитува Бога.

С. побожан
**P.** благочестивый
**E.** holy, pious, devout
**F.** pieux, dévot
**D.** wohltätig
Г. εὐσεβής, ές,
**Цсл.** **благочестивъй**
**L.** pius

Б-18 **БЛАГОЧЕСТИЕ**

Набожност; постојано, искрено, целосно одење во духот на единствената вистинска и света вера. Со таа вера христијаните го примаат учењето на Господ Исус Христос. Но, за вистинското благочестие не е доволна само верата, ами и живеењето според таа вера. Христијанството учи дека "верата без дела е мртва" (*Јак.* 2.20).

С. благочешће
**P.** благочестие
**E.** devotion
**F.** dévotion *f*
**D.** Devotion; Ergebenheit *f*
Г. εὐσέβεια, ἡ
**Цсл.** **благочестїе**
**L.** pietas, -tis, *f*

Б-19 **БЛАЖЕНСТВО (-А)**

1. Среќа, задоволство, благосостојба што настапува како последица од извршувањето на моралниот закон и духовното усовршување. "Кој ќе се задлабочи во совршениот закон... и биде извршител на делото, ќе биде блажен... " (*Јак.* 1. 25). 2. Термин за обраќање кон архиепископ - поглавар на Црква: "Ваше Блаженство!". 3. "***Блаженсшва***" се именуваат и збирка од заповеди - препораки што Спасителот Христос ги изговорил во Својата "*Проповед на ïораша*" : Блажени се бедните по дух (смирените), зашто нивно е Царството небесно. - Блажени се оние што плачат, оти ќе се утешат. - Блажени се кротките, зашто тие ќе ја наследат земјата. - Блажени се гладните и жедните за правда, оти тие ќе се наситат. - Блажени се милостивите, зашто тие ќе бидат помилувани. - блажени се чистите по срце, оти тие ќе Го видат Бога. - Блажени се миротворците , зашто тие ќе се наречат синови Божји. - Блажени се гонетите заради правда, бидејќи нивно е Царството небесно... (*Мш.* 5.4-12).

С. блаженство
**P.** блаженство
**E.** beatitude
**F.** béatitude *f*
**D.** Seeligkeit *f*
Г. μακαριότης, -ητος, ἡ
**Цсл.** **блаженство**
**L.** beatitudo, dinis, *f*

Б-20 **БЉУСТИТЕЛ**

Пазител, чувар на испразнето место (обично поглавар на помесна Црква) до

изборот на ново лице. Затоа се именува местобљуспиител.

С. бљуститељ
**Р.** блюститель
**E.** guardian
**F.** gardien *m*; locum tenens
**D.** Wächter *m*
Г. φύλαξ, –κος, ὁ
**Цсл.** блюститель
**L.** locum tenens

Б-21 **БОГОЈАВЛЕНИЕ**

Празник установен од Црквата на 6, односно 19 јануари, во спомен на Христовото крштевање, при што Бог се јавил во Трите Лица, т.е. Бог Отец се јавил со зборовите "Овој е Мојот Син, Кој е по Мојата волја"; Бог Син се крстил во реката Јордан по Својата човечка природа, а Бог Св. Дух слегол во вид на гулаб.

С. Богојављење
**Р.** Богоявление
**E.** Epiphany; divine manifestation
**F.** Epiphanie *f*
**D.** Epiphanie *f*
Г. θεοφανία, ἡ
**Цсл.** богоявленїе
**L.** epiphania, -orum, *npl*

Б-22 **БОГОПОЗНАНИЕ**

Во однос на спознатливоста на Бога, православната Црква учи врз основа на Св. писмо дека Бог од една страна е неспознатлив, недостижен за човековиот ограничен разум и, од друга, дека е спознатлив. Недостижноста и неспознатливоста на Бога се однесува на Неговата суштина: - што е Бог во Својата суштина, тоа не може да го знае ниту една твар, не само видлива туку и невидлива, па ни самите ангели, бидејќи не може да има никаква споредба меѓу Творецот и тварите. Но Бог не го оставил човекот во совршено незнаење за Себе. Сè што е полезно и неопходно да знае за Бога и што може да го прими, Бог му го открива преку Своите созданија и преку промислата, преку законот и пророците и, најполно, преку Својот Единороден Син, Господ Исус Христос. Според св. Отци, човекот Го спознава Бога онолку колку што себе се очистува за Бога. - Неспознатлив во Својата суштина - природа - Бог се открива во Своите несоздадени енергии, преку кои човекот станува учесник во Божјата природа (сп. 2 *Петр*.1.4).

С. богопознање
**Р.** богопознание
**E.** knowledge of God
**F.** connaissance *f* de Dieu
**D.** Gotteserkenntnis *n*
Г. θεογνωσία, ἡ
**Цсл.** богопознанїе
**L.** dei cognitio (epiphania, -orum), *npl*

Б-23 **БОГОРОДИЦА**

Назив за Света Дева Марија, која Го родила Бога по тело, Господ Исус Христос.

С. Богородица
**Р.** Богородица
**E.** God-bearing, Mother of God
**F.** Mère *f* de Dieu, Théotokos
**D.** Gottesmutter *f*
Г. Θεοτόκος, ἡ
**Цсл.** богородица
**L.** Dei Mater; theotocos *f*

Б-24 **БОГОРОДИЧЕН**

Песна, химна, посветена на Богородица. Обично секој циклус богослужбени песни завршува со Богородичен.

С. богородичен
**Р.** богородичен
**E.** hymn addressed to the Mother of God; theotokion
**F.** Théotokion
**D.** Theotokion
Г. θεοτοκίον, τό
**Цсл.** богородиченъ
**L.** matris Dei (theotocium, ii, *n*)

Б-25 **БОГОСЛУЖЕНИЕ (БОГОСЛУЖБА)**

Целина од свештени дејства и обреди со кои се задоволуваат потребите на верата и на религиозните чувства. Во него се раскрива и остварува односот на Бога кон човекот и на човекот кон Бога. Посебно, христијанското богослужение е севкупност од свештенодејства и обреди, во кои се изразува и нагледно се претставува сета содржина на христијанската вера. Суштината на оваа вера е измирување на паднатиот во грев човек со Бога, установување на оние чисти, непосредни односи, какви што имало меѓу Бога и човекот во рајот до паѓањето во грев. Ова измирување или очистување на човекот од гревот, негово ослободување од проклетството и смртта, било извршено со голготската жртва, принесена за гревовите на целиот свет од страна на оваплотениот Син Божји.

Богослужението се дели на општо и посебно. Општото богослужение треба да ги задоволи потребите на сите верници. Овде спаѓаат: вечерната, повечерието, полуноќницата, утрената, часовите, изобразителната и Литургијата. Посебното богослужение има цел да ги задоволи религиозните потреби на одделните членови на Црквата. Овде припаѓаат светите тајни (крштение, миропомазание, причесна, покајание, свештенство, брак, масловсвет...), разни молитвословија и молебни на разни случаи.

С. богослужење
**Р.** богослужение
**Е.** religious service
**F.** rite m; office divin *m*
**D.** Gottesdienst *m*
Г. λειτουργία, ἡ
**Цсл. богослꙋженїе**
**L.** ritus, us, *m*

Б-26 **БРАК**

Св. тајна, во која од страна на свештеник се благословува врската меѓу две лица од различен пол и им се дава Божја благодат, која го осветува нивниот брачен живот заради заемна помош во нивниот евангелски живот и заради законско раѓање и христијанско воспитување на децата. Брачната врска е слика на духовната врска на Христа со Црквата. За ова зборува ап. Павле: "Поради тоа човекот ќе ги остави татка си и мајката своја и ќе се придружи кон жената своја, та обајцата ќе бидат едно тело. Оваа тајна е голема, но јас ви зборувам за Христа и за Црквата" (*Еф.* 5. 31-32).

С. брак
**Р.** брак
**Е.** marriage
**F.** mariage *m*
**D.** Ehe *f*
Г. γάμος, ὁ
**Цсл. бракъ**
**L.** nuptiae (matrimonium, ii, *n*)

# В

В-1 **ВЕЛЗЕВУЛ**

Акаронски идол во Палестина, началник на житниците и на прехранбените производи, кој ги прогонувал мувите и другите гадинки (IV *Цар.*1.2); началник на злите духови, кнез ѓаволски (*Мт.*10.25; *Мк.* 3. 22; Лука 11. 15).

С. велзевул
**Р.** вельзевул
**Е.** Beelzebul
**F.** béelzéboul *m*
**D.** Belzebul *m*
Г. Βεελζεβούλ, ὁ
**Цсл. вельзѣевоулъ**
**L.** Beelzebul

В-2 **ВЕЛИГДЕН**

Најголемиот христијански празник, празник над празниците и торжество над торжествата, во чест на славното Христово воскресение, врз кое се засновува сета христијанска вера и надеж и, воопшто, сето христијанство. Ап. Павле вели: "Ако Христос не воскреснал, тогаш празна е нашата про-

повед, празна е и нашата вера" (I *Кор*. 15. 14). Велигден спаѓа во редот на таканаречените "подвижни празници", бидејќи е врзан за определен ден - неделата, (според месечевиот календар (пасхалија), а не за дата. Оттука и секоја недела во годината е мал Велигден.

С. Ускрс
**Р.** Воскресение; Пасха
**Е.** Easter; Pasch
**F.** Pâques *fpl*
**D.** Ostern *n*
Г. Πάσχα, τό
**Цсл. Воскресеніе; Пасха**
**L.** Resurrectio, -onis (pascha, f)

B-3 **ВЕЛИЈАР**

Библиски назив за мрачна сила, која олицетворува секое нечестие и беззаконие. На еврејски значи виновник или кнез на секое нечестие, поради што се применува за ѓаволот и за сотоната (II *Кор*. 6.15).

С. велијар
**Р.** велиар
**Е.** belial
**F.** béliar *m*
**D.** Belial *m*
Г. βελιάρ, ὁ
**Цсл. веліаръ**
**L.** Belial

B-4 **ВЕЛИКОМАЧЕНИК (-ЦА)**

Во богослужбените книги така се именуваат свети маченици и маченички, кои претрпеле жестоки и сурови измачувања за време на гонењата на христијаните, особено во првите три века, посведочувајќи ја на тој начин својата непоколеблива вера во Христа Господа. Кај нас најпознати и најпочитувани се светите великомаченици Димитриј Солунски и Георгиј (Ѓорѓи) Победоносец.

**С.** великомученик
**Р.** великомученик
**Е.** megalomartyr
**F.** mégalomartyre *m*
**D.** Megalomartyrer *m*
Г. μεγαλομάρτις, ὁ, ἡ
**Цсл. великомученикъ (ца)**
**L.** magnus martyr

B-5 **ВЕЛИКОСХИМНИК**

Највисок степен на монашко совршенство. Монахот што ја примил големата схима или ангелскиот образ, се одрекува од сè што е од овој свет и сецело Му се посветува на Христа.

С. великосхимник
**Р.** великосхимник
**Е.**
**F.** Mégaloshémos
**D.**
Г. μεγαλόσχημος, -ου
**Цсл. великосхимникъ**
**L.**

B-6 **ВЕЛИЧАНИЕ**

Избрани стихови од псалмите, кои пророчки го навестуваат празничното тржество на Христов или Богородичин празник, или кратка песна што слави добродетели на некој светител. Се пее на празнична утрена пред Евангелие и на деветтата песна од канонот.

С. величаније
**Р.** величание
**Е.** glory
**F.** mègalinaire *m*
**D.** Gloria *n*; Lobgesang *m*
Г. ἀνύμνησις, ἡ
**Цсл. величаніе**
**L.** glorificatio, onis, *f*

B-7 **ВЕНЧАНИЕ (ВЕНЧАЊЕ)**

Чинот за склучување црковен брак, кој се состои од два дела: 1) чинот на свршувачката - обручение или прстенување, кој порано се извршувал одвоено од венчанието; и 2) чинот на венчавањето во кој централно место има полагањето на венците на главите од младоженците - оттука и називот "венчание". Порано чинот на

оваа св. тајна е извршуван за време на Литургијата и завршувал со причестување на младоженците. Подоцна овој чин е издвоен од Литургијата, главно поради тоа што младоженците не биле секогаш подготвени за примање на св. причесна, а како нејзина замена им е даван благословен леб и вино. Денес во православните цркви има тенденција оваа света тајна повторно да се извршува во рамките на Литургијата.

**С.** венчање
**Р.** венчание
**Е.** marriage
**F.** mariage *m*
**D.** Matrimonium *n*; kirchliche Trauung *f*
Г. στεφάνωμα, τό
**Цсл.** **вѣнчанїє**
**L.** matrimonium

## В-8 ВЕРИГИ

Синџирчиња (ланчиња), на кои обично е закачена метална иконка, што покајниците ги носат на вратот, во знак на умртвување на телесните похоти и страсти; веригите (синџирите) во кои бил окован ап. Петар од јудејскиот цар Ирод Агрипа и со кои бил фрлен в затвор. По чудесното ослободување на св. апостол Петар од оковите и од затворот, со помошта на ангел, овие окови верниците ги почитуваат како св. реликвии, поклонувањето на кои е установено на 16 јануари (ст. стил), под името "Чесни вериги" на св. ап. Петар.

**С.** вериге
**Р.** вериги
**Е.** chains
**F.** chaines *fpl*
**D.** catena
Г. ἁλύσεις, ἡ, pl
**Цсл.** **вериги**
**L.** catenae

## В-9 ВЕРОИСПОВЕДАНИЕ

Исповедање на верата; назив за богословски труд или творба, во кој одделно лице ги изложува своите верски погледи по некое богословско прашање.

С. вероисповедање
**Р.** вероисповедание
**Е.** confession of the faith (religion, confession)
**F.** confession *f* de la foi
**D.** Glaubensbekenntnis *n*
Г. ὁμολογία, ἡ
**Цсл.** **вѣроисповеданїє**
**L.** confessio -onis *f* (fidei)

## В-10 ВЕРОИСПОВЕД (КОНФЕСИЈА)

Припадност кон една од христијанските цркви: се вели, на пр., тој е од православна вероисповед, од римокатоличка вероисповед или од протестантска вероисповед.

С. вероисповест
**Р.** вероисповедание
**Е.** confession
**F.** confession *f*
**D.** Konfession *f*
Г. θρήσκευμα, τό
**Цсл.** **вѣроисповѣдь**
**L.** confessio, onis, *f*

## В-11 ВЕРТЕП

Пештера; местото во Витлеем во кое се родил Господ Исус Христос.

С. вертеп
**Р.** вертеп
**Е.** grotto
**F.** grotte *f*
**D.** Grotte *f*
Г. σπήλαιον, τό
**Цсл.** **вертепъ**
**L.** spelunca, ae, *f*

## В-12 ВЕЧЕРНА

Едно од секојдневните црковни богослуженија, кое се извршува пред вечера.

С. вечерња
**Р.** вечерня
**Е.** evening prayer
**F.** vêpres *mpl*

**D.** Abendgottesdienst *m*
Г. ἑσπερινὴ (εὐχή)
**Цсл. вечернѧ**
**L.** officium vesperinum

## В-13 **ВИКАР**

Намесник, заменик; епископ кој нема своја епархија, а помага на патријарх, архиепископ или митрополит. Папата себе се именува "намесник на Исуса Христа или Намесник на Синот Божји" (Vicarius Fili Dei).

С. викар
**Р.** викарий
**E.** vicar
**F.** vicaire *m*
**D.** Vikar *m*
Г. διάδοχος, ὁ
**Цсл. намѣстьникъ**
**L.** vicarius, ii, *m*

## В-14 **ВИСОКОПРЕОСВЕШТЕНСТВО**

Термин, титула за обраќање кон митрополит, а во некои цркви и кон архиепископ: - Ваше Високопреосвештенство - за директно обраќање, и - Негово Високопреосвештенство - за индиректно обраќање.

**С.** високопреосвештенство
**Р.** высокопреосвященство
**E.** Grace
**F.** Monseigneur
**D.** Grazie *f*
Г. σεβασμιότης, ὁ
**Цсл. високопреосвѧщенство**
**L.**

## В-15 **ВИСОКОПРЕПОДОБИЕ**

Титула што им се дава на архимандрити и игумени - старешини на манастири.

**С.** високопреподобие
**Р.** высокопреподобие
**E.** Reverend
**F.** Révérend (issime) père
**D.**
Г. Πανοσιολογιότης, ὁ
**Цсл. Високопреподобїе**
**L.**

## В-16 **ВОЗДВИЖЕНИЕ**

Издигнување на чесниот крст - голем Господен празник (14/27 септември), установен во спомен на пронаоѓањето на Крстот Христов од страна на царица Елена - мајката на цар Константин (326 г.) и неговото враќање од персиското ропство (614 г.), при што е издигнуван високо, за да можат да го видат сите и да му се поклонат.

**С.** уздизање
**Р.** воздвижение
**E.** elevation
**F.** élévation *f*; exaltation *f* (de la Croix)
**D.** Erhöbung *f*; Elevation *f*
Г. ΥΨΩΣΙΣ (τοῦ τιμιοῦ σταβροῦ)
**Цсл. въздвижение**
**L.** elevatio, onis, *f*

## В-17 **ВОЗДУХ**

Четвороаголно платно кое служи за покривање на путирот и дискосот за време на Литургијата. Името "воздух" го добило по тоа што, за време на читањето на Символот на верата, свештенослужителот го раздвижува над путирот и дискосот. Го симболизира каменот со кој бил запечатен гробот Христов.

**С.** ваздух
**Р.** воздух
**E.**
**F.** grand voile; air
**D.** Aire
Г. ἀήρ, ὁ
**Цсл. воздѹхъ; аиръ**
**L.** аёг

## В-18 **ВОЗНЕСЕНИЕ**

Господен празник, установен од Црквата во спомен на вознесувањето на небеса на Спасителот Христос. Затоа и празникот се именува Спасовден. Се слави 40 дена по

Христовото воскресение (Велигден) и секогаш паѓа во четврток.

С. Вазнесење
**Р.** вознесение
**E.** Ascension
**F.** Ascension *f*
**D.** Christi Himmelfahrt *f*
Г. ἀνάληψις, -ψεως, ἡ
**Цсл. възнесеник**
**L.** exaltatio (ascenssio, -onis, *f*)

В-19 **ВОСКОМАСТИХ**

Смеса составена од восок, мастиха, толчен мермер и други ароматични материи, неопходни при осветување православен храм. Се приготвува наутро пред доаѓањето на архијерејот и, за време на осветувањето на престолот (Св. трпеза), се излива на четирите агли или столбови, заради нивно поврзување и зацврстување. Восхомастихот ја симболизира љубовта Христова, која нè поврзува со Него и меѓу себе. Тој потсетува на ароматите со кои било погребано телото Христово, а самиот престол го изобразува живоносниот гроб Христов.

С. воскомастих
**Р.** воскомастих
**E.** ceromastiche
**F.** ceromastiche *f*
**D.** Zeromastux *m*
Г. κηρομάστιχος, ὁ
**Цсл. воскомастиха**
**L.** ceromastiche

В-20 **ВОСКРЕСЕН**

Термин, епитет кој се употребува за сите видови песни од неделните - воскресни служби, посветени на Воскресението Христово. Овој епитет се заменува со терминот "крстовоскресен", ако во тие песни се прославува страдањето Христово на крстот, на пр., се вели: воскресен топар, канон, стихира; Богородичен крстовоскресен итн.

**С.** васкрсни
**Р.** воскресныи
**E.** anastasimon
**F.** anastasimon; - dominical
**D.** Anastasimon; Resurrektion *f*
Г. ἀναστάσιμον
**Цсл. воскресенъ**
**L.** resurrectionis

В-21 **ВОСКРЕСЕНИЕ**

Станување од мртвите, оживување; Воскресение на Исуса Христа - вистина врз која се засновува сета христијанска вера и надеж.

В. Пасха.

С. васкрсење
**Р.** воскресение
**E.** Resurrection
**F.** Résurrection *f*
**D.** Auferstehung *f*; Resurrektion *f*
Г. ἀνάστασις, ἡ
**Цсл. воскресенїе**
**L.** resurrectio, -onis, *f*

В-22 **ВОЦРКОВУВАЊЕ**

Обред, чин кој се извршува над младенец (дете) во 40-от ден по раѓањето, кога завршува и времето на очистувањето на неговата мајка. Со тој чин се одбележуваат два настана: официјалното примање на детето во бројот на верниците (независно од крштението, кое веќе е извршено), и очистувањето на мајката по породувањето (в. Требник - Молитва на жена родилка, по четириесеттиот ден). Овој обред е инспириран од Стариот завет и од "очистувањето" на Св. Дева Марија (Сретение Господово), кога во 40-от ден по Раѓањето, таа Го донесе Богомладенецот Исус во ерусалимскиот храм, според законот Мојсеев, да Го посвети на Бога и себе да се очисти (*Лев.* 12.2-7; *Изл.* 12.2; *Лк.* 2.22-39).

**С.** уцрковљење
**Р.** воцерковление
**E.**
**F.** relevailles
**D.** Relevailles
Г. ἄγειν εἰς τὴν ἐκκλησίαν

**Цсл.** воцерковленїе
**L.** ducere in ecclesiam

В-23 **ВСЕЛЕНСКИ (СОБОР)**

Така се именуваат црковните собори, одржани од 4-тиот до 8-иот век, на кои зеле учество претставници - епископи од целиот христијански свет - вселена. Православната црква ги признава следниве собори за вселенски: 1. Никеја 325 г.; 2. Цариград 381 г.; 3. Ефес 431 г.; 4. Халкидон 451 г.; 5. Цариград 553 г.; 6. Цариград 680 г.; 7. Никеја 787 г.

**С.** васељенски (сабор)
**Р.** вселенский (собор)
**E.** universal, general (council); ecumenical council
**F.** oecuménique (concil) *m*
**D.** ökumenisches (Konzil) *n*
Г. οἰκουμενικός, (σύνοδος,)
**Цсл.** вселе́нскїй соборъ
**L.** concilium œcumenicum (universalis)

В-24 **ВУЛГАТА**

Латински превод на Библијата на прост народен јазик, извршен од бл. Ероним при крајот на 4-тиот век. Автентичноста на овој превод Римокатоличката црква ја признала на Тридентскиот собор во 1546 г.

**С.** Вулгата
**Р.** вулгата, вульгата
**E.** Vulgate
**F.** Vulgate *f*
**D.** Vulgata *f*
Г. κοινή
**Цсл.** вȣлгата
**L.** Vulgata

В-25 **ВХОД**

Така се именува еден вид литија, процесија на свештенослужителите, при отворени царски двери, почнувајќи од пред Св. престол или од жртвеникот, излегувајќи низ северните двери и враќајќи се повторно пред Св. престол, низ царските двери, а за тоа време пред нив одат свеќоносци. Има два входа: *голем и мал. Малиот вход* се извршува со кадилница или со Евангелие. Со кадилница се извршува на секоја "голема вечерна", кога се служи одделно или како дел од сеноќното бдение, на Литургијата на Прeѓеосветените дарови, како и на Василиева и Златоустова литургија, меѓу третиот антифон и "трисвето". Вход со Евангелие на Голема вечерна се извршува на првиот ден од Велигден (т.н. Второ Воскресение, кога се чита Евангелие на странски јазици), и на празниците: Наоѓање (обретение) на чесната глава на св. Јован Прететча, и на св. 40 маченици. ***Големиот вход*** се извршува само на Литургијата и се состои во пренесување на Даровите (леб и вино) од жртвеникот на Св. престол заради нивно осветување, за време на пеењето на Херувимската песна или други соодветни песни. Входот со Евангелие го симболизира доаѓањето Христово во светот и Неговата проповед, а Св. дарови - Неговото одење на страдање, смрт и погребение.

**С.** вход
**Р.** вход
**E.** entrance; introit
**F.** procession d'entrée
**D.** Introitus *m*
Г. εἴσοδος, ἡ
**Цсл.** входъ; вхожденїе
**L.** introitus

# Г

Г-1 **ГЛАС**

Назив за мелодиски напев во црковното пеење, кој служи како образец, според кој се изведуваат и други песни. Соодветно на октавата, православното црковно пеење има осум гласови, од кои секој има и свои варијанти. Основата за осмогласното пеење ја поставил св. Јован Дамаскин (8 век), а зборникот што ги содржи тие песни се именува "октоих" (осмогласник).

**С.** глас
**Р.** глас
**E.** mode (musical)
**F.** ton *m*
**D.** Tonus *m*
Г. ἦχος, ὁ
**Цсл. гласъ**
**L.** tonus

## Г-2 ГНОСЕОЛОГИЈА

Дел од философијата што се занимава со проучување на изворите, патиштата и формите на сознанието. Во патристичката литература гносеологијата е посебно третирана од етичко-аскенски аспект. Како последица на гревот органите за познание (сетилата и умот) се болни. Според патристичкото учење тие треба да се лекуваат со подвизи (ἄσκησις) на вера, молитва, пост, себеоткажување, што води кон богопознание.

С. гносеологија
**Р.** гносеология
**E.** gnoseology
**F.** gnosséologie *f*
**D.** Erkenntnislehre *f*; Gnosis *f*
Г. γνωσεολογία, ἡ
**Цсл.**
**L.**

## Г-3 ГНОСТИЦИЗАМ

Философско учење кое настојува паганството да го измири со христијанството. Гностичките учења претставуваат мешаница од пагамски и христијански идеи. Гностиците учеле дека во центарот на сè стои безднaта на непознатливото, вечното, невидливо суштество. Христијанската претстава за Св. Троица тие ја замениле со големата тријада, олицетворена во материјата, Демиургот и Искупителот. Називот доаѓа од грчкиот збор *ѓнoсис* - знаење, што го наоѓаме кај ап. Павле (I *Кор*. 13.2) во смисла на познавање на патиштата Божји во Искупувањето. Гностицизмот се јавил во II век по Христа, бил критикуван од св. Иринеј Лионски, кој докажал дека нивниот "гносис" (знаење) е лажен.

С. гностицизам
**Р.** гностицизм
**E.** gnosticism
**F.** gnosticisme *m*
**D.** Gnostizismus *m*
Г. γνωστικός
**Цсл.**
**L.**

## Г-4 ГОВЕЕЊЕ (ГУВЕЕЊЕ)

Обичај кај православни христијани, кој се состои во строг пост (некои практикуваат и целосно воздржување од храна и пиење до три дена - т.н. тримерење), во текот на повеќедневните постови - најчесто во првата седмица од Велигденскиот пост, со засилена молитва и редовно посетување на богослужбите, а како подготовка за исповед и причестување.

**С.** пост
**Р.** говенье
**E.** fast
**F.** jeûne *m*; pénitence *f*
**D.** Fasten *pl*
Г. νηστεία, ἡ
**Цсл. говѣнїе**
**L.** jejunio

## Г-5 ГОЛГОТА

Месност во западниот дел на Ерусалим, каде што бил распнат Спасителот Христос. Зборот е од арамејско потекло и значи "лобно место" "место на черепи" или "крaниево место", според грчкиот збор κρανίον - череп, затоа што според преданието на тоа место бил погребан Адам, па неговиот череп се осветил со крвта Христова.

С. Голгота; Калварија
**Р.** Голгофа
**E.** Golgotha; Calvary
**F.** Calvaire *m*
**D.** Golgatha *n*
Г. Γολγοθᾶ
**Цсл. голгода**
**L.** Calvaria

**Г-6 ГОРДЕЛИВОСТ**

Лажно чувство на сопствена супериорност над другите луѓе; надуеност, спротивно на смиреноста и кроткоста; во себе содржи елементи на лага, пристрасност, неправеден однос кон себе и блиските. Горделивоста е почеток, мајка на сите гревови (сп. *Мудр. Сир*. 10.15), затоа не треба таа да има место во животот на човекот. Таа Му противречи на Творецот, Кој сите луѓе ги создал еднакви и ги искупил преку Својот Син, Господ Исус Христос.

С. гордост, охолост
**Р.** гордость
**E.** haughtiness, vainglory
**F.** orgueil *m*
**D.** Überheblichkeit *f*
Г. ὑπεριφανία, ἡ
**Цсл.** гордынѧ
**L.** superbia, ae, *f*

**Г-7 ГОРНО МЕСТО**

Седиште, стол, престол за епископот, сместен во олтарската апсида, зад Св. престол. Лево и десно од него се поместени седиштата - столови за свештениците. Горното место го симболизира наднебесниот престол на Големиот Архиереј, Кој ги минал небесата - Исус Христос. Епископот кој служи, кога седи на Горното место, Го претставува Христа, а свештениците кои сослужуваат - дванаесетте апостоли.

**С.** горње место
**Р.** горное место
**E.** bishop's trone
**F.** cathèdre *f*; trône de l'évêque
**D.** Cathedra *f*
Г. ἄνω καθέδρα ἡ
**Цсл.** горнее мѣсто
**L.** cathedra, -ae *f*

**Г-8 ГРЕВ**

Беззаконие; прекршување или неисполнување на моралниот закон Божји, на заповедите Божји; непослушност кон волјата Божја. Прототип на сите гревови е прворodниот грев, односно гревот на првите родители Адам и Ева. Една од целите на Христовото искупително дело е ослободувањето на човекот од гревот.

С. грех
**Р.** грех
**E.** sin
**F.** péché *m*
**D.** Sünde *f*
Г. ἁμαρτία, ἡ
**Цсл.** грѣхъ
**L.** peccatum, i, *n*

**Г-9 ГУБА**

Мало парче импрегниран сунѓер, кое постојано стои во антиминсот на Св. престол и служи за собирање и бришење на честичките што од дискосот паѓаат на антиминсот за време на литургијата.

С. губа
**Р.** губа
**E.** sponge
**F.** éponge *f*
**D.** Spongia *f*
Г. σπόγγος, ὁ
**Цсл.** гȣба
**L.** spongia (spongus, i, *m*)

# Д

**Д-1 ДЕВТЕРОКАНОНСКИ (КНИГИ)**

Второканонски книги што не се поместени во еврејската Библија, а се влезени во христијанскиот канон. Повеќето од нив одразуваат еврејски или арамејски оригинал. Црквата ги смета за боговдахновени како и книгите од еврејската Библија. Боговдахновени - напишани под инспирација на Св. Дух.

С. девтероканонске књиге
**Р.**
**E.**
**F.** livres devtérocanoniques *mpl*
**D.** Devterokanonische Schriften *npl* (des AT)

Г. τὰ δευτεροκανονικὰ βιβλία
**Цсл. второканонскїе книгы**
**L.** deuterocanonici libri

## Д-2 ДЕКАЛОГ

Десет збора или Десетте Божји заповеди што Мојсеј ги примил од Бога на планината Синај (*Изл.* 20. 1-17 и *Пов̄т. зак.* 5.6-21). Десетте Божји заповеди се основата на моралниот закон. Првите четири заповеди зборуваат за односот на човекот кон Бога, а другите шест - за меѓусебниот однос на луѓето.

С. декалог
**Р.** декалог
**E.** Decalogue
**F.** Décalogue *m*
**D.** die Zehn Gebote; Dekalog *m*
Г. Δεκάλογος, ὁ
**Цсл. десѧтословїе**
**L.** decalogus

## Д-3 ДЕМОН

Лош дух, бес, ѓавол.

С. демон
**Р.** демон
**E.** demon
**F.** dèmon *m*
**D.** Dämon *m*
Г. δαίμων, –ονος, ὁ
**Цсл. демонъ**
**L.** daemon, -onis, *f*

## Д-4 ДЕНИЦА

1. Светлоносец; име на демон кој бил удостоен со висока слава, но се возгордеал, сакајќи да стане бог, ја загубил светлината и станал темнина, кнез на мрачните демонски сили (*Ис.* 14. 12-15 и *Лк* 10.13). 2. Утринска ѕвезда.

С. Даница, Луцифер
**Р.** Люцифер, Денница
**E.** Lucifer
**F.** Lucifer
**D.** Luzifer *m*; Morgenstern *m*
Г. ἑωσφόρος, ὁ
**Цсл. денница**
**L.** Lucifer, *m*

## Д-5 ДЕОНТОЛОГИЈА

1. Наука за должностите. 2. Учење за лекарската етика, односно за моралното однесување на лекарите во сите постапки и облици на лекарската дејност.

С. деонтологија
**Р.** деонтология
**E.** deontology
**F.** déontologie *f*
**D.** Deontologie *f*; Pflichtenlehre *f*
Г. δέον, τό
**Цсл.**
**L.**

## Д-6 ДЕОНТОЛОШКИ (ДОКАЗ)

Доказ за постоење на Бога, наречен уште и морален доказ, кој смета дека е потреба на нашиот ум да претпостави постоење на Бога како основа на моралниот закон.

С. деонтолошки (доказ)
**Р.** деонтологическое (доказательство)
**E.** deontological (proof)
**F.** déontologique (preuve) *f*
**D.** Deontologischer Gottesbeweis
Г. δεον, τό
**Цсл.**
**L.**

## Д-7 ДЕТЕРМИНИЗАМ

Учење за одреденоста на човековото дејствување и сакање и нивната условеност од надворешни и внатрешни причини, мотиви и побуди, при што ни човековата волја не може да биде слободна, ами одредена и обусловена од тие причини и мотиви.

С. детерминизам
**Р.** детерминизм

E. determinism
F. déterminisme *m*
D. Determinismus *m*
Г.
**Цсл.**
L. determinismus (determinatio, -onis, *f*)

Д-8 **ДИДАХИ**

Првиот збор од подолгиот наслов на еден мошне значаен ранохристијански спис од крајот на првиот и почетокот на вториот век, кој содржи основни упатства од етички, литургиски и правен аспект за животот на првите христијански заедници. Полниот наслов на тој спис гласи: "Учење (Διδαχή) Господово до народите, пренесено од дванаесетте апостоли".

С. Дидахи
**Р.** Дидахи
**E.** Teaching of the Twelve Apostles; Didache
**F.** Didache *f*
**D.** Didaché *f*
Г. Διδαχή, ἡ
**Цсл.**
**L.**

Д-9 **ДИЕЦЕЗА**

Област, покраина, со која управува епископ (владика), бискуп или која е под негова јурисдикција. Во православната Црква почесто се употребува терминот епархија.

С. дијецеза
**Р.** епархия
**E.** diocese
**F.** diocèse *m*
**D.** Diözese *f*
Г. διοίκησις, ἐπαρχία, ἡ
**Цсл. епархїа**
**L.** diæcesis (dioecesis, *f*)

Д-10 **ДИЈАКОНИЈА**

Служење, мисија, помагање; добротворна установа, која работела под надзор на ѓаконите и ѓаконисите.

С. дијаконија
**Р.** диакония, служение
**E.** ministry, service
**F.** diaconie *f*
**D.** Diakonie *f*
Г. διακονία, ἡ
**Цсл. слꙋженїе**
**L.** diaconia (ministerium, -i, *n*)

Д-11 **ДИКИРИИ**

Свешник со две вкрстени свеќи (двосвешник), кој се употребува кога служи архијереј (владика), на архиерејска литургија. Двете свеќи ги симболизираат двете природи во Христа - Божјата и човечката.

С. дикирије
**Р.** дикири
**E.**
**F.** dikèrion *m* (chandelier à deux branches)
**D.** Zweikerzenhalter *m*
Г. δικήριον, τό
**Цсл. дикирии**
**L.** cereus bisulcus

Д-12 **ДИПТИХ**

1. Икона или слика во два дела, на две штици или две платна, која може да се склопува. 2. Книги, таблици или пергамент што се склопуваат, употребувани уште од апостолско време до денес во Црквата, а служат за испишување имиња на крстени, живи и умрени, заради споменување на св. Литургија.

С. диптих
**Р.** диптих
**E.** diptych
**F.** diptyque *m*
**D.** Diptychon *n*
Г. δίπτυχος, ὁ
**Цсл. диптихъ**
**L.** diptychum

Д-13 **ДИСКОС**

Чинија зацврстена на подножје, изработена на особен начин од благороден

метал. На дискосот е претставен Предвечниот Младенец Исус, а во круг се врежани зборовите: "Се Агнец Божијземљај грехи мира" (Ете Го Јагнето Божјо, Кое ги зема гревовите на светот). За време на Литургијата на дискосот се полага Св. Агнец и честички од други просфори, извадени во чест на Богородица, пророците, апостолите и сите свети, како и за спомен на живите и умрените. Во разни моменти од Литургијата, Дискосот ги симболизира пештерата и јаслите во кои се родил Исус Христос или пак гробот во кој било погребано телото на Спасителот на Светот.

С. дискос
**Р.** дискос
**E.** paten
**F.** patène *f*
**D.** Patene *f*
Г. δίσκος, ὁ
**Цсл. дискосъ**
**L.** discus

Д-14 **ДОБЛЕСТЕН**

Храбар, воинствен, мажествен, великодушен, украсен со сите добродетели: човек што храбро ги поднесува страдањата за својата вера: доблестен страдалец, доблестен богоугодник (*Сир*: 26. 2; 28. 18).

С. доблестан
**Р.** доблестный
**E.** manly, heroic
**F.** brave, viril
**D.** männlich
Г. ἀνδρεῖος,
**Цсл. доблєстьнъ; доблїи**
**L.** virilis, fortis

Д-15 **ДОБЛЕСТ**

Храброст, јунаштво, херојство, сила, крепост (II *Мак*. 6. 28; 7. 21).

С. врлина
**Р.** доблесть
**E.** manliness, courage
**F.** virilité *f*, courage *m*
**D.** Männlichkeit *f*
Г. ἀνδραγάθημα, τό
**Цсл. доблесть**
**L.** fortitudo, dinis, *f*; strenuitas, tatis, *f*

Д-16 **ДОБРОДЕТЕЛ**

Добра особина или дело. Трите најголеми христијански добродетели се: верата, надежта и љубовта. Љубовта е круна, венец на сите добродетели. Други добродетели: смирение, трпеливост, кроткост, гостољубивост, милостина, молитва, пост, прoштевање, трезвеност, целомудреност итн.

С. врлина
**Р.** добродетель
**E.** virtue
**F.** vertu *f*
**D.** Tugend *f*
Г. ἀρετή, ἡ
**Цсл. добродѣтель**
**L.** virtus, -utis, *f*

Д-17 **ДОГМА (ДОГМАТ)**

Богооткриени вистини на верата, кои се содржат во Св. откровение (Св. писмо и Св. предание), а ги чува и пренесува Црквата како неизменливи правила на спасението. Оттука произлегуваат и основните особини на догматите: богооткриеност, неизменливост, црковност и општозадолжителност. Тоа значи дека овие вистини се откриени од Бога, а не од луѓе, затоа се неизменливи; ги формулира, чува и пренесува Црквата и од живеењето според нив зависи спасението на секој христијанин, затоа се општозадолжителни.

С. догма, догмат
**Р.** догма, догмат
**E.** dogma
**F.** dogme *m*
**D.** Dogma *n*
Г. δόγμα, τό
**Цсл. догма**
**L.** dogma, *n*

Д-18 **ДОГМАТИК**

Црковна песна во чест на Богородица, во која се изложува догмата за Боговоплотувањето, односно раѓањето на Богочовекот Христос од Дева Марија, како и за соединувањето на двете природи во Христа - Божјата и човечката. Така се именуваат осумте песни од Осмогласникот, со кои завршуваат стихирите на "Господи воззвахъ" на Воскресната вечерна, односно вечерната што се служи спроти недела.

С. догматик
**Р.** догматик
**E.** dogmatist
**F.** dogmatique *f*
**D.** Dogmatikus *m*
Г. δογματικός, ὁ
**Цсл. догматикъ**
**L.** dogmatistes, *m,* dogmaticus

Д-19 **ДОГМАТИКА**

Наука за основните вистини на христијанската вера - догмите. Православната Црква се разликува од другите христијански вероисповеди - конфесии (римокатоличката и протестантската кои, исто така, имаат свои догматики), кои поинаку сфаќаат и толкуваат одделни догмати, па затоа својата догматика ја именува *православна.* Овој назив доаѓа од грчкиот збор ὀρθόδοξος кој е составен од зборовите ὀρθῶς = правилно, точно и δοκέω = мислам, верувам, па зборот ὀρθοδοξία значи правомислие правоверие, православие. Спротивно на ортодоксијата (православието) е хетеродоксијата (ἑτεροδοξία), која доаѓа од зборовите ἑτέρως = поинаку, и δοκέω, и значи: инославие, иномислие, иноверие. Хетеродоксни, инославни, неправославни се оние што неправилно мислат за верата и неправилно ја исповедаат. Според тоа, православната догматика е наука која системно и во духот на едната, света, соборна и апостолска Црква ги изложува, толкува и пренесува вистините (догмите) на христијанската вера.

С. догматика
**Р.** догматическое богословие, догматика
**E.** dogmatics
**F.** dogmatique *f*
**D.** Dogmatik *f*
Г. δογματική, ἡ
**Цсл. догматика**
**L.**

Д-20 **ДУХОВДЕН**

Црковен празник во спомен на слегувањето на Св. Дух на апостолите, педесет дена по Велигден, затоа овој празник се именува и *Педесетница.* Се именува и *Троичин ден* или *Света Троица*, поради тоа што, по слегувањето на Св. Дух, појасно ни се открива тајната на Света Троица, односно триипостасното и едносушно Божество на Оца, Сина и Светиот Дух.

С. Духовдан
**Р.** Пятидесятница
**E.** Pentecost; Whitsunday
**F.** Pentecôte *f*
**D.** Pfingsten *n*
Г. Πεντηκοστή, ἡ
**Цсл. пѧтдесѧтница**
**L.** pentecoste, *f*

Д-21 **ДУХОВНИК**

Свештено лице, кое има власт да опростува и да задржува гревови на оние што се кајат и исповедуваат, со силата на Христовите зборови (*Јн.* 20.23). Духовникот води грижа за оние што му ги довериле своите души, својот духовен раст. Тој се именува и *духовен отец* или *духовен татко.*

С. духовник
**Р.** духовник, духовный
**E.** clergyman, spiritual father
**F.** père *m* spirituel
**D.** Geistlicher *m*
Г. ἱερεύς, ὁ
**Цсл. дꙋховникъ**
**L.** sacerdos (clericus)

Д-22 **ДУХ (СВЕТИ)**

Третото лице или ипостас на Света, Едносушна, Животворна и Неразделна Тро-

ица. Светиот Дух предвечно исходи (произлегува) од Бог Отец (*Јн*. 15. 26), почива во Синот (*Рим*. 8. 9), а во светот се испраќа од Оца преку Синот (*Јн*. 15. 26). Он е вистински Бог (*Дела* 5.3,4), има една природа со Бог Отец од Кого произлегува. Како рамен по достоинство на Оца и Сина, Нему Му припаѓа исто поклонување и прославување со Нив (*Мт*. 28. 19). Св. Дух е едносуштен со Бог-Отец и Бог-Син (I *Јн*.5.7; *Јн*.10.30).

С. Дух Свети
**Р.** Дух Святы
**Е.** Holy Ghost; Holy Spirit
**F.** Espit Saint *m*
**D.** Geist (Heiliger) *m*
Г. Πνεύμα (ἅγιον), τό
**Цсл. д8хъ свѧтыи**
**L.** Spiritus Sanctus

Д-23 **ДУША**

Составен, конститутивен елемент на човековото битие. Според учењето на Св. писмо, човекот се состои од тело и душа (*Бит*. 2.7; *Мт*. 10.28). Душата го оживува телото, го одухотворува. Без неа телото се претвора во прав, затоа во Библијата таа често се именува и *дух живоӣен* или едноставно *дух*. Душата не произлегува од телото, туку својот извор го има во Бога и ја претставува онаа особена сила која правот го претвора во живо суштество. Целиот свет е создаден по таков редослед што Творецот при создавањето оди од пониските форми кон повисоките. Најнапред биле создадени неорганските тела, растенијата, потоа рибите и птиците, па животните и најпосле, како венец на сите твари, човекот. Душа имаат и животните. Но самата околност што човекот се јавува како последно и најсовршено создание Божјо, сведочи дека човековата душа, по своите својства, се разликува од душите на животните. Природите на животните биле создадени наеднаш, а душата и телото во човекот се создадени одвоено; притоа и самото создавање на душите кај животните и кај човекот е различно. Душите на животните се создадени од оние елементи што се содржат во самата материја, иако по создавањето тие претставувале нешто различно од неа (*Биӣ*. 1.20,24). Душата, пак, на човекот е создадена од Бога како нешто одделно, самостојно, карактеристично, кое во Св. писмо се именува и *дух живоӣен* (*Биӣ*. 2.7). Овој начин на создавање на душата човекова сведочи за тоа дека таа добила совршенства што ја доближуваат до Бога и ја прават сродна со Него. За разлика од животните, душата на човекот поседува такви лични својства, особини, што само човекот е создаден според образ Божји. Личните својства на душата се состојат во нејзиното единство, духовност и бесмртност, во способноста на разумот, слободата и дарот на говор. Душата е најскапоцено нешто во човекот. Затоа Господ Исус Христос вели: *Каква ӣолза има човекоӣ, ако целиоӣ свеӣ ѓо ӣридобие, а на душаӣа своја ӣ наӣакосӣи? Или каков оӣкуӣ ќе даде човек за својаӣа душа?* (*Мт*. 16.26).

С. душа
**Р.** душа
**Е.** soul
**F.** âme *f*
**D.** Seele *f*
Г. ψυχή, ή
**Цсл. д8ша**
**L.** anima, ae, *f*

# Ѓ

Ѓ-1 **ЃАВОЛ**

Клеветник, измамник, искушувач; еден на злите, лошите духови; родоначалник на гревот, преку кого и смртта влезе во светот. Г. И. Христос вели дека тој род (ѓаволски) може да се истера само со пост и молитва (*Мк*. 9. 29).

С. ђаво
**Р.** диавол, дьявол
**Е.** devil
**F.** diable *m*
**D.** Teufel *m*
Г. διάβολος, ὁ
**Цсл. дїаволъ**

**L.** diabolus, i, *m*

**Ѓ-2 ЃАКОН**

Првиот јерархиски чин во Црквата; служител, помошник на епископите и свештениците во извршувањето на нивната богослужбено-пастирска дејност. Во почетокот, првите седум ѓакони биле задолжени да служат крај заедничките трпези - агапи (*Дела* 6.1-2). Ѓакон не може самостојно да извршува ниту едно богослужение или молитвословие, а само со епископ или свештеник.

С. ђакон
**Р.** диакон, дьякон
**E.** deacon
**F.** diacre *m*
**D.** Diakon *m*
Г. διάκονος, ὁ
**Цсл.** дїаконъ
**L.** Diacon, -is, *n*; Diaconus, -i, *m*

**Ѓ-3 ЃАКОНИК**

Дел од олтарот десно од престолот (јужна апсида), во кој се чуваат богослужбени одежди и сосуди, како и сите предмети потребни за богослужението. Името доаѓа оттаму што за тој дел се грижат ѓаконите.

**С.** ђаконик
**Р.** сосудохранительница
**E.** sacristy
**F.** dakonikon *m*; sacristie *f*
**D.** Diakonikon *n*
Г. διακονικόν ; σκευοφιλάκιον, τό
**Цсл.** сосѹдохранительница
**L.** diaconikon

**Ѓ-4 ЃАКОНИСА**

Служба во Црквата, позната уште од времето на апостолите. Ѓаконисите биле избирани меѓу девојките, а подоцна и од вдовиците, како помошнички на клирот, преку посебно ракополагање што било придружено со молитва. Нивна обврска била да ги подготвуваат жените за крштевање, да им помагаат на свештениците при крштевањето на жените и потоа да водат сметка за нивното поведение, како и да се грижат за редот во храмот за време на богослужбите. Во 11 в. биле истиснати од монахињите кои ги презеле нивните обврски. Денес има размислувања за повторно воведување на чинот ѓакониса.

С. ђакониса
**Р.** диаконисса
**E.** deaconess
**F.** diaconesse *f*
**D.** Diakonisse *f*
Г. διακόνισσα, ἡ
**Цсл.** дїакониса
**L.** diaconissa

# Е

**Е-1 ЕВАНГЕЛИЕ**

Блага, радосна вест. Така се именуваат првите четири книги од Новиот завет, напишани од Христовите ученици - апостолите Матеј, Марко, Лука и Јован. Во нив е изложен дел од учењето на овоплотениот Син Божји, Г. И. Христос.

С. јеванђеље
**Р.** евангелие
**E.** gospel
**F.** évangile *m*
**D.** Evangelium *n*
Г. εὐαγγέλιον, τό
**Цсл.** евангелїе
**L.** Evangelium

**Е-2 ЕВАНГЕЛИСТ**

1. Писател на Евангелие. Така се именувани Матеј, Марко, Лука и Јован, авторите на четирите Евангелија. 2. Посебна должност во Црквата - евангелисти, чија задача во прво време била проповедта на Евангелието среде Јудеите и незнабошците.

С. јеванђелист

**Р.** евангелист
**E.** evangelist
**F.** évangéliste *m*
**D.** Evangelist *m*
Г. εὐαγγελιστής, ὁ
**Цсл.** **евггелистъ**
**L.** evangelista, *m*

Е-3 **ЕВХАРИСТИЈА**

Буквално значи "благодарење". Така се именува принесувањето на големата жртва на Телото и на Крвта Христова, која се извршува на Божествената Литургија; назив и за самата Литургија, на која лебот и виното се претвораат во Тело и Крв на Христа - Синот Божји; така се именува и Причесната. Всушност, целата Литургија е едно долго благодарење (на грчки "евхаристија" за сè она што Бог Отец направил за нас, преку Својот овоплотен Син - Исус Христос, преку Светиот Дух. Евхаристијата, како света тајна, ја установил Господ Исус Христос на Тајната вечера - последната вечера што ја имал со Своите ученици, непосредно пред Неговите страдања и крсна смрт (на Велики Четврток), кога зел леб во Своите раце и, откако заблагодарил, го прекршил и им дал на Своите ученици, велејќи: "Земете, јадете, ова е Моето тело, кое се прекршува за вас за опростување на гревовите". А кога ја зеде чашата со вино, рече: "Пијте од неа сите, ова е крвта Моја на Новиот завет, која се пролева за вас и за мнозина, за опростување на гревовите". И, на крајот, ја дал заповедта: "Ова правете го за Мој спомен". Значи, во Евхаристиската Литургија нè допира сето она што Христос го направил, го прави, и ќе го прави за нас. Таа е вистинското место за нашата средба е единство со Него и меѓу нас - Неговата Црква - верниците христијани.

В. Литургија.

**С.** Еухаристија
**Р.** Евхаристия
**E.** Eucharist
**F.** Eucharistie *f*
**D.** Eucharistie *f*
Г. εὐχαριστία, ἡ
**Цсл.** **Благодарствїе**
**L.** Eucharistia

Е-4 **ЕГЗАПОСТИЛАР**

Црковна песна чија содржина е врзана за јавувањата на воскреснатиот Спасител Христос на апостолите и на други луѓе, и нивното испраќање (< ἀποστέλω - испраќа) во светот да ја проповедаат радосната вест за воскресението. Има 11 егзапостилари, колку што има и воскресни евангелија, според бројот на запишаните јавувања Христови по воскреснувањето.

С. егзапостилар
**Р.** екзапостиларий, ексапостиларий
**E.** exapostilarion
**F.** exapostilaire *m*
**D.**
Г. ἐξαποστιλάριον, τό
**Цсл.** **ексапостїларїи**
**L.** exapostilarion

Е-5 **ЕГЗАРХ**

Епископ кому еден патријарх му отстапува дел од своите права како негов заменик, духовен управител на некоја поголема област.

С. егзарх
**Р.** экзарх
**E.** exarch
**F.** exarque *m*
**D.** Exarch *m*
Г. ἔξαρχος, ὁ
**Цсл.** **екзархъ**
**L.** exarchus

Е-6 **ЕГЗАРХИЈА**

Самостојна национална Црква, којашто ја управува егзарх.

С. егзархија
**Р.** экзархат
**E.** exarchate
**F.** exarchat *m*
**D.** Exarchat *n*

Г. ἐξαρχία, ἡ
**Цсл.** екзархїа
**L.** exarchia

## Е-7 ЕГЗЕГЕЗА

Богословска наука која се занимава со објаснување, толкување на Библијата, особено на тешко разбирливите места.

С. егзегетика
**Р.** екзегетика, герменевтика
**E.** exegesis
**F.** exégèse *f*
**D.** Exegese *f*
Г. ἐξήγησις, ἡ
**Цсл.** толкованїе
**L.** explicatio; interpretatio, -onis, *f*

## Е-8 ЕГОИЗАМ

Себичност, самољубивост, саможивост; претерана приврзаност кон самиот себе, од што произлегува барање на исклучиво сопствени задоволства и личен интерес. Егоизмот е спротивен на христијанската љубов кон Бога и кон ближните.

С. егоизам
**Р.** эгоизм
**E.** egoism
**F.** égoïsme *m*
**D.** Egoismus *m*
Г. ἐγωϊσμός, ὁ; φιλαυτία, ἡ
**Цсл.** самолюбїе
**L.** egoismus

## Е-9 ЕДИНОРОДЕН

Единствен син. Исус Христос е единствениот (Единороден) Син Божји, роден од Отецот пред сите векови, а заради нас луѓето и заради нашето спасение се овоплоти, вочовечи (стана човек) од Светиот Дух и од Марија Дева (Символ на верата).

С. јединородан
**Р.** единородный
**E.** only begotten; monogenous
**F.** monogène; fils *m* unique
**D.** Einziggeboren
Г. μονογενής
**Цсл.** единородный
**L.** Unigenitus

## Е-10 ЕКЛИСИОЛОГИЈА

Дел од догматиката кој се занимава со проучување на Црквата (ἐκκλησία).

С. еклисиологија
**Р.** екклесиология
**E.** ecclesiology
**F.** ecclésiologie *f*
**D.** Kirchenlehre *f*
Г. ἐκκλησιολογία, ἡ
**Цсл.** екклисїологїа
**L.** eclesiologia

## Е-11 ЕКСОРЦИСТ (-И)

Заколнувачи - црковнослужители во ранохристијанската Црква, кои се грижеле за ***енергумените***, односно за оние што имале зли духови - демоноопседнатите. Моќта за лекување на енергумени и за истерување зли духови од нив, во почетокот бил вонреден дар на Светиот Дух, којшто го имале не само луѓе од посебен црковен сталеж туку и мирјани (лаици). Подоцна, кога овој дар почнал да исчезнува (крај на 3 век), службата на ексорцистите е давана на посебни црковни служители. Денес оваа служба ја вршат свештениците, а чинот за истерување зли духови му претходи на чинот на крштевањето.

**С.** ексорцист
**Р.** заклинатель
**E.** exorcist
**F.** exorciste *m*
**D.** Exorzist *m*
Г. ἐξορκιστής, ὁ
**Цсл.** заклинатель
**L.** exorcista

## Е-12 ЕКТЕНИЈА

Продолжена, срдечна молитва со низа барања за духовните и материјалните

потреби на христијанскиот живот. По секое барање (просба), народот, односно хорот одговара со припев: Господи помилуј, Подај Господи или, на крајот, Тебе Господи. Ектениите, практично, ги среќаваме во сите богослужби. Еве ги најважните: Големата или Мирна ектенија, која започнува со **Миромъ Господ8 помолимсѧ** (во мир да се помолиме на Господа). Малата ектенија, која често се повторува, е сведена на првите и последните прозби од Големата ектенија. Таа започнува со **Паки и паки миромъ Господ8 помолимсѧ** (пак и пак во мир да се помолиме на Господа). Сугубата ектенија започнува со **Рцемъ вси**... или со **Помил8й насъ Боже**... Другите просби од оваа ектенија започнуваат со **Еще молимсѧ**... (уште се молиме...). На оваа ектенија народот одговара трипати *Госйоди йомилуј*. И - Просбената ектенија, чии просби, на крајот, завршуваат со - **оу Господа просимъ** (просиме од Господа). Народот одговара *Подај Госйоди*. На овие можат да се додадат уште и ектениите за *уйокоени* и за *оїласениійе*.

С. јектенија
**Р.** эктения
**E.** litany; supplication
**F.** litanie *f*
**D.** Fürbitte *f*
Г. ἐκτενή, ἡ
**Цсл. ектеніѧ**
**L.** litania, *f*

Е-13 **ЕЛЕОСВЕШТЕНИЕ – МАСЛОСВЕТ**

Св. тајна во која, преку помазување на одредени делови од телото со осветен елеј (масло), на тешко болен христијанин му се дава благодатта Божја која ги лекува душевните, а понекогаш и телесните болести. Јасно учење за ова наоѓаме во посланието на ап. Јаков, во кое тој вели: "Болен ли е некој меѓу вас, нека ги повика црковните презвитери (свештеници) и нека се помолат над него, и нека го помазат со елеј во името Господово. И молитвата на верата ќе му помогне на болниот и ќе го подигне Господ, ако и гревови направил, ќе му се простат" (*Јак* 5.14 и 15). Оваа св. тајна ја извршуваат седум свештеници, а, ако нема, може и еден.

С. јелеосвећење
**Р.** елеосвящение
**E.** unction
**F.** onction *f*
**D.** Ölsegnung *f*
Г. εὐχέλαιον, τό
**Цсл. елеосвѧщеніе**
**L.** unctio, -onis, *f*

Е-14 **ЕНЕРГУМЕН (-И)**

Демонопоседнат - оној што има зли духови (демони). Моќта за истерување зли духови - демони во древната Црква била вонреден дар на Светиот Дух, што го имале не само црковните лица туку и мирјаните (лаиците). Грижата за енергумените им била доверена на т.н. ексорцисти - истерувачи на демони.

В. Ексорцисти.

**С.** енергумен
**Р.** енергумен
**E.**
**F.** energoumène *m*
**D.** Energumenon
Г. ἐνεργουμένος, ὁ
**Цсл. енерг8менъ**
**L.** energumenus, -i, *m*

Е-15 **ЕНОРИЈА (ПАРОХИЈА)**

Област, предел, населено место што се наоѓа под црковна управа и одговорност на еден свештеник - парох, а има барем една своја црква. Во јазикот на св. Климент Охридски со овој термин е означена и поголема област - епархија, со која управува епископ.

С. нурија, парохија
**Р.** приход
**E.** district; parish
**F.** paroisse *f*
**D.** Kirchengemeinde *f*
Г. ἐνορία, ἡ, παροχία, ἡ
**Цсл. еноріа, парохіа**
**L.** parochia, -ae, *f*

E-16 **ЕПАРХИЈА**

До IV век - административна единица во грчко-римската империја, управувана од епарх, која влегувала во состав на диецезата на една од четирите префектури. Од тоа време епархијата станала и црковен округ под власта на архијереј.

С. епархија
**Р.** епархия
**E.** eparchy diocese; province
**F.** diocèse *m*
**D.** Bistum *n*; Eparchie *f*
Г. ἐπαρχία, ἡ
**Цсл. епархїа**
**L.** diæcesis (diocesis, -eos, *f*)

E-17 **ЕПИКЛЕЗА**

Призив, повикување - литургиска молитва со која свештенослужителот Го призива (повикува) Светиот Дух, лебот и виното да ги претвори во тело и крв Христови (св. Причесна).

С. епиклеза
**Р.** епиклеза
**E.** invocation; epiclesis
**F.** épiclèse *f*
**D.** Epiklese *f*
Г. ἐπίκλησις, ἡ
**Цсл. епиклеза**
**L.** invocatio, -onis, *f*

E-18 **ЕПИСКОП**

Надзорник, надгледувач; највисок јерархиски чин во Црквата, бидејќи е наследник (преемник) на Апостолите и ја има полнотата на свештената благодат. Епископот е врховен старешина на свештениците и верниците и главен учител на верата и моралот. Нему му припаѓа првенство во извршувањето на богослуженијата и св. тајни. Само тој има право да ракополага свештеници и ѓакони и да осветува миро и антиминс. Врховен е старешина во една определена област - епархија. Преку него се одржува единството во Црквата.

С. епископ
**Р.** епископ
**E.** bishop
**F.** évêque *m*
**D.** Bischof *m*
Г. ἐπίσκοπος, ὁ
**Цсл. епископъ**
**L.** episcopus, *m*

E-19 **ЕПИТИМИЈА**

Црковна поправна мерка, забрана, казна што епископ му ја наложува на свештеник поради неисполнување на своите обврски или поради некој престап. Поправна мерка што свештеник (духовник) му ја наложува на мирјанин (верник), заради ослободување од некој порок, страст или грев. На пр., на среброљупците им се препорачува давање милостина; на оние што прејадуваат - пост и сл.

С. епитимија
**Р.** епитимия
**E.** punishment
**F.** peine *f*; chatiment *m*
**D.** Bestrafung *f*
Г. ἐπιτίμιον, τό; ἐπιτίμια, τά, *pl.*
**Цсл. епитимиа**
**L.** poena, penitentia (punitio, -onis, *f*)

E-20 **ЕПИТРАХИЛ**

Одежда што свештеникот ја става околу вратот (од ἐπί - на, и τράχηλος - врат) и која се спушта напред до нозете. Го означува бремето Христово што го прима свештеникот, потоа благодатта на Св. Дух, која се излева како миро на свештеникот (*Пс.* 132.2) и потсетува на врските со кои бил врзан Христос околу вратот, кога е воден од првосвештеникот кон Пилата. Без епитрахил свештеник не може да изврши ниедно богослужение или обред.

С. епитрахил
**Р.** епитрахиль
**E.** stole; epitrakhelion
**F.** étole *f*; epitrakhèlion
**D.** Stola *f*; Epitrachelion *n*
Г. ἐπιτραχήλιον, τό
**Цсл. епїтрахиль**

**L.** stola

E-21 **ЕРЕС**

Погрешно, искривено учење, спротивно на учењето на Црквата, на православната догма.

С. јерес
**Р.** ересь
**Е.** heresy
**F.** hérésie *f*
**D.** Häresie *f*; Ketzerei *f*
Г. αἵρεσις, ἡ
**Цсл. ересь**
**L.** hæresis (haeresis, -eos *f*)

E-22 **ЕРЕТИК**

Творец, последовател на ерес. Таквите Црквата ги осудува и отстранува од својата заедница.

С. јеретик
**Р.** еретик
**Е.** heretic
**F.** hérétique *m*
**D.** Häretiker *m*; Ketzer *m*
Г. αἱρετικός, ὁ
**Цсл. еретикъ**
**L.** hæreticus, ii, *m*

E-23 **ЕСХАТОЛОГИЈА**

Наука за задгробниот живот, за настаните што ќе се случат при второто Христово пришествие (доаѓање); крајот на овој свет и неговата преобразба; за воскресението на мртвите и за животот во идниот век.

С. есхатологија
**Р.** эсхатология
**Е.** eschatology
**F.** eschatologie *f*
**D.** Eschatologie *f*
Г. ἐσχατολογία, ἡ
**Цсл. есхатологїа**
**L.** eschatologia, -ae, *f*

E-24 **ЕТИКА**

Наука за моралот. Христијанската етика го содржи Христовото учење за односот на човекот кон Бога и кон луѓето.

С. етика
**Р.** этика
**Е.** ethics, morals
**F.** éthique *f*, morale *f*
**D.** Ethik *f*
Г. ἠθική, ἡ
**Цсл. нравоученїе**
**L.** ethice, -es, *f*

# Ж

Ж-1 **ЖЕЗОЛ**

Стап, палица - симбол на духовна власт и сила. Во Стариот завет: жезол Аронов, Мојсеев. Древните христијански фрески и икони Спасителот Христос Го претставуваат како Добар Пастир со жезол в рака. Така се претставувани и апостолите Петар и Павле. Како наследници на таа духовна власт, жезолот од апостолите минал на нивните преемници (наследници) - епископите. Архиерејскиот (епископскиот) жезол има особено устројство: имено, на врвот се разделуваат две змиевидни глави со крст на средината, украсен со четвороаголно платно, наречено сулок. Според св. Симеон Солунски, жезолот што го држи архијерејот ја означува власта на Св. Дух, утврдување и пасење на духовното стадо, сила да води по правиот пат, непокорните да ги накажува, а распрсканите да ги собира. Змијовидната глава ја означува мудроста на архипастирската власт, а крстот - дека, во името на Христа и во Негова слава, архијерејот е должен да ја пасе својата паства. Не без причина, кај Грците (а и кај нас) жезолот се именува патерица, во знак на татковското раководење на паствата.

**С.** жезао; жезло
**Р.** жезл
**Е.** stick, staff; scepter

**F.** sceptre *m*
**D.** Zepter n; Bischofsstab *m*
Г. ῥάβδος, ἡ, πατερίτσα, ἡ
**Цсл. жезль**
**L.** sceptrum, i, *n*

## Ж-2 ЖИВОТ (ВЕЧЕН)

Земниот живот, разгледуван надвор од неговата врска со идниот, задгробен живот, е распаѓање (*Рим.* 8. 21). Вечниот, пак, живот го добиваме преку Христа; но, до Неговото јавување, "ние бевме мртви и нашиот живот беше сокриен со Христа во Бога. А кога ќе се јави Христос, нашиот живот, тогаш и ние ќе се јавиме со него во слава" (*Колос.* 3.3-4). Ова сфаќање за вечниот живот е развиено кај апостол Павле и кај други новозаветни писатели, а се среќава и кај многу црковни отци.

Втората гледна точка за сфаќањето на вечниот живот подробно е развиена кај св. ап. Јован Богослов. Тој Му припаѓа само на Бога, Кој единствен има живот во Себе (*Јн.* 5.26; 6.57,69). Затоа, колку сме ние поблизу до Бога, толку е поцелосен и посовршен нашиот живот, толку сме поблизу до изворот на вечниот живот (*Јн.* 6.33,59), бидејќи во Бога се сите живи (*Лк.* 24.5). Оттука, општењето со Бога е основниот услов за вечен живот, а сите други услови за него ќе се јават сами по себе (*Мт.* 22.29-32). Но, грешното човештво може да има општење со Бога само преку својот Искупител, Кому Му е дадено да има живот во Себе (*Јн.* 5.26; 6.57). Затоа вечен живот има само оној што има општење со Него (I *Јн.* 1.1-3), кој останува во Него, кој го јаде Неговото тело и ја пие Неговата крв (*Јн.* 6.51,53-36), кој ги слуша Неговите зборови (6.68), кој ги исполнува дадените преку Него заповеди на Отецот (15.20). Па така, бидејќи општење со Бога, преку Христа, имаме уште во овој земен живот, тогаш терминот *живот (вечен)* се однесува не само на задгробниот, туку и на сегашниот, временен живот (*Јн.* 6.40; 20.31). "Оној што верува во Синот има живот вечен" (*Јн.* 3.36). "Ние знаеме дека сме преминале од смртта во живот" (I *Јн.* 3.11). Вечниот живот се наоѓа и пред воскресението на мртвите (*Јн.* 6, 54), со нашето усовршување и приближување до Бога. На тој начин земниот живот и задгробниот, во претставата за вечниот живот, како да се соединуваат меѓу себе нераскинливо. Овој втор поглед на вечниот живот, како совршен, христијански живот, врз основа на искажувањата на ап. Јован, подробно го развил Климент Александриски, кој учел дека вистинскиот христијански живот е вечниот живот и тој започнува со самото крштение.

С. живот (вечан)
**Р.** жизнь во Христе (вечная)
**Е.** life (eternal)
**F.** vie *f* (éternelle)
**D.** Leben *n* (ewiges)
Г. ζωή, ἡ (αἰωνία)
**Цсл. жизнь вѣчнаѧ**
**L.** vita, -ae, *f* (æterna)

## Ж-3 ЖИТИЕ

Биографија, хагиографија, опис на животниот пат на светител.

С. житије
**Р.** житие
**Е.** hagiography; the lives of the saints
**F.** biographie *f*
**D.** Hagiographie *f*
Г. ἁγιογραφία, ἡ
**Цсл. житїє**
**L.** vita, *f* (sanctorum)

## Ж-4 ЖРТВА

Дар, принос на Бога во знак на благодарност или барање за помош. Жртва имало кај сите народи. Таа сведочи за ништожноста на човекот и неговата зависност од Више суштество. Од друга страна, таа претставува еден од облиците на молитвен однос кон Бога, една од надворешните појави на внатрешната врска со Бога. Високото значење на жртвата е раскриено во Библијата. Паганските жртви често биле придружени со пролевање крв; на жртва биле принесувани луѓе; родителите ги принесувале на жртва своите деца, господарите - своите робови итн. Првите жртви што се спомнуваат во Библијата биле: онаа на

Каин (од земните плодови) и на Авел (од стадата). Мојсеј ги распоредил жртвите на пет видови, а правилата за нив се изложени во книгата Левитска: 1. Жртва сепаленица, 2. жртва за грев, жртва за престап, 4. жртва за мир и 5. жртва бескрвна. За време на пророците, сфаќањето за жртвата се проширило и се продлабочило. Смислата на жртвата се гледала не во принесување животни и плодови земни, туку во принесување на Бога чисто срце. Најпосле, старозаветните жртви треба да се гледаат како праобраз, праслика на големата жртва Христова за искупување на гревовите на целиот свет и за негово спасение. Во Православната Црква, на секоја Литургија се принесува бескрвна жртва - леб и вино кои, по призивот на Светиот Дух (епиклезата) , се претвараат во тело и крв на Спасителот Христос. Тоа е она што се именува Света Причесна.

Кај нас, во некои делови од Македонија, за време турското ропство и под влијание на исламот, повторно се воведени крвните жртви - курбани, што претставува најтешка, најгруба навреда и негација на Христовата жртва на крстот, а оние што го прават тоа и оние што го благословуваат и учествуваат во тоа не заслужуваат да се наречат христијани, а најмалку православни.

С. жртва
**Р.** жертва
**E.** sacrifice
**F.** sacrifice *m*
**D.** Opfer *n*
Г. θυσία, ἡ
**Цсл.** жертва
**L.** sacrificium, *n*

## Ж-5 **ЖРТВЕНИК**

Место за принесување жртва - маса и сл.; место во олтарот за принесување бескрвна жртва; понекогаш така се именува и целиот олтар.

С. жртвеник
**Р.** жертвенник
**E.** altar, sanctuary
**F.** autel *m*; sanctuaire *m*
**D.** Altar *m*
Г. θυσιαστήριον, τό
**Цсл. жертвенникъ**
**L.** altare (altaria, -ium, *npl*, altar, is, *n*)

# З

## З-1 ЗАВЕТ (СТАР И НОВ)

Првично означува договор, сојуз меѓу две страни, поединци или народи; претсмртно завештание или тестамент; закон.

Во библиска смисла означува сојуз на Бога со луѓето, поединечно и со целиот народ израилски, како чувар на верата во едниот Бог, при што Бог води грижа за народот, а овој се обврзува на послушност кон Божјите заповеди. Првиот завет е склучен уште во рајот. И по падот Бог промислува за луѓето и го обновува Својот завет со Мојсеја, Ноја и со други богоизбрани личности.

Стариот завет ги опфаќа книгите од Библијата (Св. писмо на Стариот завет), напишани од Мојсеја и пророците, во кои е опишан стариот Сојуз на Бога со луѓето, законот за животот на избраниот народ Божји и пророштвата за неговата судбина и за доаѓањето на Спасителот (Месијата - Христос).

Новиот завет го означува новиот сојуз на Бога со луѓето, а започнува со раѓањето на Спасителот на светот. Новиот завет е склучен и запечатен со Христовата крв, пролеана на крстот за спасение на светот. На Тајната вечера (последната Христова вечера со учениците), благословувајќи ја чашата со вино, Христос рече: "Пијте од неа сите, ова е крвта Моја на Новиот завет, која се пролева за мнозина, за опростување на гревовите" (*Мт.* 26.28).

С. завет (стари и нови)
**Р.** завет (старый и новый)
**E.** Testament (Old and New)
**F.** Testament (Ancien et Nouveau) *m*
**D.** Testament (Altes und Neues) *n*
Г. διαθήκη, ἡ (παλαῖα καὶ νέα или καινή)
**Цсл. ҁавѣтъ ветхїи и новыи**

**L.** Testamentum (vetus et novus)

### З-2 **ЗАТВОРНИК**

Подвижник, аскет, монах, испосник, кој својот живот го минува доброволно повлечен во својата ќелија (соба) или во некоја пештера - испосница, без да ја напушти никогаш. На пр. св. Теофан Затворник (Говоров), епископ на градот Владимир во Русија, автор на духовни творби (19 век).

**С.** затворник
**Р.** затворник
**Е.** recluse; incluse
**F.** reclus *m*
**D.** Enkleistos
Г. ἔνκλειστος, ὁ
**Цсл. затворникъ**
**L.** enclistus

### З-3 **ЗАЧАЛО**

Назив за одломки (делови), на кои се поделени Евангелието и Апостолот за читање на богослужбите. Такви зачала Евангелието по Матеј има 116, по Марко - 71, по Лука - 114 и по Јован - 67, а Апостолот - 335. Секое зачало претставува една целина од некој пастан.

С. зачало
**Р.** зачало
**Е.** passage; pericope
**F.** péricope *m*
**D.** Perikope *f*
Г. περικοπή, ἡ
**Цсл. ʒачало**
**L.** pericopa (lectio, -onis, *f*)

### З-4 **ЗЛАТОСТРУЈ**

Зборник на избрани текстови од делата на св. Јован Златоуст, составен, веројатно, од Теодор Дафнопат, а преведен на ст.цсл. на наш терен во 9 век, потоа е пренесен и во Русија. Наменет е за приватна употреба, а не за литургиска.

**С.** златоструј
**Р.** златоструй
**Е.**
**F.**
**D.**
Г.
**Цсл. златострꙋй**
**L.**

### З-5 **ЗЛАТОУСТ**

Епитет кој особено му се придава на името на св. Јован Златоуст (347-407), архиепископ на градот Константинопол (Цариград), поради неговата елоквенција - говорнички дар. Тој е еден од најпознатите Отци на Црквата Христова, пастир, проповедник и писател. Покрај многубројните творби, автор е и на т.н. Златоустова Литургија; зборник од избрани текстови од делата на св. Јован Златоуст, или компилација од други автори под негово име.

**С.** Златоуст
**Р.** Златоуст, златоустый
**Е.** Chrysostom
**F.** Chrisostome
**D.** Chrisostomus *m*
Г. Χρυσόστομος, ὁ
**Цсл. Златоꙋстъ**
**L.** Chrisostomus

### З-6 **ЗЛО**

Појава спротивна на доброто, негација на доброто. Според христијанското учење вистинскиот пат за распознавање на доброто од злото можно е да се најде само во Св. писмо и кај христијанските мислители. Во почетокот на Библијата под добро се подразбира сето она што своето битие го добива од Бога (*Битие* 1.4,8,10 и др.). Злото, како противење на доброто, нема свое битие и не е од Бога. Тоа (злото) е дело на раслабената од гревот човекова волја, поттикнувана од една надворешна волја (онаа на ѓаволот). Злото во својата суштина е морално, а физичкото зло - болести, разурнувања итн. - е последица на моралното, етичкото зло.

С. зло
**Р.** зло
**Е.** evil, malice

**F.** mal *m*
**D.** Böse *m*
Г. κακία, ἡ, πονηρία, ἡ
**Цсл.** зло
**L.** malum, -i, *n*

# И

## И-1 **ИГУМЕН**

Управител, раководител, старешина на манастир.

С. игуман
**Р.** игумен
**Е.** superior; abbot
**F.** abbé *m*
**D.** Abate *m*
Г. ἡγούμενος, ὁ
**Цсл.** игѹменъ
**L.** abbas, atis, *m*

## И-2 **ИДОЛ**

Предмет или нешто друго на што човекот му оддава почит, му служи, му се поклонува како на божество; човечка предрасуда, заблуда што тој ја смета за вистина.

С. идол
**Р.** идол
**Е.** idol
**F.** idole *f*
**D.** Götze *m*; Idol *n*
Г. εἴδωλον, τό
**Цсл.** идолъ
**L.** idolum, -i, *n* (effigies, -ei, *f*)

## И-3 **ИДОЛОПОКЛОНИК**

Човек што се поклонува, служи на идол(и), на лажни богови.

С. идолопоклоник
**Р.** идолопоклонник
**Е.** idolater
**F.** idolâtre
**D.** Götzenverrehrer *m*; Götzendiener *m*
Г. εἰδωλολάτρης, ὁ
**Цсл.** идолопоклоникъ
**L.** idolatres, -ae, *f*

## И-4 **ИЗБОРНИК**

Зборник составен од извадоци од библиски текстови, од св. Отци, од апокрифи, итн., кои овие текстови ги прават подостапни до читателите; зборници, инспирирани, главно, од Библијата и од св. Отци. На пр.: Изборниците на кнез Свјатослав (1073 и 1076) во Русија; извадоци само од св. Отци, преведени од грчки јазик.

**С.** изборник
**Р.** изборник
**Е.** collection
**F.** recueil *m*
**D.** Kollection *f*
Г. πρόκριτος, ὁ
**Цсл.** изборникъ
**L.** collectio, -onis, *f*

## И-5 **ИЗМАРАГД**

Особен вид зборник, сличен на златоструите и изборниците, распространет во древната руска литература во 14 век, кои содржат избрани текстови од дела на св. Оци и др. В. Изборник. Златоструј; скапоцен камен во зелена боја.

**С.** измарагд
**Р.** измарагд
**Е.** emerald
**F.** émeraude *m*
**D.** Smaragdus *m*
Г. σμάραγδος, ὁ
**Цсл.** исмарагдъ
**L.** smaragdus

## И-6 **ИЗОБРАЗИТЕЛНА (ОБЕДНИЦА)**

Вид богослужение, поместено во Часословот по службата на шести час, кое се извршува наместо Литургија кога таа не се

служи, или се соединува со Литургијата кога таа се служи. Овој назив му е даден на овој чин затоа што тоа е еден вид изображение, подобие, образ, слика на Божествената Литургија, кога таа поради нешто не се служи.

С. изобразителна
**Р.** изобраительны
**Е.**
**F.** Typiques
**D.**
Г. τυπικά
**Цсл. изωбразителны, ωбѣдница**
**L.** typica

## И-7 **ИКОНА**

Слика, портрет, изображение на ликот на Г. И. Христа, Богородица, апостолите и на сите Божји угодници, насликани на дрво или на платно, со цел да овозможи духовно општење со претставениот лик (архитипот). Иконопочитувањето води потекло уште од почетокот на христијанството. За прва икона се смета ликот Христов, отпечатен на една крпа за лице - платно, наречен "неракотворен образ", според преданието испратен до едескиот цар Авгар. Прв иконописец бил ап. Лука кој сликал икони на Богородица. Во првите векови иконите биле малку распространети, поради гонењата на христијаните; затоа повеќе биле во употреба особени символички знаци (пастир, риба, јагне, кораб и сл.). Иконата се темели врз фактот на Богооволплотувањето.

С. икона
**Р.** икона
**Е.** icon
**F.** icône *f*
**D.** Ikone *f*
Г. εἰκών, ἡ, *acc.* εἰκόνα
**Цсл. икона**
**L.** imago (icon, -onis, *f*)

## И-8 **ИКОНОКЛАСТ**

Иконоборец, кршач, уништувач, противник на светите икони во Црквата.

С. иконокласт, иконоборац
**Р.** иконоборец
**Е.** iconoclast
**F.** iconoclaste *m*
**D.** Ikonoklast *m*
Г. εἰκονοκλάστης, ὁ
**Цсл. иконоборець**
**L.** imagines oppugnans

## И-9 **ИКОНОМАХИЈА**

Ерес во VIII и IX век, која се состоела во непризнавањето, непочитувањето и уништувањето на иконите. Осудена е на Седмиот вселенски собор во Никеја во 787 г.

С. иконоборство
**Р.** иконоборчество
**Е.** iconoclasm
**F.** iconoclasme *m*; iconoclastie *f*
**D.** Ikonenmahlen *n*; Ikonoklasmus *m*
Г. εἰκονομαχία, ἡ
**Цсл. иконоборство**
**L.** ikonoclastia

## И-10 **ИКОНОМИЈА**

Раководење, управување дом и сл. Под Божја икономија или домострој се подразбира грижата, промислата Божја околу создавањето на светот и човекот и нивното насочување кон крајната цел, преку овоплотувањето на Синот Божји, Господ Исус Христос; Неговото искупително дело преку крсната смрт, воскресението, вознесението, испраќањето на Св. Дух и Неговото дејство во Црквата - сè до Второто Христово пришествие (доаѓање) и Последниот, Општ или Страшен суд.

С. домострој
**Р.** домострой
**Е.** economy
**F.** économie *f*
**D.** Ökonomie *f*
Г. οἰκονομία, ἡ
**Цсл. домостроительство**
**L.** oeconomia, ae, *f*

И-11 **ИКОНОСТАС**

Преграда што го одделува олтарот од средниот дел на храмот, украсена со икони, поместени во неколку реда. Во првиот ред, десно од Царските двери, стои иконата на Спасителот Христос. До него е иконата на св. Јован Крстител и други икони, по желба на градителот. Од левата страна, на прво место е иконата на Божјата Мајка, потоа на храмот. На другите врати - северната и јужната - се ставаат икони на ангелите, имено: на северната - херувим со пламенен меч; на јужната - архангел Гавриил или некој ѓакон (обично архиѓакон Стефан). Вториот ред обично е резервиран за големите христијански празници; третиот ред - за апостолите, и четвртиот - за пророците. На врвот од иконостасот стои крст.

С. иконостас
**Р.** иконостас
**Е.** iconostasis
**F.** iconostase *f*
**D.** Ikonostasis *f*
Г. εἰκονόστασις, ἡ
**Цсл. иконостасъ**
**L.** ikconostasium

И-12 **ИКОС**

Црковна песна во која се прославува некој светител или празничен настан. Во Октоихот, Минеите и Триодите се наоѓа по шестата песна од канонот. Икосите, заедно со кондаците, го сочинуваат Акатистот. Разликата меѓу икосот и кондакот е таа што кондакот е покус, а икосот е подолг; кондакот е темата, а икосот - нејзино развивање. Икосите го добиле своето име (οἶκος - дом) затоа што биле пеани по домовите, каде што ги минувал ноќите во молитва преподобен Роман Слаткопеец, првиот составувач на икоси (според св. Марко Ефески).

С. икос
**Р.** икос
**Е.**
**F.** oikos *m*
**D.** oikos
Г. οἶκος, ὁ
**Цсл. икосъ**
**L.** hymni genus

И-13 **ИЛИТОН**

Четириаголно платно од тенок ленен или свилен материјал, кое се става на Св. престол во олтарот, а служи за завиткување на антиминсот. Илитонот го симболизира платното или крпата во која била завиткана главата на Г. Исус Христос кога бил погребен, во која Го виделе Апостолите по воскресението (*Јн*.20.7).

**С.** илитон
**Р.** илитон
**Е.** corporal
**F.** eilèton *m*; corporal *m*
**D.** Corporale *m*
Г. εἰλητόν, τό
**Цсл. илитонъ**
**L.** corporale

И-14 **ИНДИКТ**

Назначување, налог; римски назив за први септември. Во грчките и во славјанските Чети-Минеи, под 1-ви септември стои: "**Начало индикта, сирѣчь новагѡ лѣта**" - Почеток на индиктот или на Нова година. Индикт означува период или временски круг од 15 години; првата година во тој круг се именува прв индикт, втората - втор индикт итн., до 15-от, потоа пак од почетокот. Има три вида индикти: императорски, кој почнува на 24 септември, константинополски - на 1 септември и првосвештенички или папски - на 1 јануари.

С. индикт
**Р.** индикт
**Е.** indiction
**F.** indict *m*
**D.** Indiktion *f*
Г. ἴνδικτος, ἰνδικτίων, ὁ
**Цсл. индиктъ**
**L.** indictio, -onis, *f*

И-15 **ИНДИТИЈА**

Навлака, горен прекривач на св. трпеза (св. престол), од сите четири страни до земјата, кој е секогаш во бела боја, бидејќи ја претставува славата Божја или облеката Христова, која секогаш блеска како светлина.

С. индитија
**Р.** индития
**Е.** endity
**F.** endytie
**D.**
Г. ἐνδύτιον, τό
**Цсл. индитїа**
**L.** endytia

И-16 **ИНОК**

Калка од μοναχός. Синоним за монах.
В. Монах.

И-17 **ИПАКОЈ**

Послушание, внимание - црковна песна, во која се зборува за тоа како ангелите им јавиле на жените мироносици, мироносиците - на апостолите, а овие и други - на целиот свет за воскресението Христово; се пее на по-вечерието и на воскресната полуноќница по канонот, а на утрена - пред антифоните и пред читањето на Евангелието.

С. ипакој
**Р.** ипакой
**Е.** hypakoy
**F.** hypakoï *m*
**D.**
Г. ὑπακοή, ἡ
**Цсл. ипакои**
**L.**

И-18 **ИПОЃАКОН**

Црковнослужител кој зазема средно место, степен меѓу чтецот и ѓаконот. На архијерејски служби, ипоѓаконите го облекуваат архијерејот, ги поместуваат орлеците и др. Нивните предимства пред чтеците се: 1. На Литургијата тие се причестуваат по ѓаконите; 2. Носат орар, но не на левото рамо, како ѓаконите, туку се препојасуваат, така што орарот прави крст на градите и на грбот.

С. ипођакон
**Р.** иподьякон
**Е.** subdeacon
**F.** soudiacre *m*
**D.** Ipodiakon *m*
Г. ὑποδιάκονος, ὁ
**Цсл. иподїаконъ**
**L.** subdiaconus (hypodiaconus, -i, *m*)

И-19 **ИПОСТАС**

Се однесува на Светата Троица. Според православното христијанско учење, Бог е еден по природа, а троичен по ипостаси или лица. Она што им е заедничко на Трите лица или ипостаси - на Отецот, Синот и Светиот Дух - тоа е нивната заедничка суштина или природа (на гр. οὐσία),а она што ги прави различни, тоа се нивните ипостасни или лични својства: - на Отецот - нероденоста, на Синот - раѓањето (вечно од Отецот), на Светиот Дух - произлегувањето или исходењето вечно од Отецот.

С. ипостас
**Р.** ипостась
**Е.** hypostasis
**F.** hyposthase *m*
**D.** Hypostasis *f*
Г. ὑπόστασις, ἡ
**Цсл. ипостась**
**L.** hypostasis, -eos, *f*

И-20 **ИРМОС**

Така се именува секој прв тропар од 9-те песни на канонот, кој служи за поврзување со другите тропари, а служи и како мелодиски образец. Ирмос (εἵρμος) значи "наниз, серија" на тропари од канонот, библиска песна што поврзува.

С. ирмос
**Р.** ирмос
**Е.** heirmos

**F.** heirme *m*
**D.** Hirmos (Heirmos), *m*
Г. εἱρμός, ὁ
**Цсл. ирмосъ,**
**L.**

## И-21 ИСАГОГИКА

Вештина за воведување во некоја наука, воведна наука воопшто; особено, пак, тоа е наука која служи како увод во проучувањето на Св. писмо или Библијата.

С. исагогика
**Р.** введение
**E.** introduction
**F.** introduction *f*
**D.** Introduktion *f*; Einführung *f*
Г. εἰσαγογική, ἡ
**Цсл. введенїе**
**L.** introductio, -onis, *f*

## И-22 ИСКУПИТЕЛ

Назив за Господ Исус Христос, Кој со Својата крсна смрт го искупил светот од проклетството на злото, гревот и смртта, како последица на прворoдниот грев (гревот на Адам и Ева).

В. Искупление.

**С.** Искупитељ
**Р.** Искупитель
**E.** Redeemer
**F.** Rédempteur *m*
**D.** Redemptor *m*
Г. Λυτρωτής, ὁ
**Цсл. Искꙋпитель**
**L.** Redemptor, -oris, *m*

## И-23 ИСКУПЛЕНИЕ

Откуп, избавување, ослободување од ропство. Особено, под овој збор се подразбира искупителното дело што го изврши овоплотениот Син Божји, Господ Исус Христос, преку своите страдања, крсна смрт и воскресение, заради избавување, ослободување на човечкиот род од гревот, проклетството и смртта.

С. искупљење
**Р.** искупление
**E.** redemption; salvation
**F.** rédemption *f*
**D.** Redemption *f*
Г. λύτρωσις, ἡ
**Цсл. искꙋпленїе**
**L.** redemptio, -onis, *f*

## И-24 ИСКУШЕНИЕ

Испитување, испробување, во кое се откриваат вистинските својства на човековата душа - добрите или лошите. Бог никого не искушува, но ги дозволува искушенијата кои доаѓаат од ѓаволот или од телото, за да ја проверат нашата вера. Типични примери за ова можат да послужат Аврам, од кого Бог барал да го жртвува својот единец син Исаак, како и праведникот Јов. Искушенијата најнапред се јавуваат во мислите.

С. искушење
**Р.** искушение
**E.** temptation
**F.** tentation *f*
**D.** Versuchung *f*
Г. πειρασμός, ὁ
**Цсл. искꙋшенїе**
**L.** temptatio, -onis, *f*

## И-25 ИСПОВЕД (-НИК)

Така се именува видливиот обреден дел од св. тајна покајание, кој се состои во тоа што христијанинот, пред својот духовник (свештено лице) како ополномоштен сведок на Синот Божји Кој единствен има власт да опростува гревови, цврсто решен да го измени својот поранешен начин на живеење, ги исповеда, признава своите гревови и направени неправди. Неопходни услови за исповедта се целосна отвореност, најискрена смиреност, скрушеност за направените прегрешенија и надеж во Г. И. Христа. На крајот свештеното лице - исповедник ја чита разрешната молитва, ако констатира дека има услови за тоа, во спротивно, наложува епитимија (поправна мерка).

**С.** исповед(ник)
**Р.** исповедь; исповедник
**Е.** confession; confessor
**F.** confession *f*; confesseur *m*
**D.** Beichte *f*; Beichtvater *m*
Г. ὁμολογία, ἡ; ὁμολογητής, ὁ
**Цсл. исповѣдь / -никъ**
**L.** confessio, -onis, *f*; confessor, -is, *m*

# J

## J-1 JEPEJ

Свештеник кој, преку ракополагање извршено од епископ, добива право да ги извршува сите св. тајни, освен св. тајна свештенство, по силата на благодатта што му е дадена од Бога преку епископот. Во храмот служи Литургија и други општи богослужби, а по потреба и надвор од храмот, по домовите, во кругот на својата парохија. Тој е најнепосредниот учител на верата и моралот за своите парохијани, преку проповедта во храмот, при посетувањето на домовите, при извршување на разни треби - обреди, при средби и разговори, со својот личен пример.

С. јереј
**Р.** священник
**Е.** priest
**F.** prêtre *m*
**D.** Priester *m*
Г. ἱερεύς, ὁ
**Цсл. їереи / свѧщеникъ**
**L.** presbyter (sacerdos, -otis, *m*)

## J-2 JEPOЃАКОН

Монах во ѓаконски чин.

С. јерођакон
**Р.** иеродьякон
**Е.**
**F.** hiérodiacre *m*
**D.** Diakon *m*
Г. ἱεροδιάκονος, ὁ
**Цсл. иеродїаконъ**
**L.** hierodiaconus

## J-3 JEPOMOHAX

Јереј, свештеник во монашки чин, свештеномонах.

С. јеромонах
**Р.** иеромонах
**Е.** monk (who can perform church rites)
**F.** hiéromoine *m*
**D.** Geistlicher *m*
Г. ἱερομοναχός, ὁ
**Цсл. иеромонахъ**
**L.** hieromonahus

## J-4 ЈУРОДИВ

Подвижници во православната Црква, кои земале на себе еден од најчудесните подвизи на христијанското благочестие - "луди" (јуродиви), поради Христа. Тие доброволно се откажувале не само од сите удобности на земниот живот, туку и од сите општествени привилегии. Затоа тие можеле да ги изобличуваат "силните на овој свет", не стеснувајќи се да им ја кажуваат горчливата вистина. Под нивната привидна "лудост" или "безумство" се криеле големи духовни дарби, како - прозорливост и сл., поради што биле многу почитувани од народот. За основа на својот подвиг тие ги земале зборовите на ап. Павле од I *Кор.* 4.10. Типичен претставник е св. Андреј Јуродив, чиј спомен Црквата го слави на 2 октомври.

С. јуродив
**Р.** юродивый
**Е.** crazy, mad
**F.** fou pour le Christ
**D.**
Г. σαλός, μωρός, ὁ
**Цсл. юродивыи, юродъ**
**L.** follis (insanus, demens)

# K

## К-1 **КАЛУЃЕР**

Добар, убав старец (од καλός и γέρων); назив што искушениците им го давале на постарите монаси, кој потоа станал заеднички за сите нив.

В. Монах.

**С.** калуђер
**Р.** калугер; калогер
**E.** monk
**F.** moine *m*
**D.** Kalogjera *m*; Mönch *m*
Г. καλόγερος, ὁ
**Цсл. калꙋгеръ**
**L.** monahus, -hi, *m*

## К-2 **КАМИЛАВКА**

Првобитно тоа било еден вид капа, направена од влакна (волна) од камила (κάμιλος), која го покривала вратот. Подоцна, откако станала одлика на свештенството, таа ја сменила формата. Сега тоа е капа со цилиндрична форма и крута, висока околу 15 см, поширока при врвот. Камилавката го симболизира "шлемот на спасението" (*Ис.* 59.17; *Ефес.* 6.17; 1 *Сол.*5.8). Црна камилавка носат монасите - јероѓакони и јеромонаси, како и епископите. Од т.н. бело свештенство (не-монасите), право да ја носат имаат само свештениците за време на богослужбите, а би требало да биде од виолетова боја. Некои патријарси, архиепископи и митрополити носат бели камилавки.

**С.** камилавка
**Р.** камилавка
**E.** toque; kamelaukion
**F.** kamélaukion
**D.** Kamilavkion
Г. καμηλαύκιον, τό
**Цсл. камилавка**
**L.** camelaucium

## К-3 **КАНДИЛО**

Сад со масло (елеј), кој се пали за време на богослужбите во храмовите, како и во православните домови.

С. кандило
**Р.** кандило
**E.** icon lamp
**F.** veilleuse *f*
**D.** Öllampe *f*
Г. κανδήλα, ἡ
**Цсл. кандило**
**L.** candela

## К-4 **КАНОН**

Првобитното значење на зборот е "прав прат, трска", а потоа "ред, правило, средна норма што ги обединува индивидуалните разлики во одредена област". Има повеќе значења и широка употреба:

1. Црковно правило во однос на верата, моралот или црковната дисциплина. Има канони на вселенските и на помесните собори и на некои св. Отци, и сите се собрани во канонски зборници. 2. Специфичен химнографски жанр со уметничка вредност. Голема црковна песна која се состои од 9 помали песни со по неколку (обично три-четири) тропари, од кои првиот се именува ирмос кој што е со библиска содржина. Такви се, на пр., канонот на св. Андреј Критски (од 250 строфи) и два канона на св. Теодор Студит во сабота месопусна и сиропусна. Другите канони се со 8 песни, без втората. Но има канони и со помалку песни: двопеснец, трипеснец, четворопеснец. Трипеснеците се наоѓаат во Посниот и во Цветниот триод, по што го добиле и своето име τρι– и ᾠδή = три песни). 3. Под поимот канон се подразбира и збирката на старозаветните и новозаветните книги на Св. писмо.

С. канон
**Р.** канон
**E.** canon, rule
**F.** canon *m*; règle *f*
**D.** Kanon *m*
Г. κανών, ὁ
**Цсл. канѡнъ**
**L.** canon, -onis, *m*

K-5 **КАНОНАРХ**

Црковнослужител кој го започнувал пеењето на канонот и се грижел во црквата за црковното правило и за редот во богослужбеното пеење.

С. канонарх
**Р.** канонарх
**E.** precentor of a choir; cantor
**F.** canonarche *m*, préchantre
**D.** Kanoniker *m*
Г. κανονάρχης, ὁ
**Цсл. канwнархъ**
**L.** canonarchus

K-6 **КАНОНИЗАЦИЈА**

Чин, постапка за прогласување на некое лице за светител од страна на Црквата. Услов за тоа е подвижнички, свет живот, што се потврдува и со правење чуда за време овоземниот живот и по телесната смрт, како и нераспадливост на моштите.

С. канонизација
**Р.** канонизация
**E.** canonisation; beatification
**F.** canonisation *f*
**D.** Kanonisattion *f*; Heiligsprechung
Г. μακαρισμός, ὁ
**Цсл. канонизацїа**
**L.** canonisatio, -onis, *f*; beatificatio, -onis, *f*

K-7 **КАНОНИК**

Црковна книга која во себе содржи разни канони (црковни песни) - на Г. И. Христа, Богородица, апостолите и др., акатисти и некои молитви.

С. Каноник
**Р.** каноник
**E.** collection of canons
**F.** Recueil des canons *m*
**D.** Kanonik *f*
Г. κανονάριον, τό
**Цсл. канwникъ**
**L.** canonicus, -i, *m*

K-8 **КАТАВАСИЈА**

Секоја песна од канонот започнува и завршува со ирмос, заради чие пеење појците се симнувале од певниците, на средината на храмот, пред амвонот. Збирката од тие ирмоси се именува катавасија - слегување.

С. катавасија
**Р.** катавасия
**E.** descending
**F.** catabasia *f*
**D.**
Г. καταβασία, ἡ
**Цсл. катавасїа**
**L.** descensus, -us, *m*

K-9 **КАТАКОМБА**

Од *kata* и *tumba* (гроб); подземен простор - тунел, кој служел за гробници. Во нив христијаните во раната Црква, за време на гонењата, ги погребувале своите мртви. Познати се катакомбите во Рим.

**С.** катакомба
**Р.** катакомба
**E.** catacomb
**F.** catacombe *f*
**D.** Katacombe *f*
Г. κατὰ "под" и κύμβα "сад, празнина"
**Цсл.**
**L.** catacumba, ital. catacomba

K-10 **КАТАФАТИЗАМ**

Пат, метод, став во теологијата во врска со Богопознанието. Согласно со Преданието на св. Отци, има катафатичко или рационално Богопознание и апофатичко или неискажливо. Последново (апофатичкото) е повозвишено од првото (катафатичкото). Меѓутоа, ниту преку едното од нив не можеме да Го спознаеме Бога во Неговата суштина. Преку катафатизмот делумно Го познаваме Бога низ видливата природа, како Творец. Ова природно Богопознание се дополнува со натприродното, преку многубројните јавувања (теофании) на Бога во Стариот завет и, на крајот, преку врвното Богојавление – оваплотувањето

на Синот Божји – Г. Исус Христос. Поедноставно речено, катафатизмот е еден вид доближување, слегување на Бога до нас. Апофатизмот, пак, бара наш двиг - подвиг кон Бога, преку постојано очистување за Бога, практика на добродетелите и светотаински живот, а тоа води кон непосредно доживување - опит на таинственото присуство Божјо кое, сепак, не може до крај да се изрази, дефинира. Всушност, во апофатизмот целта не е самото знаење, туку единство со Бога - обожувањето на човекот. Катафатизмот и апофатизмот не се исклучуваат, туку се дополнуваат.

В. Апофатизам.

**С.** катафатизам
**Р.** катафатизм
**E.** kataphatism
**F.** cataphatisme *m*
**D.** Kataphatismus *m*
Г. καταφατικός < κατά и φημί
**Цсл. катафатизмъ**
**L.** cataphatismus, -mi, *m*

## К-11 **КАТИЗМА**

Дел од Псалтирот, кој се дели на три помали делови, тн. слави (завршува со: Слава на Отецот и Синот и Св. Дух...), за време читањето на кои е дозволено седење во храмот (од καθίζω – седи). Такви катизми во Псалтирот има дваесет.

С. катизма
**Р.** кафизма
**E.** cathisma; kathisma
**F.** cathisme *m*
**D.** kathisma
Г. κάθισμα, τό
**Цсл. кађїсма**
**L.** cathisma, -ae, *f*

## К-12 **КАТИХЕЗА**

Верска поука, лекција чија цел е кандидатот за крштевање да го упати во основните вистини на христијанската вера. Слушатели на катихезите можат да бидати крстени кои, од кои било причини, не ги знаат основните вистини на својата вера.

С. катихеза
**Р.** оглашение
**E.** catechesis
**F.** catéchèse *f*
**D.** Katechese *f*
Г. κατήχησις, ἡ
**Цсл. катихеза**
**L.** katechesis (catechesis, *f*)

## К-13 **КАТИХЕТА**

Вероучител, свештено или мирско лице, кој држи настава по вероучение (катихизис).

С. катихета
**Р.** вероучитель
**E.** catechist
**F.** catéchiste *m*
**D.** Katechet *m*
Г. κατηχητής, ὁ
**Цсл. вѣроучитель**
**L.** catechista (catecheta, ae, *m*)

## К-14 **КАТИХИЗИС**

1. Усно поучување во основните вистини на христијанската вера. 2. Книга која ги содржи верските поуки.

С. катихизис
**Р.** катехизис
**E.** catechism
**F.** catéchisme *m*
**D.** Katechismus *m*
Г. κατήχησις, ἡ
**Цсл. вѣроучение**
**L.** catechismus (catechesis *f*)

## К-15 **КАТИХУМЕН**

Личност која, преку вероучење, се подготвува за примање на св. тајна крштение. Се именува уште и огласен. Времетраењето на таа подготовка се именува катихуменат. Катихумените или огласените можат да присуствуваат на Литургијата до читањето на Евангелието и проповедта (овој дел од Литургијата се именува "Литургија на огласените"), а потоа, на позив

од свештенослужителот: "Вие кои сте оглasени излезете...", тие го напуштаат храмот, а на Богослужбата остануваат само верните, односно крстените, поради што и остатокот од службата се именува "Литургија на верните".

С. катихумен, оглашен
**Р.** оглашеный
**Е.** catechumen
**F.** catéchumène *m*
**D.** Katechumenus *m*
Г. κατηχούμενος
**Цсл. катихꙋменъ, ѡглашенъ**
**L.** catechumenus, -i, *m*

## К-16 **КЕРИГМА**

Проповед, содржина на апостолската проповед; евангелска проповед, која накусо ја изразува суштината на евангелските пораки. Кериктика - наука за проповедта (омилитика).

С. керигма
**Р.** проповед
**Е.** preaching; kerygma
**F.** kerygme *m*; prédication *f*
**D.** Kerygma *n*
Г. κήρυγμα, τό
**Цсл. проповѣдь**
**L.** praedicatio, -onis; oratio (sacra) *f*

## К-17 **КИВОТ**

1. Специјално направен ковчег, кутија, во кој се чуваат мошти на светител или света причесна (еваристија). 2. Ковчег на Заветот, во Стариот завет, направен по наредба Божја, со специјални димензии и од специјален материјал (II *Мој.* 25.10-17), во кој се чувани плочите на Законот - Декалогот (Десетте Божји заповеди). 3. Симболички се применува и на Св. Дева Марија, која во својата пречиста утроба го носела Спасителот на светот. 4. Кутија за чување најскапоцени предмети.

С. ћивот
**Р.** кивот
**Е.** box; chest; ark of the covenant
**F.** arche *m*; boite
**D.** tabernakel
Г. κιβωτός, ἡ
**Цсл. кївѡтъ**
**L.** arca, -ae *f*

## К-18 **КИНОВИЈА**

Општожитие - живеење на повеќе монаси во еден заеднички манастир. Таквиот начин на монашки живот се именува општожителен или киновиски.

С. киновија
**Р.** киновия
**Е.** community of monks; monastery
**F.** communaute *f* religieuse, monastère *m*
**D.** Monasterium *n*
Г. κοινόβιον, τό
**Цсл. киновїа**
**L.** coenobium, -ii, *n*

## К-19 **КЛИР**

Буквално значи "ждрепка", избор; назив за црковнослужители од понизок ред: појци (пејачи, псалти), свеќоносци, клисари... Во Западната црква (римокатоличката) со овој термин се означува високата јерархија - ѓакони, свештеници и епископи.

**С.** клир
**Р.** клир
**Е.** clergy
**F.** clergé *m*
**D.** Klerus *m*
Г. κλήρος ὁ
**Цсл. причетъ**
**L.** clerus, *m*

## К-20 **КОЛИЗИЈА**

Борба, судир, спротивставување на интереси, кога станува тешко за што човекот тогаш треба да се определи. Во тој случај, христијанинот треба да се определи за она што има поголема етичка, морална вредност.

С. колизија

**P.** коллизия
**E.** collision
**F.** collision *f*
**D.** Kollision *f*
Г. σύγκρουσις, ἡ
**Цсл.**
**L.** collisio, -onis, *f*

K-21 **КОНДАК**

Од κοντός, 3 – краток, и οἰκίον - дом куќичка. Кратка песна која содржи пофалба за дневниот светител, или ја изразува суштината на празникот, а се јавува или како самостојна песна, или по шестата песна од канонот.

C. кондак
**P.** кондак
**E.** contakion; kontakion
**F.** contakion *m*
**D.** kontakion
Г. κοντάκιον, τό
**Цсл.** кондакъ
**L.** brevis hymnus

K-22 **КОПЈЕ**

Инструмент со кој свештеникот се служи за време на проскомидијата за сечење и вадење честички од просфората, што потоа ги става на дискосот. Копјето сече и од двете страни, има форма на триаголник, а дршката завршува во форма на крст.

**C.** копље
**P.** копие
**E.** lance
**F.** lance *f*
**D.** Lanze *f*
Г. λόγχη, ἡ
**Цсл.** копїе
**L.** lancea, -eae, *f*

K-23 **КРАЕГРАНЕСИЕ**

Почетните букви од строфите или стиховите на некоја песна, кои, читани вертикално, го откриваат името на авторот или на оној кому песната му е посветена, или пак главната тема на песната.

C. акростих
**P.** акростих, краестишие
**E.** acrostic
**F.** acrostiche *m*
**D.** Akrostichon *n*
Г. ἀκροστιχίς, ἡ
**Цсл.** краегранесїе
**L.** acrostichis

K-24 **КРВОСМЕШЕНИЕ, ИНЦЕСТ**

Телесно, сексуално општење со лице од најблиско сродство, родоосквернување. Тоа е најтешкиот грев против седмата заповед Божја (I *Кор.* 5.1).

C. инцест
**P.** кровосмешение
**E.** incest
**F.** inceste *m*
**D.** Blutschande *f*; Inzest *m*
Г. αἱμομιξία, ἡ
**Цсл.** кровосмѣшенїе
**L.** incestus, us, *m*

K-25 **КРМЧИЈА**

Зборник од правила на апостолите, на вселенските собори и на св. Отци, како и царски закони што се однесуваат на Црквата. До Словените дошле од Цариградската црква по примањето на христијанството. Во византиската Црква овој зборник се именува номоканон, а во преводот на словенски јазик се именувал "законоправило", "законоправилник", а подоцна е заменет со називот Крмчија (Кормчаѧ книга). Првиот превод на словенски јазик го извршил св. Методиј.

C. крмчија
**P.** кормчая
**E.** nomocanon
**F.** nomocanon *m*
**D.** Nomokanon *m*
Г. νομοκανών, τό
**Цсл.** кормчаѧ, книга; номоканонъ
**L.** nomocanon, *m*

К-26 **КРСТ**

До Христа крстот бил орудие на кое се извршувала смртна казна на најтешки престапници. По страдањето Христово и Неговото распнување, крстот стана орудие на нашето спасение и знак на победа над смртта и ѓаволот. Фалејќи се со крстот Христов, Црквата го употребува како свој најубав украс и заштита од нападите на непријателот. На св. престол во олтарот секогаш стои крст, наречен напрестолен. Крст стои секогаш и зад престолот - запрестолен. Се употребува на празнични денови при отпусти: со него свештенослужителот го благословува народот и му го предлага за целивање; тој зазема прво и највидно место меѓу сите свештени симболи во храмот, со цел сиот народ, за време на богослужбата, со очите и со срцето да ја созерцава тајната на искупувањето, извршена со крсната смрт на Спасителот. Со крст се украсени и сите свештени одежди, садови и сл., а и самиот храм е во форма на крст. При извршување на св. тајна крштение, на секој крстен Црквата му возлага крст на градите, што треба да го носи целиот живот. Крст на градите носат и архиереите, архимандритите и одликувани свештеници - ставрофори. Од морална гледна точка, со крст се означува и вкупноста на животните страдања и лишувања итн., што христијаните се должни да ги носат трпеливо во името на Христа.

С. крст
**Р.** крест
**E.** cross
**F.** croix *f*
**D.** Kreuz *n*
Г. σταυρός, ὁ
**Цсл. крестъ**
**L.** crux, crucis, *m*

К-27 **КРСТИЛНИЦА**

Купел, длабок сад за вода изработен од метал или друг материјал, камен или сл., во кој се потопува кандидатот за крштевање; така се именува и помошна просторија при црква или мала капела во која се извршува св. тајна крштение.

**С.** крстионица
**Р.** крестильница
**E.** baptistery
**F.** baptistère *m*
**D.** Baptisterium *n*; Taufbecken *n*
Г. βαπτιστήριον τό
**Цсл. крестильница**
**L.** baptisterium, -i, *n*

К-28 **КРСТОВДЕН**

Еден од големите Господски празници, во спомен на пронаоѓањето на крстот на кој бил распнат Спасителот Христос, од страна на благочестивата царица Елена, мајката на цар Константин, во 326 година.

В. Воздвижение.

С. крстовдан
**Р.** воздвижение честного креста
**E.** Holy Cross Day
**F.** fête *f* de la croix
**D.** Kreuzerhöhung *f*
Г. ΥΨΩΣΙΣ τοῦ τιμίου Σταβροῦ
**Цсл. воздвиженїе честнагѡ и животворѧщагѡ креста**
**L.** elevatio crucis

К-29 **КРШТЕНИЕ (КРШТЕЊЕ)**

Првата од седумте христијански св. тајни, преку која се станува член на Црквата. Ја установил самиот Спасител Христос, пред Своето вознесение, кога на апостолите им рекол: "Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух" (*Мт.* 28.19), "Кој поверува и се крсти, ќе биде спасен, а кој не поверува, ќе биде осуден" (*Мк.* 16.16). Крштението се извршува со трикратно потопување во вода, при изговарање на зборовите (формулата): "Се крштава слугата Божји, или слугинката Божја (името), во името на Отецот, амин; и Синот, амин; и Светиот Дух, амин". Главниот ефект од крштението е ослободување од прародниот грев, а кај возрасните и од личните гревови, како и повторно раѓање за нов, обновен живот во Христа. Крштението, ако е правилно извршено, не се повторува. Во случај на опасност од смрт,

крштението може да го изврши и секој православен христијанин што ја знае формулата. Ако остане жив, чинот го дополнува свештеник. Постои и "крштение во крв". Тоа се однесува на оние што поверувале во Христа и, пред да бидат крстени, пострадале маченички за Него.

С. крштење
**Р.** крещение
**Е.** baptism
**F.** baptême
**D.** Taufe *f*
Г. βάπτιζμα, τό
**Цсл. крещенїе**
**L.** baptisma, -atis, *n*

К-30 **КУМ**

Крстено лице, православен христијанин кој сведочи, гарантира дека новокрстеното дете, или возрасен, ќе биде воспитувано во духот на православната вера. Кумот е сведок и при венчавањето.

С. кум
**Р.** восприемник
**Е.** godfather
**F.** parrain *m*
**D.** Pate *m*
Г. ἀνάδοχος, ὁ
**Цсл. воспрїемникъ**
**L.** susceptor, -oris, *m*

К-31 **КУПЕЛ**

Бања, сад во кој се извршува св. тајна крштение; синоним за крстилница.

В. Крстилница.

**С.** купељ
**Р.** купель
**Е.** baptistery
**F.** baptistère *m*
**D.** Baptisterium *n*
Г. κολυμβήθρα, ἡ
**Цсл. кѹпѣль, кѹпѣльница**
**L.** baptisterium, -ii, *n*

# Л

Л-1 **ЛАИК**

1 Мирјанин, лице кое е крстено и му припаѓа на народот Божји - Црквата, а не е во свештенички чин.

2. Оној што не е упатен и е неопитен, невешт во некоја вештина или уметност; нестручњак. Се вели, тој е лаик за ова или за она...

С. лаик
**Р.** народ (божий)
**Е.** layman
**F.** laïque *m*
**D.** Laie *m*
Г. λαϊκός, ὁ
**Цсл. мирѧнинъ**
**L.** laicus, saecularis

Л-2 **ЛАТРИЈА**

Термин со кој, за време на иконоборечкиот спор во 8 век, се повлекува јасна разлика меѓу служењето што единствено Му припаѓа на Бога, за разлика од почитувањето што им се оддава на иконите и на други свети предмети, изразено со терминот προσκύνησις – "поклонување" или δουλία – "служење".

С. латрија
**Р.** обожение; латрия
**Е.** service of God; latria
**F.** adoration *f*
**D.** Adoration; Anbetung *f*
Г. λατρεία, ἡ
**Цсл. обожение**
**L.** adoratio, -onis, *f*

Л-3 **ЛЕГЕОН (ЛЕГИОН)**

1. Назив за бројот 100.000. 2. Назив за мноштво ангели или демони. 3. Легија, одред од 6.000 војници, поделени на десет кохорти.

С. легеон
**Р.** легеон
**E.** legion
**F.** légion *f*
**D.** Legion *f*
Г. λεγεών (λεγιών), ὁ
**Цсл.** легеωнъ
**L.** legio, -onis, *f*

Л-4 **ЛИТИЈА**

Коленопреклонение, срдечно молење кое се извршува во притворот на храмот или надвор од него (на плоштадот, полињата или на друго место), за да можат во него да земат учество сите православни христијани и, на тој начин, и буквално да биде тоа сенародно молење. Обично се извршува за време на неволи, несреќи, бездождие и сл. Така се именува и дел од сеноќното бдение, кое се состои од пеење на т.н. литиски стихири и од посебни ектении и прозби, на кои народот одговара со многукратно "Господи помилуј", и се врши благословување на "петолебие". Литија се именува и краткото молење за покојните.

С. литија
**Р.** лития
**E.** procession
**F.** procession *f*, supplication *f*
**D.** Prozession *f*
Г. λιτανεία; λιτή, ἡ
**Цсл.** литїа - литанїа
**L.** supplicatio, -onis; litania, -ae, *f*

Л-5 **ЛИТУРГИЈА**

Буквално значи "општо дело, општествена служба". - Назив за најважното православно христијанско богослужение кое, под разни видови и имиња, постои кај сите христијански вероисповеди. Литургијата ја установил Спасителот Христос на тајната вечера, непосредно пред Својата крсна смрт, кога ги благословил лебот и виното, со зборовите: "Земете, јадете, ова е моето тело" - за лебот; и, за чашата вино: "Пијте од неа сите, зашто ова е Мојата крв на Новиот завет, која се пролева за многу, за опростување на гревовите" (*Мт.* 26. 26-28). И потоа им рече: "Ова правете го за мој спомен" (*Лк.* 22,19). Секоја Литургија е спомен, потсетување (анамнеза), повторување на тој настан и на сѐ она што Христос го направи за спасението на светот и на човекот. Затоа Евхаристијата или Светата причесна што се извршува на секоја Литургија го зазема централното место во Црквата Христова, зашто без Литургија, односно без Св. причесна, која е тело Христово, нема Црква, бидејќи и Црквата е тело Христово. Со други зборови - Евхаристијата или Св. причесна ја конституира Црквата. Сите други богослуженија се само подготовка за извршување на Литургијата или за партиципирање (земање удел) во неа. Првата Литургија ја составил апостол Јаков, првиот епископ Ерусалимски. Подоцна (во 4 век) оваа Литургија ја скратил св. Василиј Велики, а св. Јован Златоуст ја скратил и последнава. Најчесто се служи Литургијата на св. Јован Златоуст. Литургијата на св. Василиј Велики се служи 10 пати годишно, главно во неделите од Велигденскиот пост. т.н. Литургија на преѓеосветените дарови, чиј автор е св. Григориј Двоеслов, се служи, главно, во средите и петоците од Велигденскиот пост.

С. Литургија
**Р.** Литургия
**E.** liturgy
**F.** liturgie *f*
**D.** Liturgie *f*
Г. λειτουργία, ἡ
**Цсл.** литургїа
**L.** Liturrgia (missa *f*, messa)

Л-6 **ЛИТУРГИКА**

Богословска наука за христијанското црковно богослужение, чие централно место го зазема Божествената литургија. Се дели на општа и посебна. Првата ја изложува теоретската основа на богослужението воопшто, неговото историско потекло и развој, ги изложува составните делови на Богослужението, за св. тајни, молитвословија, песни, читања и на Св. писмо; се зборува за свештенослужители и за црковните служители, за свештените предмети, одежди итн. Посебниот дел за свој предмет

на проучување ги има одделните чинодејствија, секојдневни - вечерна, утрена, часови, повечерие, полуноќница; за празниците, постовите итн.

С. литургика
**Р.** литургика
**Е.** liturgics
**F.** liturgique *f*
**D.** Liturgik *f*
Г. λειτουργκή, ἡ
**Цсл.**
**L.**

Л-7 **ЛИЦЕМЕРИЕ**

Преправање, прикажување на себеси поинаку од она што сме вистински. Лицемерот е човек кој е полн со пороци: горделивост, завист, суета, омраза и сл., а пред луѓето се претставува како чист, праведен, набожен... Таквите Г. И. Христос ги именува "варосани гробови", кои однатре се полни со мртовечки коски.

С. хипокризија, лицемерство
**Р.** лицемерие
**Е.** hypocrisy
**F.** hypocrisie *f*
**D.** Heuchelei *f*
Г. ὑποκρισία, ἡ
**Цсл. лицемѣрїе**
**L.** simulatio (hypocrisis, *f*)

# М

М-1 **МАМОН**

Збор од арамејско потекло со значење: богатство, имот, земни блага. Во Новиот завет се употребува како име за еден зол дух, бог на богатството, на парите. Човек не може да служи на двајца господари - на Бога и на Мамона (сп. *Мат̄.* 6.24).

С. мамон
**Р.** мамон, мамона
**Е.** mamon
**F.** mamon *m*
**D.** Mamon *m*
Г. μαμωνάς, ὁ
**Цсл. мамωна**
**L.** mammona, *m*

М-2 **МАНА**

Храна што Бог им ја пуштал од небото на Израилците за време на нивното 40-годишно лутање по пустината (*Јов* 6.31; 49.58; *Евр.* 9.4; *От̄кр.* 2.17). Доаѓа од еврејскиот збор(ови) *man hu* - "што е ова?"

С. мана
**Р.** манна
**Е.** manna
**F.** manne *f*
**D.** Manna *f*
Г. μάννα, τό
**Цсл. манна**
**L.** manna, *n*

М-3 **МАНАСТИР**

Установа, обител, комплекс од црква и конаци - станбени простории во кои живеат монаси во пост, молитва и подвиг. Обично манастирите се градат подалеку од населени места и од овосветската врева и шаренило. Манастирот го управува старешина, настојател - игумен или архимандрит.

**С.** манастир
**Р.** монастырь
**Е.** monastery
**F.** monastère *m*
**D.** Kloster *n*
Г. μοναστήριον, τό
**Цсл. монастырь**
**L.** monasterium, -ii, *n*

М-4 **МАНДИЈА**

Архијерејска (епископска) долга наметка, облека без ракави, вид мантија, која позади паѓа до земјата, а напред се спојува, закопчува под брадата и под колената. Бојата обично е виолетова, со хо-

ризонтални свилени линии, т.н. "реки" (струи, извори). На четирите агли каде што се спојува, има четири украсени штофени правоаголници, т.н. "таблици на законот" (πώματα). Аглите ги симболизират Стариот и Новиот завет и не треба да се одвојуваат. "Реките" што тргнуваат од нив го претставуваат учењето на епископот што тој го црпе од двата Завета. Епископите носат мандија при нивно свечено влегување во храм и на помалку значајни богослужби, наместо сите други литургиски одежди. Мандија можат да носат и монаси - архимандрити, само е поедноставна.

**С.** мандија
**Р.** мантия
**Е.** mandyas
**F.** mandyas *m*
**D.** Mandias *m*; Pallium *n*
Г. μανδύας; μαντύας, ὁ
**Цсл. мандїѧ**
**L.** mandya, pallium

## М-5 МАСЛОСВЕТ

Св. тајна која се извршува над болен човек со помазување со осветено масло (елеј) и читање молитви. Треба да ја извршуваат 7 свештеници или 3, а во краен случај и 1. Суштината на оваа св. тајна ни ја кажува св. ап. Јаков: "Болен ли е некој меѓу вас, нека ги повика свештениците (презвитерите) црковни, та да се помолат над него и нека го помазат со елеј во името Господово. И молитвата со вера ќе го исцели болниот, и Господ ќе го крене, и гревови, ако направил, ќе му се простат" (*Јаков* 5.14,15).

**С.** јелеосвећење
**Р.** елеосвещение
**Е.** unction, oiling
**F.** onction *f*
**D.** Ölung
Г. εὐχέλαιον, τό
**Цсл. елеосвѧщенїе**
**L.** unctio, -onis, *f*

## М-6 МАЧЕНИК

Сведок. Личност која трпи страдање и смрт затоа што не сака да се откаже, одрече од Христа. Голем број такви сведоци - маченици, пострадале за време на гонењата на христијаните во првите три века, како и подоцна.

С. мученик
**Р.** мученик
**Е.** martyr
**F.** martyre *m*
**D.** Mörtyrer *m*
Г. μάρτυς, ὁ
**Цсл. мꙋченикъ**
**L.** martyr, -tyris, *m, f*

## М-7 МЕСТОБЉУСТИТЕЛ

Заменик, вршител на должност; чувар на тронот - архиереј кој го заменува умрениот поглавар на Црква, или од кои било други причини упразнет трон (место), до изборот на нов поглавар.

С. местобљуститељ
**Р.** местоблюститель
**Е.** substitute; locum tenens
**F.** locum tenens *m*
**D.** Tronwächter *m*; Substitut *m*
Г. τοποτηρητής, ὁ
**Цсл. мѣстоблюститель**
**L.** loci custos; locum tenens

## М-8 МЕТАНИЈА (ПОКЛОН)

Грчки збор μετάνοια, чие основно значење е "промена на умот, жалење за сторено зло, каење". Ова чувство на покајание е изразено и на надворешен начин преку поклонување. Во црковнословенскиот, потоа и во народниот говор значењето на μετάνοια е пренесено на овој надворешен израз и означува поклонување - симболички дејства кои служат за изразување на најголемо смирение пред Бога и особено топла молитва. Во таа смисла тие биле практикувани во Црквата уште од најрано време, како и во Стариот завет. Има два вида поклони: мал и голем. Мал

поклон се нарекува обичното приклонување на главата, при што е можно со раката (десна) да се допре земјата. Големите поклони се прават со допирање на земјата со челото од главата. Овие поклони се прават за време на Великопосните богослужби. Поклоните служат и како поправна мерка, во вид на епитимија.

С. метанија
**Р.** поклонение
**Е.** bow
**F.** prosternation *f*
**D.** Tiefbeuge *f*
Г. μετάνοια, ἡ
**Цсл. метанїе**
**L.** inclinatio (corporis et capitis)

М-9 **МЕТАНОИЈА (ПОКАЈАНИЕ)**

Промена на мислата, преумување, покајание. Клучен момент во животот на една личност кога, допрен од благодатта Божја, ја сознава својата грешност, бесмисленоста на животот без Бога, и решава, одлучува да го отфрли "стариот човек" во себе и да тргне во нов, обновен живот во Христа. - Кога сѐ што било грешно во него ќе го замени со свето: грешните мисли со свети мисли, грешните дела - со свети дела, пороците - со добродетели.

С. метаноја
**Р.** покаяние
**Е.** change of mind; penitence; atonement
**F.** pénitence *f*
**D.** Metanoia *f*; Buße *f*
Г. μετάνοια, ἡ
**Цсл. метанїѧ**
**L.** poenitentia *f* (metanoea, *f*)

М-10 **МИЛОСТ(-ИВ)**

Сострадание, милосрдие, сочувство во страдањата на своите ближни, кое се манифестира преку конкретни дејства: гладен да се нахрани, болен да се посети и да му се помогне, необлечен да се облече итн. Најсовршен пример за милосрдие ни дава Господ Христос, преку параболата за Милостивиот самарјанин. Блаженството им припаѓа на милостивите, зашто тие ќе бидат помилувани (*Мт.* 5.7). Бог милува илјадници пати, а накажува до третото или четвртото колено, што значи дека многу повеќе милува отколку што казнува. Милоста означува и дар Божји - благодат, која се излива од неизмерната суштина на Божјото битие.

В. Благодат.

С. милост (милосрђе)
**Р.** милосердие
**Е.** mercy, pity
**F.** miséricarde *f*; pitié *f*
**D.** Barmherzigkeit *f*
Г. ἔλεος, τό; οἰκτιρμός, ὁ
**Цсл. милость, милосердїе**
**L.** misericordia, -ae, *f*

М-11 **МИНЕЈ**

Богослужбена книга во која се поместени службите за секој ден во годината, според месечниот календар, оттука и името (μήν, μηνός, ὁ – месец, месечина). Има 12 минеи. Во нив има песни за вечерната, утрената, а во некои случаи и за часовите, Литургијата, повечерието и полуноќницата.

С. минеј
**Р.** минея, миния
**Е.** menologion; menology
**F.** ménée *m*
**D.** Minäum *n*
Г. μηναῖον, τό
**Цсл. минеи, минеѧ**
**L.** menaeum

М-12 **МИРЈАНИН**

Член на Црквата кој не е во свештенички чин.

В. Лаик.

С. световњак
**Р.** мирянин
**Е.** layman
**F.** laïque *m*
**D.** Laie *m*; Nichtgeistlicher *m*
Г. λαϊκός, ὁ
**Цсл. мїрѧнинъ, мїрѧне**

**L.** saecularis

M-13 **МИРО**

Миризливо масло, направено од триесетина вештества - материи (маслиново масло, бело вино и разни миризливи состојки), кое во Црквата служи за извршување на св. тајна Миропомазание, како видлив знак за невидливото присуство на Св. Дух. Во Ст. завет мирото служело за помазување на царевите. Осветување на миро можат да вршат само епископите.

С. миро
**Р.** миро
**E.** chrism
**F.** huile sainte *f*; sainte chrême *f*
**D.** Salböl *n*
Г. μύρον, τό
**Цсл. миро**
**L.** unguentum

M-14 **МИРОВАРЕНИЕ**

Така се именува чинот на подготвување и варење на св. миро, кое се извршува во првите три дена од Страсната седмица. Осветувањето се извршува на Литургијата на Велики четврток од страна на архијереј (или архијереи).

С. мироварение
**Р.** мироварение
**E.**
**F.**
**D.**
Г.
**Цсл. мироваренїе**
**L.**

M-15 **МИРОНОСИЦИ**

Назив за жените што дошле рано во неделата со миро да го помазат телото Исусово во гробот. Тие биле првите сведоци што ја дознале веста за Христовото воскресение. Некои од нив се познати и по име: Марија Магдалина, Јоана и Марија Јаковова (*Мт.* 28.1; *Мк.* 16.1; *Лк.* 24.10; *Јн.* 20.1). Ним им е посветена втората недела по Велигден, т.н. "Недела на жените мироносици".

**С.** мироносице
**Р.** мироносицы
**E.** myrrhophores
**F.** myrrhophores *fpl*
**D.** Myrrhophores
Г. μυροφόραι
**Цсл. мvроносицы**
**L.** myrrophorae

M-16 **МИРОПОМАЗАНИЕ**

Втората св. тајна која во православната Црква се извршува веднаш по крштевањето, преку помазување на делови од телото со осветено миро и со изговарање на зборовите од страна на свештенослужителот: "Печат на дарот на Св. Дух", со што на новокрстениот, на видлив начин, му се дарува невидливата благодат на Св. дух, заради растење и закрепнување во духовниот живот. Во почетокот оваа св. тајна е извршувана со полагање раце од страна на епископите.

С. миропомазање
**Р.** миропомазание
**E.** unction; chrism
**F.** chrême *f*; confirmation *f*
**D.** Salbung *f*
Г. χρίσμα, τό
**Цсл. мvропомазанїе**
**L.** chrisma, -atis, *n*

M-17 **МИРОСУВАЊЕ**

Чин што се извршува кон крајот на утрената, при што свештеникот ги помазува верниците на челото, со масло (елеј) од кандило пред иконостасот или од некој друг сад со благословено масло, правејќи крстен знак.

С. јелеопомазање
**Р.** елеопомазание
**E.** anointment; unction
**F.** onction d'uile
**D.** Weihe *f*

Г. ἐλαιοχριστία, ἡ
**Цсл.** **єлеопомазаніє**
**L.**

M-18 **МИРОТВОРЕЦ**

Оној што и самиот не дава никаков повод за раздор, расправија, кавга или несогласувања, а работи на помирување и на други луѓе или народи кои се во меѓусебно непријателство, уподобувајќи се, на тој начин, на Синот Божји, Кој го измири небото со земјата, Бога со луѓето. За таквите Христос вели: "Блажени се миротворците, зашто тие ќе се наречат синови Божји" (*Мт.* 5.9).

С. миротворац
**Р.** миротворец
**Е.** peacemaker
**F.** pacificateur *m*
**D.** Friedensstifter *m*
Г. εἰρηνοποιός, ὁ
**Цсл.** **миротворецъ**
**L.** pacificator (pacificus, -i, *m*)

M-19 **МИСИЈА**

Пратеништво со определена цел; друштво или установа што работи на обраќање на неверниците или друговерците во христијанската вера. Лице што извршува таква задача, мисија, се вика мисионер.

С. мисија
**Р.** миссия
**Е.** mission
**F.** mission *f*
**D.** Mission *f*
Г. ἀποστολή, ἡ
**Цсл.** **миссіѧ**
**L.** missio (од mittere - испраќа)

M-20 **МИТАРСТВО**

Царинарница, пречка, преграда. Под овој термин се подразбира начинот на извршувањето на Посебниот суд кој настапува веднаш по одвојувањето на душата од телото (по смртта); места на кои душата полага сметка за својот живот на земјата; неизбежниот пат на секоја душа до рајот или до пеколот; пречките што ги среќава душата на патот за вечниот живот. Душите на умрените на тој Посебен суд одат со целокупната своја содржина, со сите мисли и чувства, добродетели и пороци, вредности и недостатоци. При судењето се зема предвид целокупната морална состојба на душата во моментот на смртта и според тоа се определува привремената состојба во задгробниот живот, до Последниот или Општ, Страшен суд. На тој пат душата среќава митарства, пречки и на нив дава одговор за секој грев. Потврда за ова наоѓаме во Св. писмо (*Лк.*16.22,23; 12.20; *Ефес.* 6.12; 2.2; I *Петр.* 5.8; *Евр.*1.14). Со ова прашање се занимавале многу св. Отци. Меѓу нив, особено, св. Кирил Александриски, кој своето учење за митарствата го изложил во "Беседа за излегувањето на душата и за Страшниот суд". За ова зборува и блажена Теодора, а се наоѓа во житието на св. Василиј Нови (26 март).

Митарствата треба да се претставуваат, колку што е можно повеќе, во духовна смисла, а не во грубо телесна.

С. митарство
**Р.** мытарство
**Е.** tax-gathering
**F.** douane *f*
**D.** Zöll
Г. τελώνια, ἡ
**Цсл.** **мытарство**
**L.**

M-21 **МИТНИК**

Собирач на данок, лихвар, цариник. Митниците биле мошне омразени од својот народ, иако биле Јудеи. Нив ги споредувале со паганите и прељубодејците и ги сметале за големи грешници (*Мт.* 18.17; 21.32; 9.1), затоа што биле во служба на римските власти и, при извршувањето на својата должност, земале повеќе отколку што требало и неправедно се богателе, ограбувајќи го на тој начин својот народ. Во духовна смисла - митници се злите духови - ѓаволите.

С. митар

**Р.** мытарь, мытник
**E.** tax-gatherer
**F.** douanier *m*; publicain *m*
**D.** Zöllner *m*
Г. τελώνης, ὁ
**Цсл. мытарь, мытникъ**
**L.** telonarius, publicanus, -i, *m*

М-22 **МИТРА**

Вид украсена капа што архиереите (епископите) ја носат за време на богослужбите. Според св. Симеон Солунски, митрата е усвоена за епископскиот чин како подражавање на старозаветните првосвештеници кои носеле кидар на своите глави. Со својот надворешен царски изглед, символизирајќи го високото достоинство на архијерејот, таа всушност е знак на неговата сопствена покорност на Христовото Евангелие, што се покажува со тоа што на неа, како и на секое напрестолно Евангелие, е изобразен ликот на Спасителот, на Богородица и на евангелистите. Во почетокот митрата била мал венец кој подоцна е затворен и проширен кон врвот. Во Руската православна црква право на носење митра имаат и заслужни свештеници - протојереи.

С. митра
**Р.** митра
**E.** miter
**F.** mitre *f*
**D.** Mitra *f*; Bischofsmütze *f*
Г. μίτρα, ἡ
**Цсл. митра**
**L.** mitra, -ae, *f*

М-23 **МИТРОПОЛИЈА**

Главен град (мајка-град) на некоја област или земја, во кој се наоѓа седиштето на митрополитот; Административна зграда на епархија, која ја управува митрополит.

С. митрополија
**Р.** митрополия
**E.** diocese of a metropolitan; metropolitan's residenc
**F.** métropole *f*
**D.** Metropole *f*
Г. μητρόπολις, ἡ
**Цсл. митрополїа**
**L.** dioecesis (metropolis, *f*)

М-24 **МИТРОПОЛИТ**

Архијереј на областен град, кому му се потчинети сите други епископи од таа област. Буквално значи мајка на град.

С. митрополит
**Р.** митрополит
**E.** metropolitan
**F.** métropolite *m*
**D.** Metropolit *m*
Г. μητροπολίτης, ὁ
**Цсл. митрополитъ**
**L.** metropolita

М-25 **МОЛЕБЕН**

Богослужение кое се извршува по некоја особена потреба, општествена или поединечна, на пр. како израз на благодарност кон Бога за некое Негово благодејание кон народот, населено место, семејство или одделно лице; за умилостивување на праведниот суд Божји, кој посетува цело општество или одделно лице со некоја казна - војна, смртоносни рани, болести, суша, земјотреси, пожари и др.; молебен на Богородица или на некој светител, чие име го носиме, или кој особено се застапува за нас.

С. молебан
**Р.** молебен
**E.** devotion; prayer
**F.** moleben *m*
**D.** Andacht *f*
Г. δοξολογία, ἡ, παρακλητική, ἡ
**Цсл. молебенъ**
**L.** obsecratio, -onis *f;* oratio, -onis, *f*

М-26 **МОЛИТВА**

Најкусо речено, молитвата е разговор на душата човекова со Бога. За неа

има укажувања уште во Ст. завет. Пред доаѓањето на Спасителот, биле установени задолжителни правила за извршување молитва, како и определени часови за тоа. Молитвата на Евреите и на паганите се одликувале со пространост и малосмисленост. Христос ги осудил таквите молитви и за образец ја дал т.н. молитва Господова - "Отче наш..." Подоцна, врз основа на учењето на Спасителот и на апостолите, во Црквата е изработѐн еднообразен поредок за извршување на молитвата (во општественото и домашното богослужение). Во православната духовност особено се практикува т.н. молитва на срцето или Исусова молитва: "Господи Исусе Христе, Сине Божји, смилувај се на мене грешниот". Молитвата и постот се најефикасното средство против нечистите духови

С. молитва
**Р.** молитва
**E.** prayer
**F.** prière *f*
**D.** Gebet *n*
Г. εὐχή, ἡ, προσευχή, ἡ, δέησις, ἡ
**Цсл. молитва**
**L.** oratio, -onis, *f*

## М-27 МОЛИТВЕНИК

Книга според која се извршуваат молитвите; угодник Божји, кој во своите молитви се застапува за луѓето (Сирах 36,18); богомолец, кој се моли за некого.

С. молитвеник
**Р.** молитвенник
**E.** euchologion, prayer book; devout prayer
**F.** euchologe *m*; livre *m* de prière; dévot
**D.** Gebetbuch *n*
Г. εὐχολόγιον, τό; ἱκέτης, ὁ
**Цсл. молитвеникъ**
**L.** breviarium, -ii, *n*

## М-28 МОНАХ

Сам, кој живее осаменички живот. Така се именуваат луѓе кои се одречуваат од овосветскиот живот и даваат завет за непорочен живот, послушност и сиромаштија, посветувајќи Му се целосно на Бога. Има три монашки степени, кои се разликуваат не само по внатрешното подвижништво туку и по надворешноста, односно по облеката. 1. Монасите од почетниот степен се именуваат расофорни. Нивната облека е расо и камилавка. 2. Малосхимници, какви што се поголемиот дел од монасите. Нивната облека, покрај онаа од првиот степен, е: појас, клобук на камилавката и мантија или палиј. 3. Великосхимници - највисокиот и највозвишениот монашки степен, наречен "ангелски образ".

С. монах
**Р.** монах
**E.** monk
**F.** moine *m*
**D.** Mönch *m*
Г. μοναχός, ὁ
**Цсл. монахъ**
**L.** monachus, -i, *m*

## М-29 МОНОТЕИЗАМ

Еднобоштво; вера во постоењето на еден Бог (од μόνος - еден, и Θεός – Бог). Спротивен на монотеизмот е политеизмот - верувањето во многу (πολυ-) богови.

С. монотеизам
**Р.** монотеизм
**E.** monotheism
**F.** monothéisme *m*
**D.** Monotheismus *m*
Г. μονοθεϊσμός, ὁ; μονοθεΐα, ἡ
**Цсл. единобожїе**
**L.** montheismus, -i, *m*

## М-30 МОНОТЕЛИТСТВО

Ерес, учење според кое Богочовекот Христос има само една волја (< μόνος – еден, и θέλημα – волја). Човечката природа во Христа нема способност за сопствена дејност. Затоа таа е само орган, послушен инструмент во рацете на Логосот - Словото. Оваа ерес е осудена на Шестиот вселенски собор (680-681 г.).

С. монотелитство
**Р.** монофелитство

E. monothelitism
F. monothélisme *m*
D. Monothelitismus *m*
Г. μονοθελητισμός, ὁ
**Цсл. монодєлитство**
L. monothelitismus, -i, *m*

M-31 **МОНОФИЗИТСТВО**

Ерес што ја застапувал цариградскиот архимандрит Евтихиј, кој учел погрешно дека Христос има само една природа, поради што неговите приврзаници се наречени монофизити (μόνος - сам, еден, и φύσις - природа). Според него, Божјата природа во Христа, при ипостасното соединување, ја проголтала човечката природа. Ова учење е осудено на Четвртиот вселенски собор во Халкидон (451 г.), со определбата за Христа ἐν δύω φύσεσιν, т.е. "во две природи".

С. монофизитство
**Р.** монофизитство
**E.** monophysitism
**F.** monophysisme *m*
**D.** Monophysismus *m*
Г. μονοφυσισμός, ὁ
**Цсл.**
**L.**

M-32 **МОРАЛ**

Збир од добри обичаи, норми, добродетели, кои овозможуваат хармоничен опстанок, живот и развој на поединецот и на општеството; разликување на доброто од злото и живеење според доброто, а избегнување на злото. Христијански морал - живеење според Христовото учење и заповеди, кои кулминираат во љубовта кон Бога и кон ближните. Правила на однесување на некоја идеологија, философска школа или правец и сл. Така, на пр., се зборува за социјалистички морал, стоички морал, спортски морал, војнички морал итн.

С. морал
**Р.** мораль, нрав
**E.** moral
**F.** morale *f*
**D.** Moral *f*
Г. ἦθος, τό
**Цсл. нравъ**
**L.** mos, moris, *m*

M-33 **МОШТИ**

Тело, делови од тело, остатоци, коски од светител.

С. мошти
**Р.** мощи
**E.** relics
**F.** relique *f*
**D.** Heiligengebeine *pl.*
Г. λείψανα, τά
**Цсл. мощи**
**L.** reliquiae, arum, *fpl.*

# Н

Н-1 **НАДБЕДРЕНИК**

Четвороаголно платно кое се обесува (виси) на појасот од десното бедро, слично на меч, па оттука значи духовен меч, словото Божјо, со кое епископот или свештеникот е вооружен против еретиците, со кој ќе ги отстрани оние што не веруваат или потонале во нечист живот. Надбедреник носи само епископ, но го добиваат и заслужни свештеници со повисоко достоинство, како на пр. протопрезвитери (протојереи), игумени, архимандрити, како знак на одликување и учество во црковната власт.

С. надбедреник
**Р.** набедренник
**E.** ceremonial garter
**F.** épigonation, *m*
**D.** Epigonation
Г. ἐπιγονάτον, τό; ὑπογονάτον, τό
**Цсл. набедреникъ**
**L.** mappula, -ae *f*

## Н-2 **НАЗОРЕЈ (-РЕИ) (НАЗАРЕЈ)**

Класа посветени Евреи, кои давале завет за воздржување од вино и други пијалаци, нестрижење на косата и, воопшто, избегнување на секакво осквернување. Назорејството цутело особено за времето на судиите. Назореи биле Самсон и Самуил. Во Новиот завет назореи биле Г. Исус Христос и Јован Крстител. Заветот назорејство, кој имал огромно религиозно-морално значење, се јавува како прототип на монаштвото.

С. назореј
**Р.** назарей
**Е.** Nazarite
**F.** nazôreen *m*
**D.** Nazaräer *m*
Г. Ναζωραῖος (Ναζαραῖος), ὁ
**Цсл. назареи, назореи**
**L.** nasoraeus; nazarenus, -i, *m*

## Н-3 **НАМЕСНИК**

Претставник, помошник на епископ во управувањето со определена црковна област - град или повеќе села - парохии, т.н. архијерејски намесник.

**С.** намесник
**Р.** наместник
**Е.** curate
**F.** vicaire *m*
**D.** Vikar *m*
Г. διάδοχος, ὁ
**Цсл. намѣстникъ**
**L.** vicarius, -ii, *m*

## Н-4 **НАСТОЈАТЕЛ**

Претстојател, началник на манастир; најстар свештеник на соборна или парохиска црква; глава на дом или семејство.

С. настојатељ
**Р.** настоятель
**Е.** prior
**F.** supérieur *m*
**D.** Vorsteher *m*
Г. πρόεδρος, ἐπιστάτης, ὁ
**Цсл. настоѧтель**
**L.** antistes, -itis, *m*

## Н-5 **НАФОРА**

Благословен леб, остатокот од просфората од која се вади Св. Агнец за Евхаристијата, што свештенослужителот на крајот од Литургијата им го разделува на верниците кои не се причестиле, како еден вид замена за Причесната. Нафората се прима на гладно срце.

**С.** нафора
**Р.** антидор
**Е.** antidoron; holy bread; eulogia
**F.** antidore *m*
**D.** Oblate *f*
Г. ἀντίδωρον, τό
**Цсл. антї́дѡръ**
**L.** panis benedictus

## Н-6 **НЕЗНАБОЖЕЦ (ПАГАН)**

Идолопоклоник, многубожец, поклоник на лажни божества, идоли, предмети; јазичник - човек што не верува во еден Бог. Така бил именуван секој поединец или народ што не припаѓал на еврејскиот народ (goi = туѓ, што не верува во Јехова).

С. незнабожац
**Р.** язычник
**Е.** pagan
**F.** païen *m*
**D.** Heide *m*
Г. ἐθνικός, ὁ
**Цсл. ꙗзычникъ**
**L.** paganus (< pagus, -i, m = село)

## Н-7 **НЕЗНАБОШТВО (ПАГАНСТВО)**

Идолопоклонство, многубоштво, јазичество, политеизам, поклонување на идоли како на божемни божества. Од предметот на поклонувањето, незнабоштвото (јазичеството) прима разни форми и називи, како на пр.: фетишизам, шаманизам (в. долу) и

др. Господарејќи со светот во Ст. завет, во него често паѓал и богоизбраниот израилски народ. Христијанството водело и води против него упорна борба. Но и меѓу т.н. христијани незнабоштвото (идолопоклонството) има голема сила, или во вид на грубо суеверие и волшебство (баење, врачање, гатање), или во форма на груб материјализам, или во вид на префинет деизам среде т.н. образована класа.

С. незнабоштво
**Р.** язычество
**E.** heathenism; paganism
**F.** paganisme *m*
**D.** Heidentum *n*; Paganismus *m*
Г. εἰδωλολατρεία, ἡ
**Цсл. ꙗзычество**
**L.** paganismus, paganitas, -tatis, *f*

Н-8 **НЕОФИТ**

Буквално значи "новонасаден"; назив за новокрстен христијанин. Оние што биле крстени за Велигден, во текот на целата "Светла седмица" - од Велигден до Томина недела, ја носеле белата облека што им е давана при крштевањето, редовно присуствувале на сите богослужби и се причестувале.

**С.** неофит
**Р.** неофит
**E.** neophyte
**F.** néophyte *m*
**D.** Neophytos *m*
Г. νεόφυτος, ὁ, ἡ
**Цсл. новосажденъ**
**L.** neophitus; recens baptizatus

Н-9 **НЕПОРОЧЕН (-НИ)**

Чист, беспрекорен, без вина, без недостатоци, безгрешен, безлобен; Непорочни - тропари (песни) што се пеат на воскресната утрена по седалните, како и на други служби, а името го добиле по тоа што припевот, рефренот, со кој тие се пеат (Благословен си Господи...) е земен од 118 псалм, кој почнува вака: "Блажени непорочнии въ путь".

С. непорочан
**Р.** непорочен
**E.** sinless; irreproachable
**F.** chaste, inocent, irréprochabe
**D.** sündenlos
Г. ἄμεμπτος
**Цсл. непороченъ, -ыи**
**L.** irreprehensibilis (inocens, -ntis)

Н-10 **НИСАН**

Првиот месец еврејски, кој приближно одговара на нашиот месец март.

С. нисан
**Р.** нисан
**E.** Nisan; Nissan
**F.** Nissan *m*
**D.** Nissan *m*
Г. Νισάν
**Цсл. нисанъ**
**L.** martius

# O

О-1 **ОБРАЗ**

Слика, образец, лик; термин што најчесто се употребува во врска со човекот кој е единственото суштество создадено според "образ Божји" (I *Мој.* 1.26-27). Тоа е оној елемент Божји во човекот кој го прави различен од сите други созданија. Тоа е целокупната личност на човекот - душата и телото. Образот Божји во човекот е неуништлив. Првородниот грев Адамов само го повредил, унакажал образот. - Христос дошол да го обнови.

**С.** слика, лик
**Р.** образ
**E.** image
**F.** image *f*
**D.** Gottenbildlichkeit *f*; Heligenbild *n*
Г. εἰκών, ἡ
**Цсл. образъ / ѡбразъ**
**L.** imago, -ginis

O-2 **ОГЛАСЕН**

В. Катихумен

O-3 **ОДИГИТРИЈА**

Патеводителка - икона на пресвета Богородица што ја живописал св. ап. и евангелист Лука. Оваа икона царицата Евдокија ѝ ја испратила на царицата Пулхерија во Цариград, која изградила посебен храм во кој била чувана.

С. одигитрија
**Р.** одигитрия
**E.**
**F.**
**D.** Wegweiserin *f*
Г. ὁδηγητρία < ὁδός, ἡ – пат, и ἄγω – води
**Цсл.** одигитрїа
**L.**

O-4 **ОКТОИХ**

Буквално значи осмогласник. Заради појаснување на овој термин, потребно е најнапред да се каже дека во богослужението на Православната црква има осум гласови (соодветно на *Окшаваша,* составена од heptacord + почетната нота од горната скала). Секој глас има неколку варијанти, на пр. самогласен, стиховски, тропарски. Еден глас се пее во текот на цела седмица и во тој глас се пишувани соодветните песни за секој ден во седмицата. Кругот од осум гласови за осум седмици се именува ***сшолй***. Такви столпови во годината може да има најмногу шест, од кои првиот започнува во прватанедела од Апостолскиот (Петровденскиот) пост; вториот - по Илинден; третиот - по Крстовден; четвртиот - во Божикниот пост; петтиот - по Богојавление; шестиот - во Велигденскиот пост. Книгата која во себе ги содржи седмичните служби за осумте гласови се именува Октоих. Се дели на два тома: I-IV и V-VIII глас. Основите на осмогласното пеење ги поставил св. Јован Дамаскин во осмиот век.

С. октоих
**Р.** октоих
**E.** octoechos
**F.** octoèque *m*; paraclitique *m*
**D.** Oktoechos *m*
Г. ὀκτώηχος, ὁ
**Цсл.** октоихъ
**L.** octoëchus

O-5 **ОЛТАР**

Возвишен, издигнат жртвеник. Најсветиот дел од храмот, бидејќи во него се извршуваат најважните свештенодејствија. Најважниот, централниот дел од олтарот е св. престол, кој се именува и чесна или света трпеза, на кој се извршува Новозаветната бескрвна жртва и на која Христос, во св. Евхаристија (св. Причесна), е присутен под вид на леб и вино - оттука и називот "жртвеник", како за св. Престол, така и за целиот олтар. Во православната Црква олтарот е одвоен од другиот дел на храмот со иконостас, а има облик на полукруг, поради што се именува апсида.

С. олтар
**Р.** алтарь
**E.** altar
**F.** autel *m*
**D.** Altar *m*
Г. θυσιαστήριον, τό; ἱερατεῖον, τό
**Цсл.** алтарь
**L.** altare < alta "висок" и ara "жртвеник"

O-6 **ОМИЛИЈА (ОМИЛИТИКА)**

Проповед со толкување на определен текст од Св. писмо. Омилитика - наука за црковното проповедништво.

С. омилија
**Р.** омилия (проповедь)
**E.** homily
**F.** homélie *f*; homilétique *f*
**D.** Homilie *f*; Homiletik *f*
Г. ὁμιλία, ἡ
**Цсл.** омилїа
**L.** homilia (oratio, -ionis, *f*; sermo, -onis, *m*)

O-7 **ОМОФОР**

Најважната архијерејска литургиска одежда, без која епископ не може да врши ниту едно поважно свештенодејство. Се става на рамената и се спушта напред и назад. Симболички ја означува загубената овца, односно човечкиот род, што Господ Христос ја зел на рамо (ὦμος) и ја вратил на своето место. Има голем и мал омофор. Во првиот - архијерејот се облекува на почетокот на Литургијата и го носи до читањето на Апостолот, како и на сите свечени литии надвор од храмот. Во малиот омофор ја извршува проскомидијата, осветувањето на даровите, ракополагањето на ѓакон и свештеник, и сите други св. тајни, како и треби и молитвословија во храмот.

С. омофор
**Р.** омофор
**Е.** pallium
**F.** pallium *m*, omophorion
**D.** Pállium *n*
Г. ὠμοφόριον, τό
**Цсл. омофоръ, омофоріи**
**L.** pallium, -ii, *n*

O-8 **ОПТИМИЗАМ**

Сфаќање, склоност, а и препорака на христијанската етика е, настаните и нештата во животот и во светот да се гледаат од нивната најдобра страна.

С. оптимизам
**Р.** оптимизм
**Е.** optimism
**F.** optimisme *m*
**D.** Optimismus *m*
Г. αἰσιοδοξία
**Цсл.**
**L.** optimus (најдобар) > bonus

O-9 **ОРАР**

Ѓаконска литургиска одежда, во вид на тесно, долго платно, што за време на службата ѓаконот го носи на левото рамо < лат. orarium - со првобитно значење "крпа за бришење лице".

С. орар
**Р.** орар
**Е.** deacon's stole; orarion
**F.** orarion *m*
**D.** Stole *f*; Stola *f*
Г. ὀράριον, τό; < лат. orarium
**Цсл. ѡраръ**
**L.** orarium > orare! (orarium, i, *n*)

O-10 **ОРЛЕЦ**

Орел; мал тркалезен килим, на кој е претставен орел со ореол околу главата, кој надлетува град. Го симболизира народот над кој треба да бдее епископот. Овој (епископот) стои врз него за време на хиротонијата, и секојпат кога служи.

**С.** орлец
**Р.** орлец
**Е.** eagle
**F.** aigle *m*
**D.** Adler *m*
Г. ἀετός ὁ
**Цсл. орлецъ**
**L.** aquila, -ae, *f*

O-11 **ОРТОДОКСЕН**

Православен, правоверен; оној што право мисли, право верува; член на Православната црква, православен христијанин.

С. ортодоксан
**Р.** православный
**Е.** orthodox
**F.** orthodoxe
**D.** rechtgläubig; orthodox
Г. ὀρθόδοξος < ὀρθῶς "право" и δοκέω "мисли"
**Цсл. православный**
**L.** orthodoxus

O-12 **ОТЕЦ**

Првото лице на Света Троица, Бог Отец - вечен Отец на вечниот Син, Г. И. Христос (*Лк*. 10,22). Отец на идниот век (*Ис*. 9.5-6); Бог е Отец и на сите оние што, живеејќи според Божјите заповеди, стану-

ваат синови Божји по благодат; Авраам е отец - татко на многу народи по вера...; Свети отци се именуваат поголем број црковни учители, светители, а науката што се занимава со нивното проучување се именува патрологија - наука за св. Отци; Со "Отец", "Отче", се обраќаме кон свештени лица затоа што тие, преку св. тајна крштение, нѐ преродуваат, нѐ раѓаат повторно за вечен живот; духовен отец, духовник - свештено лице кое се грижи за духовниот раст на еден христијанин.

С. отац
**Р.** отец
**Е.** father
**F.** père *m*
**D.** Vater *m*; der Heilige Vater
Г. πατήρ, ὁ
**Цсл. отецъ**
**L.** pater, -tri, *m*

О-13 **ОТКРОВЕНИЕ**

1.Така се именуваат вистините што Бог им ги открива на луѓето за Себе, за светот, за човекот и за смислата на своето постоење, за животот и за спасението. Под откровение се подразбира уште и актот на Божјата волја, преку кој Бог ги открива своите намери и цели во овој свет и на човекот му ги објавува вистините на верата до кои тој никогаш не би дошол со својот разум. Тоа е манифестација на Бога во природата; објавување на тајните што се однесуваат на Бога и на Неговиот однос спрема светот и човекот; средство преку кое човекот Го спознава Бога и она што е натприродно. Откровението се јавува во два облика: природно и натприродно. Под природно Откровение ги подразбираме оние вистини за Бога што ни се откриени преку видливата природа, преку Неговите дела во видливиот свет, а особено преку боголиката душа. Под натприродно Откровение се подразбираат оние вистини што Бог им ги открил на луѓето на натприроден начин преку Своите избраници во Стариот завет - патријарсите, пророците, а во целост преку Својот Син Исус Христос.

2. Пророчка книга на св. апостол Јован Богослов, со која завршува Библијата.

С. откровење
**Р.** апокалипсис
**Е.** revelation
**F.** révélation *f*
**D.** Offenbarung *f*; Apokalypse *f*
Г. ἀποκάλυψις, ἡ
**Цсл. апокалѷѱісъ**
**L.** revelatio, -onis, *f* (apocalypsis, *f*)

О-14 **ОТПУСТ**

Благослов, завршна молитва што свештеникот ја кажува на крајот од едно богослужение (вечерна, утрена, Литургија...) на царските двери, свртен кон народот - верниците. Зависно од деновите, богослужбите или празниците, отпустот може да биде голем или мал.

**С.** отпуст
**Р.** отпуст
**Е.** apolysis
**F.** apolyse *f*; renvoi *m*
**D.** Apolysis *f*
Г. ἀπόλυσις, ἡ
**Цсл. ѿпꙋстъ**
**L.** dimissio, -onis, *f*

О-15 **ОТШЕЛНИК**

Монах кој не живее во манастир, туку осамено. Синоним на пустиник, анахорет.

**С.** отшелник
**Р.** отшельник
**Е.** hermit
**F.** anachorète *m*; ermite *m*
**D.** Anachoret *m*
Г. ἀναχωρητής, ὁ
**Цсл. ѿшельникъ**
**L.** eremita

# П

## П-1 **ПАНАГИЈА**

Сесвета или Пресвета (од πᾶν - "сè", и ἅγιος, 3 – "свет"). Мала икона во тркалезна форма со ликот на Исуса Христа и на Пресвета Богородица со детето, изработена од скапоцен материјал, што епископите ја носат на градите како знак дека го носат Христа во срцето и дека се надеваат во посредувањето на Неговата Пресвета Мајка.

Чин на благословување леб, при што се изговараат зборовите: "Велико име на Пресвета Троица, Пресвета (Панагија) Богородице, помагај ни". Овој чин има апостолско потекло и е поврзан со настанот на "Успението на Мајката Божја - Богородица".

С. панагија
**Р.** панагия
**E.** encopion; panagia
**F.** panagie *f*
**D.** Panagia *f*
Г. παναγία, ἡ
**Цсл. панагі́ѧ**
**L.**

## П-2 **ПАНЕГИРИК**

Собир на целиот народ (πανήγυρις); вид литература и говорничка вештина која претставува пофхвала на животот и дејноста на некоја личност. За основа послужиле надгробните слова кај Грците и Римјаните, како пофхвали на умрените. Подоцна се произнесувани и во чест на живите на сенародни собранија. Со ширењето на христијанството панегирикот добива карактер на апологија (одбрана) на верата и поука на живите, во духот на верата, и се произнесува во празничен ден на еден или друг светител.

С. панегирик
**Р.** панегирик
**E.** laudatory speech; panegyric
**F.** panégyrique *m*
**D.** Grabrede *f*; Panegyrikus *m*
Г. πανηγυρικός (λόγος)
**Цсл. панигирикъ**
**L.** panegyricus, i, *m*

## П-3 **ПАНИХИДА**

Буквално значи "сеноќна служба" (πᾶν "сè", и νὺξ "ноќ"). Денес под тоа име се подразбира служба за упокоени, умрени, т.н. парастос, која се врши во 3, 9, 40 ден, како и на годишнини од упокојувањето.

С. панихида
**Р.** панихида
**E.** vigil; (pannychis)
**F.** vigile *f*
**D.** Seelenandacht *f*
Г. παννυχίς, ἡ
**Цсл. панихида**
**L.** vigilia, -ae, *f*

## П-4 **ПАНТОКРАТОР**

1. Седржител, Семоќен. Се однесува општо на Бога, како и на секое Лице од Света Троица. Символот на верата започнува: "Верувам во еден Бог Отец, Седржител..." И Христос е Седржител (Пантократор), а и Светиот Дух. 2. Икона која Го претставува Бога како Творец на светот во централната купола (кубе) во храмот.

С. пантократор
**Р.** вседержатель
**E.** Pantocrator, Omnipotent; almighty
**F.** omnipotent *m*; tout-puissant *m*
**D.** Pantokrator *m*
Г. παντοκράάτωρ, ὁ
**Цсл. вседержитель**
**L.** omnipotens, -tis

## П-5 **ПАРАБОЛА**

Ставање напоредно, споредување; поучна приказна, настан, земена од секојдневниот живот, од материјалниот свет, која во себе носи длабока духовна порака. Тајните на Царството Божјо Христос ги

предавал преку параболи, на пр.: За сејачот и за семето, за блудниот син, за лозарите, за свадбата на царевиот син итн. Во Новиот завет можат да се избројат триесетина параболи.

С. парабола
**Р.** притча
**Е.** parable, comparison
**F.** parabole *f*
**D.** Parabel *f*
Г. παραβολή, ἡ
**Цсл. притча**
**L.** parabola, *ae, f*

П-6 **ПАРАКЛИС**

1. Мала црква во која се служи приватно и јавно богослужение, но не за обична црковна општина - парохија. Денес има јавни и приватни параклиси или капели. Првите се манастирски, семинариски (при богословски училишта), епископски, во кои на богослужбите можат да учествуваат и други христијани. Вторите се војнички, болнички, затворски итн. 2. Дел од некоја поголема црква (храм), со додатен олтар.

С. параклис
**Р.** капелла
**Е.** chapel
**F.** chapelle *f*
**D.** Kapelle *f*
Г. παρεκκλησία, ἡ, παράκλησις
**Цсл. параекклисїа**
**L.** capella, -ae, *f*

П-7 **ПАРАКЛИТ**

Утешител, адвокат. Име за третото Лице од Света Троица - Светиот Дух, земено од последниот проштален говор на И. Христа со учениците, кога им вели: "Јас ќе Го помолам Отецот, и Он ќе ви даде друг Утешител, за да биде со вас довека, Духот на вистината, Кого светот не може да Го прими, оти не Го виде, ниту Го познава; а вие Го познавате, зашто во вас е и во вас ќе биде" (*Јн.* 14.16-17). "А кога ќе дојде Утешителот, Когошто ќе ви Го испратам Јас од Отецот, Духот на вистината, Кој излегува од Отецот, Он ќе сведочи за Мене" (*Јн.*15.26).

С. Утешитељ
**Р.** Утешитель
**Е.** Consoler; paraclete; Comforter
**F.** Consolateur, *m*
**D.** Tröster *m*; Paraklet *m*
Г. Παράκλιτος, ὁ
**Цсл. оутѣшитель**
**L.** Consolator, -oris, *m*

П-8 **ПАРАМАН(Д)**

Четвороаголно платно со слика на крст, трска и копје, и со прошиени врвци на аглите. Монасите го носат на плеќите како симбол на бремето Христово што го зеле на своите плеќи заради зауздување на телесните желби.

**С.** параман(д)
**Р.** параман(д)
**Е.** scapular
**F.** scapulaire *m*
**D.** Skapulier *n*
Г. παραμανδύας, ὁ
**Цсл. парамангъ**
**L.** scapulare < scapulae - плеќа

П-9 **ПАРАМОНАР**

Прислужник, клирик кој во старата Црква пазел на редот и чистотата во храмот, ги палел и гасел свеќите и кандилата, подготвувал просфори и вино за проскомидијата, огин и темјан за кадилницата. Денес овие работи ги вршат т.н. клисари.

**С.** парамонар
**Р.** парамонар
**Е.** paramonare; ostiary; verger
**F.** paramonaire *m*
**D.** Mansionarius; Ostrier
Г. παραμονάριος, ὁ
**Цсл. парамонаръ**
**L.** mansionarius, -ii, *m* (custos ecclesiae)

П-10 **ПАРАСТАС**

Служба за упокоени, починати христијани.

В. Панихида.

**С.** парастас
**Р.** парастас
**Е.**
**F.** office des morts
**D.**
Г. παράστασις, ἡ
**Цсл. парастасъ**
**L.**

П-11 **ПАРЕНЕЗА**

Говор со кој се бодри, советува, опоменува, препорачува, поттикнува на добродетелен живот.

С. паренеза
**Р.** паренеза
**Е.** spoken exhortation
**F.** parénèse *f*
**D.** Paränese *f*
Г. παραίνεσις, ἡ
**Цсл. паренесисъ**
**L.** adhortato, -onis, *f*

П-12 **ПАРИМЕЈНИК**

Богослужбена книга, зборник со паримии - избрани текстови од Св. писмо.

**С.** паримејник
**Р.** паремейник
**Е.**
**F.** Recueil de parémies
**D.**
Г.
**Цсл. Паремейникъ**
**L.**

П-13 **ПАРИМИЈА**

Збор, поговорка, мудра изрека, приказна; избрани текстови од Св. писмо во врска со определен празник - пророштва од Стариот завет, кои се однесуваат на настани од Новиот завет, објаснување на смислата на празникот, одломки во врска со празнуваниот светител. Паримиите се читаат на празници и за време на Велигденскиот пост, на вечерна, по прокименот.

**С.** паримија
**Р.** паремия
**Е.** parable
**F.** parémie *f*
**D.** Parabel *f*
Г. παροιμία, ἡ
**Цсл. паремїѧ**
**L.** proverbium, -ii, *n* (*pl.* proverbia)

П-14 **ПАРТЕНОГЕНЕЗА**

Бессеменото, безгрешно зачнување на Г. Исуса Христа од Св. Дева Марија.

С. партеногенеза
**Р.** партеногенез
**Е.** parthenogenesis
**F.** parthénogénèse *f*
**D.** Parthenogenese *f*
Г. παρθένος "девојка" и γένεσις "раѓање"
**Цсл.**
**L.** parthenogenesis

П-15 **ПАРТЕНОС**

Девојка - се однесува на Св. Дева Марија, Богородица.

С. партенос
**Р.** дева
**Е.** virgin
**F.** vierge *f*
**D.** Jungfrau *f*
Г. παρθένος, ἡ
**Цсл. дѣва**
**L.** virgo, -inis, *f*

П-16 **ПАРУСИЈА**

Назив за Второто Христово пришествие (доаѓање) и за Страшниот суд.

С. парусија
**Р.** пришествие (парусия)

**E.** Parousia
**F.** parousie *f*
**D.** Parusie *f*
Г. παρουσία, ἡ
**Цсл. второе пришествїе**
**L.** adventus

П-17 **ПАСТВА**

Стадо (духовно); епископот, свештеникот е пастир на своето духовно стадо - верниците.

С. паства
**Р.** паства
**E.** congregation
**F.** troupeau *m* (de fidèles)
**D.** Gemeindeglieder *npl*; Kongregation *f*
Г. ποίμνιον, τό
**Цсл. паства**
**L.** pascuum

П-18 **ПАСТИР**

Духовен водач. Христос е Добриот Пастир, Кој душата своја ја полага за овците (народот) свој. Така се именуваат и свештени лица (епископи и свештеници), кои се одговорни за довереното им духовно стадо - паствата.

С. пастир
**Р.** пастырь
**E.** pastor
**F.** pasteur *m*
**D.** Hirte *m*
Г. ποιμήν, ὁ
**Цсл. пастирь, пастꙋхъ**
**L.** pastor, *-is, m*

П-19 **ПАСХА**

Еврејски збор кој буквално значи премин, промена на местото (pesach). 1. Еврејски празник, установен во спомен на излегувањето на Евреите од египетското ропство, под водство на Мојсеј, во ветената земја Ханаан. Пасхалното јагне е праслика на Христа (II.*Мој.*). 2. Назив за најголемиот христијански празник Велигден - Воскресението Христово. 3. Христос е нашата Пасха, Кој со Својата крсна смрт и воскресение ни овозможи премин од смртта кон животот и од земјата кон небото.

С. Пасха
**Р.** Пасха
**E.** Passover, Pesach
**F.** Pâques *f pl*
**D.** Passah *n*
Г. πάσχα, τό
**Цсл. пасха**
**L.** Pascha, ae, *f*

П-20 **ПАСХАЛИЈА**

1. Црковен пресметувач; наука која има за цел однапред да го пресметува датумот на празникот Велигден (Пасха) и подвижните празници што зависат од Него, сообразувајќи се со утврденото правило на Првиот вселенски собор во Никеја 325 г., според кое Велигден се празнува во првата недела по полната месечина, по пролетната рамнодневица. 2. Црковен календар; целина од таблици (пасхални таблици) кои овозможуваат однапред да се пронајде датата на Велигден за година што нè интересира.

**С.** пасхалија
**Р.** пасхалия
**E.** Eastertide; Paschaltide
**F.** Comput pascal
**D.** Ostertriduum *n*; Osterzeit *f*
Г. πασχάλια ἡ
**Цсл. пасхалїа**
**L.** computus paschalis

П-21 **ПАТЕРИК**

Зборник со житија на светии, особено на "оци" на некој манастир, кои се канонизирани. Син. Отечник.

**С.** Патерик
**Р.** патерик
**E.** patericon
**F.** patéricon *m*
**D.** Paterikon *m*
Г. πατερικόν, τό

**Цсл.** **отечникъ**
**L.** patericon

П-22 **ПАТЕРИЦА**

Епископски, владички стап.

**С.** патерица
**Р.** патерица
**Е.** pateritsa
**F.** baton *m* (d'évêque)
**D.** Pateritsa
Г. πατερίτσα, ἡ
**Цсл.** **патерица**
**L.** pateritsa

П-23 **ПАТРИЈАРХ**

1. Поглавар на помесна, автокефална Црква. 2. Патријарси се именуваат и родоначалниците на избраниот народ Божји (еврејскиот), кои биле носители на вистинската религија и поврзаното со неа очекување на Месијата - Спасителот Христос. Познати се десет патријарси до потопот: Адам, Сит, Енос, Каинан, Малелеило, Јаред, Енох, Матусал, Ламех и Ное. По потопот: Авраам, Исаак, Јаков и Јосиф. Првите се одликуваат со мошне долг живот.

С. патријарх
**Р.** патриарх
**Е.** patriarch
**F.** patriarche *m*
**D.** Patriarch *m*
Г. πατριάρχης, ὁ
**Цсл.** **патрїархъ**
**L.** patriarcha (-es)*, ae, m*

П-24 **ПЕДЕСЕТНИЦА**

1. Црковен празник во спомен на слегувањето на Св. Дух врз апостолите во педесеттиот ден по Велигден, кај нас попознат како Дуовден. Уште се именува и Троичин ден, поради тоа што, по слегувањето на Св. Дух, појасно ни е откриена тајната на Св. Троица, односно триипостасното и едносушното Божество на Отецот, Синот и на Светиот Дух. Во тој ден се слави и роденденот на Црквата. 2. Втор од трите големи празници на еврејскиот народ, установен во спомен на давањето на Синајскиот закон - Декалогот или Десетте Божји заповеди, кој е празнуван педесет дена по Пасхата, оттука и името. Се именува уште и празник на жетвата, како и Празник на првите плодови.

С. Педесетница
**Р.** Пятидесятница
**Е.** Pentecost; Whitsunday
**F.** Pentecôte *f*
**D.** Pfingsten *n*
Г. πεντηκοστή, ἡ
**Цсл.** **пѧтьдесѧтница**
**L.** pentecoste, *-es, f*

П-25 **ПЕКОЛ**

Место за мачење на непокајаните грешници.

В. Ад.

С. пакао
**Р.** ад; пекол
**Е.** hades, gehenna; hell
**F.** enfer *m*
**D.** Hölle *f*
Г. γέεννα, ἡ; ᾅδης, ὁ
**Цсл.** **адъ, геенна**
**L.** infernus; gehenna, ae, *f*

П-26 **ПЕНТИКОСТАР**

Богослужбена книга која ги содржи службите на Педесетницата од Велигден до Неделата на сите свети, по Дуовден. Се именува и Цветен триод, затоа што некогаш во него се наоѓале и службите од страсната седмица, почнувајќи од Цветната недела (Цветници), од Лазарева сабота.

С. пентикостар
**Р.** пентикостарий
**Е.** pentecostarion
**F.** pentecostaire *m*
**D.** pentekostarion *m*
Г. πεντηκοστάριον, τό
**Цсл.** **пентикостарїи**
**L.** pentecostarium, -ii, *n*

П-27 **ПИСМО (СВЕТО)**

Збирка книги на Стариот и Новиот завет, што христијанската Црква ги смета за Боговдахновени - напишани од луѓе вдахновени од Св. Дух. Стариот завет содржи 50 книги (во македонскиот превод на Св. писмо), а Новиот завет - дваесет и седум. И едните и другите книги, по содржина, се делат на законски, историски, поучни и пророчки.

В. Библија.

С. Свето писмо
**Р.** писание (священное)
**E.** Skripture (holy)
**F.** Écriture sainte *f*
**D.** Heilige Schrift *f*; Bibel *f*
Г. ἁγία γραφή, ἡ
**Цсл. писанїе, свѧщенное**
**L.** Scriptura (sancta); Scripturae, -arum, *fpl*

П-28 **ПНЕВМАТОЛОГИЈА**

Богословска дисциплина, наука која се занимава со проучувањето на теологијата за Св. Дух.

С. пневматологија
**Р.** пневматология
**E.** pneumatology
**F.** pneumatologie *f*
**D.** Pnevmatologie *f*
Г. πνευματολογία, ἡ
**Цсл.**
**L.** pneumatologia, -ae, *f*

П-29 **ПОБЕДОНОСЕЦ**

Епитет што се додава на името на св. великомаченик Георгиј - св. Ѓорѓи Победоносец.

**С.** победоносац
**Р.** победоносец
**E.** victorious
**F.** triomphateur; vainqueur *m*
**D.** Victorius
Г. τροπαιοφόρος, ὁ
**Цсл. побѣдоносецъ**
**L.** triumphator, -oris, *m*

П-30 **ПОВЕЧЕРИЕ**

Богослужение кое се извршува по вечерата. Има големо и мало повечерие. Малото се служи секој ден, а големото - во Велигденскиот пост и во некои големи празници: Божиќ, Богојавление, Благовештение и Дуовден.

С. повечерије
**Р.** повечерие
**E.** apodeipnon, compline
**F.** complies *fpl*
**D.** Abendgebet *n*
Г. ἀπόδειπνον, τό
**Цсл. повечерїе**
**L.** completorium, - ii, *n*

П-31 **ПОГРЕБ (-ЕНИЕ)**

Чин или обред кој се извршува по смртта на еден христијанин (опело).

**С.** погреб
**Р.** погребение
**E.** burial
**F.** obsèques *f pl*
**D.** Beerdigung
Г. ταφή, ἡ
**Цсл. погребенїе**
**L.** obsequiæ (sepultura, ae, *f*; humatio, -onis, *f*)

П-32 **ПОДВИГ**

Борба, истрајност, издржливост во совладувањето на пречки и искушенија на патот на духовниот раст, особено при страдањето, сведочењето и маченииштвото за Христа.

С. подвиг
**Р.** подвиг
**E.** struggle (spiritual)
**F.** combat *m* (spirituel)
**D.** Kühnheit *f*
Г. ἀγών, ὁ; ἄσκησις, ἡ
**Цсл. подвигъ**
**L.** certamen, -is, *n*; sollicitudo, -dionis, *f*

П-33 **ПОДВИЖНИК (-ШТВО)**

Борец, ревнител во христијанските добродетели.

С. подвижник
**Р.** подвижник
**E.** combatant
**F.** combattant *m*
**D.** Kämpfer *m*
Г. ἀγωνιστής, ὁ; ἀσκήτης, ὁ
**Цсл. подвижникъ**
**L.** certator, -is, *m*

П-34 **ПОДОБЕН**

Црковна песна, тропар, стихира која својот ритам и мелодија ги позајмува од друга песна, наречена "самоподобен", земена од октоихот или минејот.

**С.** подобан
**Р.** подобен
**E.** similar
**F.** imité; similaire
**D.** ähnlich
Г. προσόμοιον
**Цсл. подобенъ**
**L.** similis

П-35 **ПОДОБИЕ**

Сличност на едно нешто со друго нешто. Човекот, создаден по образ Божји, има задача постојано да се уподобува на својот Творец, на Бога. Богообразноста на човекот му е дадена без негова заслуга (в. *Бит.* 1.26-27), но подобието треба да го придобие со свој труд и подвиг. "Бидете совршени, како што е совршен вашиот Отец небесен", вели Г. И. Христос (*Мт.* 5. 48).

С. прилика
**Р.** подобие
**E.** resemblance
**F.** ressemblance *f*
**D.** Gottesebenbild *n*
Г. ὁμοίοσις, ἡ
**Цсл. подобїе**
**L.** similitudo, -dinis, *f*

П-36 **ПОЈАС**

Една од свештеничките одежди, со која се препојасува врз стихарот или епитрахилот, заради поудобно дејствување при богослужението. Препојасувањето означува готовност и сила за извршување на богослужбата.

С. појас
**Р.** пояс
**E.** girdle, belt
**F.** ceinture *f*
**D.** Gürtel *m*
Г. ξώνη, ἡ
**Цсл. поѧсъ**
**L.** cingulum, -i, *m* (zona, -ae, *f*)

П-37 **ПОКАЈАНИЕ**

Буквално значи преумување, промена на мислењето. - Св. тајна во која човекот грешник осознава дека со своите мисли и постапки Го навредил Бога и своите ближни, поради што чувствува гризење на совеста и длабоко жали, се кае, го менува својот начин на мислење се преумува, со намера да ги поправи своите грешки и повеќе да не греши. Потоа доаѓа исповедта пред исповедник (свештено лице) и добива разрешување, ослободување од Христа Бога, Кој единствен може да прости гревови. Покајанието е претскажано уште во Стариот завет, проповедано од св. Јован Претеча и од Христа, Кој својата проповед ја започнува со зборовите: Покајте се, зашто се приближи Царството небесно. Покајанието е установено како св. тајна кога Г. Христос им дал власт на Апостолите да опростуваат гревови (*Мт.* 18.18; *Јн.* 20. 22-23).

С. покајање
**Р.** покаяние
**E.** repentance, penitence, contrition
**F.** repentir *m*, pénitence *f*
**D.** Reue *f*
Г. μετάνοια, ἡ
**Цсл. покаѧнїе**
**L.** poenitentia, -ae, *f*

П-38 **ПОЛИЕЛЕЈ**

Дел од празничната утрена, кој започнува со пеење на псалмите 134 и 135 - **Хвалите имѧ господне**... и продолжува до почетокот на канонот. Причините за овој назив за тој дел од утрената едни ја гледаат во тоа што, во полиелејниот 135 псалм, зборот милост (ἔλεος) се повторува многупати во припевот - **іако во векъ милость егѡ**; други - во тоа што тогаш, во чест на празникот, се зголемува осветлувањето на храмот со палење свеќи и кандила на елеј (ἔλαιον). Денес тоа се обично големи лустери со многу сијалици во форма на пламен од свеќи, наречени полиелеи. И обете причини можат да бидат оправдани: - созвучноста на грчките зборови - ἔλεος и ἔλαιον можеби не е случајна; тоа укажува на сознанието дека елејот (маслото), е вештество кое ублажува болки и лекува, служи како симбол на Божјата милост што ја ублажува нашата ожесточеност и ги лекува нашите гревовни рани.

С. полиелеј
**Р.** канделябр, полиелей
**E.** rich in mercy; chandelier
**F.** très miséricordieu; candélabre *m*
**D.** Kronleuchter *m*; Kandelaber *m*
Г. πολυέλεος; πολυέλαιον; πολυκανδήλον
**Цсл. полиелеи**
**L.**

П-39 **ПОЛУНОЌНИЦА**

Полноќна богослужба, која се извршува во манастирите.

**С.** полуноћница
**Р.** полунощница
**E.** midnight service
**F.** office de minuit
**D.**
Г. μεσονυκτικόν
**Цсл. полꙋнощница**
**L.**

П-40 **ПОМЕСНА (ЦРКВА)**

Одделна, самостојна Црква, која е составен дел на едната, света, соборна и апостолска Црква, но која својот внатрешен живот го уредува самостојно. Најстарите помесни Цркви се: Ерусалимската, Антиохиската, Александриската, Кипарската, Римската, Цариградската. Подоцна настанале: Охридската (денес МПЦ), Бугарската, Руската, Српската, Романската, Грчката, Албанската и др.

С. помесна (Црква)
**Р.** поместная (церковь)
**E.** local (Church)
**F.** locale (eglise *f*)
**D.** Lokal (Kirche *f*)
Г. τοπική ἐκκλησία, ἡ
**Цсл. помѣстнаѧ церковь**
**L.**

П-41 **ПОМЕСТЕН (СОБОР)**

Собрание на епископи од некоја митрополија или помесна Црква, заради разрешување на тековни проблеми, настанати во Црквата, чии одлуки подоцна се прифаќани и од другите помесни цркви.

С. помесни (сабор)
**Р.** поместный (собор)
**E.** local - (council)
**F.** local (concile *m*)
**D.** Lokal (Konzil *n*)
Г. τοπικός σύνοδος, ἡ
**Цсл. помѣстныи соборъ**
**L.** concilium (localis)

П-42 **ПОРОК**

Морален недостаток, склоност кон злото, грев; развратно однесување; сексуален разврат, наркоманија (дрога и сл.), пијанство, коцка итн.

С. порок
**Р.** порок
**E.** vice, wickedness, sin
**F.** vice *m*
**D.** Laster *n*
Г. ῥυτίς, -ίδος, ἡ, κακία, πονηρία, ἡ
**Цсл. порокъ**
**L.** vitium (macula, ae, *f*; malitia, ae, *f*; neguitia, ae, *f*)

П-43 **ПОСТ**

Воздржување од мрсна храна во определени денови од годината. По примерот на Господа Исуса Христа кој постел 40 дена пред почетокот на Неговата јавна проповед, Црквата го востановила постот како мошне ефикасно средство во духовниот раст на човекот. Православната Црква пропишала еднодневни и повеќедневни пости. 1. Еднодневни: - среда и петок од секоја седмица: среда - поради предавство на Христа од Јуда; петок - во чест на Христовите страдања и распнување. Потоа: - денот пред Богојавление (Водици), денот на отсекувањето главата на св. Јован Крстител (29 август ст. стил), и Крстовден (14 септ. ст. стил). 2. Повеќедневни пости има четири: Велигденски (40 дена). Петровденски или апостолски, кој започнува по Неделата на сите свети и трае до Петровден (29 јуни ст. ст.); зависно од датата на Велигден, овој пост може да трае од 8 до 42 дена. Богородичен или Успенски пост - во чест на Успението на Мајката Божја - Богородица (од 1 до 14 август, ст. ст.). Рождественски или Божикен пост, во чест на Раѓањето Христово (15 ноември до 24 декември, ст. ст.). Божиќниот и Петровденскиот пост се помалку строги од Велигденскиот и Успенскиот. Огромната важност на постот ја потврдил Господ Христос кога на апостолите им рекол дека овој род (демонски) се истерува само со пост и молитва (*Мт̄.* 17.21; *Мк.* 9.29). Физичкиот пост (воздржување од масна храна) е ефикасен само ако придружуван и од духовниот пост - лоши дела - пороци и страсти, зборови и помисли. Постот бил практикуван и во Стариот завет: на пр. Мојсеј, Илија, Ниневјаните...

**С.** пост
**Р.** пост
**Е.** fast, lent
**F.** jeûne; carême, *m*
**D.** Fasten, *m*
Г. νηστεία, *ἡ*
**Цсл. постъ**
**L.** ieiunioum, -ii, *n*

П-44 **ПРАВИЛО (ЗЛАТНО-*Мт̄.* 7. 12)**

1. Одредби, канони што Црквата ги установува во однос на верата и моралот или црковниот поредок, заради задолжително исполнување од страна на христијаните, на пр. Апостолските правила, кон кои подоцна се придодадени одлуките на вселенските и на помесните собори. 2. Молитвено правило за подготовка на свештенослужителите и верниците за св. Причест, и др. 3. Златно правило за меѓусебното однесување е дадено во *Мт̄.* 7.12: "Сето она што сакате да ви го прават луѓето, правете им го и вие".

С. правило
**Р.** правило
**Е.** rule; canon
**F.** règle *f*; canon *m*
**D.** Regel *f*
Г. κανών, ὁ
**Цсл. правило**
**L.** regula, -ae, *f*

П-45 **ПРАВОСЛАВИЕ**

Правомислие, правоверие, правилно мислење, правилно учење, верување и исповедање на христијанската вера, сообразно со Св. писмо и Св. предание. Овој назив се јавува кај христијанските писатели со појавата на првите формули на учењето на Црквата и ја означува верата на целата Црква, за разлика од искривените, неправославни (хетеродоксни), погрешни учења на разните секти и ереси. По одделувањето на Западната од Источната Црква во 1054 г., називот "православна" го задржала Источната Црква, додека за Западната Црква е усвоен терминот "римокатоличка". Од последната, подоцна во XV век, се одвоиле т.н. протестантски цркви, во чие крило се изродиле многубројни секти.

С. православље
**Р.** православие
**Е.** orthodoxy
**F.** orthodoxie *f*
**D.** Orthodoxie *f*
Г. ὀρθοδοξία, *ἡ* < ὀρθῶς и δοκέω
**Цсл. православїе**

**L.** orthodoxia, -ae, *f*

П-46 **ПРАКСАПОСТОЛ**

Богослужбена книга, составена од делови, зачала од Делата апостолски (Πράξεις τῶν ἀποστόλων), наменета за литургиска употреба.

**С.** праксапостол
**Р.** праксапостол
**Е.** praxapostle
**F.** praxapôtre *m*
**D.** Praxapostolos *m*
Г. Πραξαπόστολος, ὁ
**Цсл. праѯиапостолъ**
**L.** praxapostolus, -i, *m*

П-47 **ПРВОСВЕШТЕНИК**

Назив за главата на старозаветната хиерархија, воведена од Мојсеја, а за прв нејзин првосвешт. бил избран Арон, постариот брат Мојсеев. Оваа должност се пренесувала, главно, од татко на син. Првосвештеникот бил посредник меѓу народот и Бога; само тој имал право еднаш годишно да влегува во Светињата над светите (Олтарот на Ерусалимскиот храм), да принесува милостивна жртва за гревовите на народот. Неговото посветување се извршувало со излевање миро на неговата глава. Старозаветниот првосвештеник бил праслика на Големиот првосвештеник Исус Христос, Синот Божји, Кој се принел Себеси на жртва за гревовите на целиот свет. Од Христа, титулата првосвештеник минала на главите на христијанската црковна ерархија.

С. првосвештеник
**Р.** первосвященник
**Е.** high priest, chief priest
**F.** grand prêtre *m*
**D.** Hohepriester *m*
Г. ἀρχιερεύς, ὁ
**Цсл. первосвѧщеникъ**
**L.** archiereus, pontifex, *m*

П-48 **ПРЕДАНИЕ (СВЕТО)**

Вториот основен извор на христијанската вера - учењето на Христа што апостолите на Црквата ѝ го пренесувале усно. Тоа има иста важност како и Св. писмо. Всушност, преданието и во Ст. завет и во Новиот завет му претходело на писмото, во кое е запишан само мал дел од Светото предание, бидејќи, кога би се напишало по ред сѐ што Христос учел и извршил, тогаш напишаните книги не би можеле да се соберат ни во целиот свет, забележува св. ап. Јован Богослов на крајот од своето Евангелие. Дел од апостолското, свето предание е забележено во символите на древните помесни цркви, во Правилата на апостолите, во каноните на вселенските и на помесните собори, во списи на св. отци и учители на Црквата, во литургиската поезија. Важноста на Св. предание ја истакнал уште св. Иринеј Лионски (втори век), во борбата против бројни ереси и секти, кога рекол: "Оние што не го знаат Преданието, не можат да најдат вистина во Писмото" (Против ересите III,2,1). Преданието и денес е живо во Православната црква, преку непрестајното дејство на Св. Дух, а гаранција за тоа се светителите.

С. предање
**Р.** предание
**Е.** tradition
**F.** tradition *f*
**D.** Überlieferung *f*; Tradition *f*
Г. παράδοσις, ἡ
**Цсл. преданїе**
**L.** traditio, -onis, *f*

П-49 **ПРЕЃЕОСВЕТЕНА (ЛИТУРГИЈА)**

Така се именува затоа што се служи со Агнец, осветен на претходна полна (Василиева) литургија. Значи, без проскомидија и без осветување на дарови - леб и вино. Се служи во среда и петок од сите шест седмици на Велигденскиот пост, во понеделник, вторник и среда од Страсната седмица, а во понеделник, вторник и четврток од истиот пост се служи само на храмовиот празник и на празник со полиелеј. По својата структура, тоа е вечерно богослуже-

ние, соединето со давање на Св. дарови (Причесна) на верниците. За нејзин автор се смета св. Григориј Велики Двоеслов (шести век), иако има основа нејзините почетоци да се пренесат во првите три века.

С. пређеосвећена литургија
**Р.** преждеосвященная литургия
**E.** presanctified liturgy
**F.** liturgie *f* des présanctifiés
**D.** Vorgeweihtegabenliturgie *f*
Г. λειτουργία τῶν προαγιασμένων δορῶν, ἡ
**Цсл. преждеосвѧщенаѧ литꙋргїѧ**
**L.**

П-50 **ПРЕЕМСТВО**

Така се именува пренесувањето, предавањето на свештеничката власт од апостолите на нивните наследници (преемници) - епископите, до денеска.

С. прејемство
**Р.** преемство
**E.** succession
**F.** succession *f*
**D.** apostolische Sukzession *f*
Г. διαδοχή, ἡ
**Цсл. преемство**
**L.** successio, -onis, *f* (apostolica)

П-51 **ПРЕЗВИТЕР**

Старец, старешина; најстариот назив за свештеничкиот чин. Во времето на апостолите овој термин е употребуван и за епископите, но не во смисла на ерархиски степен, туку во смисла на возраста и за својствената ѝ мудрост.

С. презвитер
**Р.** пресвитер
**E.** presbyter
**F.** presbytre
**D.** Presbyter *m*
Г. πρεσβύτερος, ὁ
**Цсл. пресвѵтеръ**
**L.** presbyter

П-52 **ПРЕОБРАЖЕНИЕ**

Еден од 12-те големи празници, кога Црквата слави еден мошне значаен настан од животот на Спасителот Христос, кој се случил непосредно пред Неговото страдање и крсна смрт, со што Он сакал на Своите ученици да им ја покаже славата на Своето божество, та кога ќе Го видат на крстот, да знаат дека Неговите страдања се доброволни. Овој настан го опишуваат евангелистите (*Мт.* 17.1-9; *Мк.* 9.2-9; *Лк.* 9.28-36), а очевидецот, евангелистот Јован, целиот настан го опишува само со една реченица: "И ние ја видовме Неговата слава, слава како на Единороден од Отецот" (*Јн.* 1.14).

**С.** Преображење
**Р.** Преображение
**E.** Transfiguration
**F.** Transfiguration *f*
**D.** Transfiguration *f*; Verklärung *f*
Г. Μεταμόρφωσις, ἡ
**Цсл. Преображенїе**
**L.** Transfiguratio, -nis, *f*

П-53 **ПРЕОСВЕШТЕНСТВО**

Титула за обраќање кон епископ - Ваше (Негово) Преосвештенство!

**С.** Преосвештенство
**Р.** преосвященство
**E.** Grace -His (Your) Grace
**F.** Monseigneur; Excellence
**D.**
Г. πανιερότης, ἡ
**Цсл. преосвѧщенство**
**L.**

П-54 **ПРЕПОДОБЕН**

Особен ред свети Божји угодници кои, заради зауздување на своите гревовни склоности и заради духовно усовршување, својот живот го минуваат во најстрого исполнување на Христовите заповеди, честопати далеку од светот во пустините, манастирите и на други места.

С. преподобан

**Р.** преподобный
**E.** saint
**F.** saint *m*
**D.** Saint *m*
Г. ὅσιος, ὁ
**Цсл. преподобенъ, -ыи**
**L.** sanctus

П-55 **ПРЕПОЛОВЕНИЕ**

Црковен празник кој се слави на половината од времето меѓу Велигден и Духовден, кај нас попознат како Руса среда. Во песните од тој ден се зборува за реките од жива вода што треба да потечат со примањето на Св. Дух во денот на Педесетницата. Секој жеден што ќе пие од таа вода, никогаш нема да ожедни. Во народот повеќе е познат како "Руса среда".

**С.** Преполовљење
**Р.** Преполовение (Пятидесятницы)
**E.** Mesowhitsuntide
**F.** Mésopentecôte *f*
**D.** Mesopentecoste
Г. Μεσοπεντηκοστή, ἡ
**Цсл. Преполовенїе**
**L.** Dimidia

П-56 **ПРЕСТОЛ (СВЕТИ)**

Четвороаголна маса, трпеза во средината од олтарскиот дел на храмот, која служи, главно, за извршување на Евхаристијата - Литургијата. Престолот е прекриен со две одежди-платна: срачица (кошула) - бело тенко платно кое ја симболизира плаштаницата во која било завиткано телото Исусово при погребението и Индитија - платно, обично во боја на свештеничките одежди, која го покрива престолот од сите страни и паѓа до земјата. Врз нив се ставаат: илитонот, антиминсот, Евангелие, крст, дарохранилица, свешници и др. Св. престол го означува и Престолот на Царот на Славата, Судија и Господ наш Исус Христос. Го изобразува и гробот Христов на кој лежи Неговото тело, поради што на лица кои не се во свештенички чин им е забрането да минуваат меѓу Престолот и Царските двери. 2. Престол се именува и почесниот стол за епископот во храмот - епископски престол или трон.

**С.** Престо
**Р.** Престол
**E.** Throne
**F.** Trône *m*
**D.** Thron *m*
Г. θρόνος, ὁ; τράπεζα, ἡ
**Цсл. престолъ, трапеза**
**L.** thronus; mensa

П-57 **ПРЕСТОЛИ**

Назив за еден од деветте ангелски чинови - во првиот ред: Херувими, Серафими и Престоли (I *Колос.* 1.16)

**С.** Престоли
**Р.** Престолы
**E.** Thrones
**F.** Trônes *mpl*
**D.** Thrones *mpl*
Г. Θρόνοι
**Цсл. Престоли**
**L.** Thrones

П-58 **ПРЕТТЕЧА**

Претходник, кој оди пред некого; така Црквата го именува св. Јован Крстител - најголемиот човек роден од жена - затоа што тој дошол пред Христа, за да ги подготви луѓето да ја примат Неговата проповед и, верувајќи во Него, да се спасат. Својата мисија тој ја започнува со повик на покајание и крштевање во името на Исуса Христа.

С. претеча
**Р.** предтеча
**E.** precursor; forerunner
**F.** précurseur *m*
**D.** Vorläufer *m*
Г. πρόδρομος, ὁ
**Цсл. предтеча**
**L.** præcursor, -oris, *m*

П-59 **ПРИЧАСТЕН**

Црковна песна што се пее за време на причестувањето на свештенослужителите.

**C.** причасни
**P.** причастен
**E.** koinonikon
**F.** koinonicon *m*
**D.** Koinonikon *n*
Г. κοινωνικός, ὁ
**Цсл. причастенъ**
**L.**

П-60 **ПРИЧЕСНА**

Заедница, земање удел, учество, општење; Св. тајна во која верните, под вид на леб и вино, вистински се причестуваат со телото и крвта Христови и на тој начин се соединуваат со Христа и во Него стануваат причасници, заедничари во вечниот живот.

C. причешће
**P.** причащение, причастие
**E.** communion
**F.** communion *f*
**D.** Kommunion *f*
Г. κοινωνία, ἡ
**Цсл. причащеніе**
**L.** communio, -onis, *f*

П-61 **ПРОВИДЕНИЕ ИЛИ ПРОМИСЛА (БОЖЈА)**

Така се именува непрестајното дејство на Божјата семоќ, премудрост и добрина, со кои Бог ги пази битието и силите на созданието, се грижи за нив, ги упатува кон предназначената цел, помага во секое добро, а злото, кое се јавува како оддалечување од доброто, го пресекува и го обраќа кон добро. Промислата - љубовта и грижата Божја за светот и за човекот - кулминира во оваплотувањето на Синот Божји, Г. И. Христос и Неговата искупителна жртва за обновување на паднатиот човечки род и за негово спасение.

C. промисао, провиђење
**P.** промысл, провидение
**E.** providence
**F.** providence *f*
**D.** Vorsehung *f*; Providenz *f*
Г. πρόνοια, ἡ
**Цсл. провидѣніе, промыслъ**
**L.** providentia, -ae, *f*

П-62 **ПРОКИМЕН**

Краток стих што го чита ѓакон или чтец пред читање на Апостол или Паримии. Во Прокименот, кој обично се зема од Св. писмо, накусо се изразува смислата или на наредното читање или на дневната служба. Името доаѓа од грчкиот глагол πρόκειμαι – ставен сум напред, па оттука прокимен буквално значи: предложен, ставен напред.

C. прокимен
**P.** прокимен
**E.** prokimenon
**F.** prokiménon *m*
**D.** prokimenon *m*
Г. προκείμενον, τό
**Цсл. прокименъ**
**L.** propsitum ante

П-63 **ПРОЛОГ**

Зборник со кратки житија на светители за цела година, според календарот, придружени со поуки.

**C.** Пролог
**P.** Пролог
**E.** Prologue
**F.** Prologue
**D.** Prolog *m*
Г. Πρόλογος, ὁ
**Цсл. Прологъ**
**L.** Prologus, -i, *m*

П-64 **ПРОПОВЕД**

Христијанска црковна поука која се држи во храмот, главно на литургија, по прочитувањето на Евангелието, со цел да се изложи и разјасни учењето на Спасите-

лот Христос. Науката за проповедта се именува омилитика.

С. проповед
**Р.** проповедь
**Е.** sermon
**F.** sermon *m*
**D.** Predigt *f*
Г. κήρυγμα, τό; ὁμιλία, ἡ
**Цсл. проповѣдь**
**L.** praedicatio, -onis, *f;* homilia, -ae, *f*

П-65 **ПРОРОК (ПРОРОШТВО)**

Претскажувач, предвесник. Пророците биле свети луѓе од еврејскиот народ, кои, просветени од Духот Божји, ја претскажувале иднината, ги подготвувале луѓето за Царството Христово, го воспитувале народот во верата и благочестието, ги опоменувале водачите народни кога тие грешеле, правеле чуда, пишувале книги. Тие што оставиле книги, се делат на големи и мали. Кон големите припаѓаат: Исаија, Јеремија, Језекиил и Даниил. Кон малите: - Осија, Јоил, Амос, Авдиј, Јона, Михеј, Наум, Авакум, Софонија, Агеј, Захарија и Малахиј. Христос е исполнување на сите пророштва во Ст. завет и последниот Пророк.

С. пророк, (пророштво)
**Р.** пророк; пророчество
**Е.** prophet
**F.** prophète, *m* (prophétie, *f*)
**D.** Prophet *m* (Prophetie *f*)
Г. προφήτης, ὁ
**Цсл. пророкъ, пророчество**
**L.** propheta (-tes), -ae, *m*

П-66 **ПРОСКОМИДИЈА**

Така се именува првиот дел од Литургијата, кој се состои во приготвување на материјата за Св. евхаристија (квасен леб од најубаво пченично брашно и црвено вино), кои за време на Литургијата ќе бидат претворени во тело и крв Христови. Називот проскомидија (принос) произлегува од обичајот на древните христијани да носат од своите домови во Црквата работи нужни за богослужението - леб, вино, елеј, темјан и др. Тоа дејство на принесување се именува προσκομιδή, а самиот дар што бил принесуван - просфора (принос). За Литургијата биле избирани најдобрите просфори, а од другите биле вадени честици за спомен на оние што ги донеле. Остатоците биле употребувани за заедничката трпеза "вечера на љубовта" (агапа). Денес тоа е делењето на нафората по Литургијата.

С. проскомидија
**Р.** проскомидия
**Е.** anaphora; proskomide, prothesis
**F.** Prothèse *f*
**D.** Opfergabenvorbereitung *f*
Г. προσκομιδή, ἡ; πρόθεσις, ἡ
**Цсл. проскомидїа**
**L.** offertorium (oblatio, -onis, *f*)

П-67 **ПРОСФОРА**

Принос - лебот што се употребува за извршување на св. тајна Евхаристија. Треба да е квасен и дводелен, во знак на двете природи Христови - Божјата и човечката. Се прави од најдобро пченично брашно и со најголема можна чистота. Одозгора се става печат со крст кој просфората ја дели на 4 дела, на кои се втиснати буквите ИС ХС НИ КА - ИСУС ХРИСТОС НИКА (Исус Христос победува). Делот ИС се става во путирот, со ХС се причестуваат свештениците, а со НИ-КА - верниците. Остатокот од просфората на крајот од Литургијата им се разделува на верниците како нафора.

С. просфора
**Р.** просфора
**Е.** prosphora
**F.** prothèse *f*
**D.** Opferbrot *n*
Г. προσφορά, ἡ
**Цсл. просфора**
**L.** oblatio, -onis, *f*

П-68 **ПРОТА – ПРОТОЈЕРЕЈ – ПРОТОПРЕЗВИТЕР**

Прв, постар меѓу свештениците; одликување што го добиваат свештеници, поради нивна особена грижа и успех во

извршувањето на нивната пастирско-проповедничка, вероучителска и мисионерска дејност.

С. прота, протопрезвитер
**Р.** протоиерей, протопресвитер
**E.** archpriest
**F.** archiprêtre *m*
**D.** Erzpriester *m*
Г. πρωτοιερεύς; πρωτοπρεσβύτερος, ὁ
**Цсл. протоїереи, протопресвитеръ**
**L.** archipresbyter

П-69 **ПРОТОЃАКОН**

Прв, постар или главен ѓакон во епархијата, особено при катедралниот или соборен храм. Тој е едно од најглавните лица при служењето на епископите.

С. протођакон
**Р.** протодьякон
**E.** archdeacon
**F.** protodiacre *m*
**D.** Erzdiakon *m*
Г. πρωτοδιάκονς, ὁ
**Цсл. протодїаконъ**
**L.** protodiaconus, -i, *m*

П-70 **ПРОТОЈЕРЕЈ (СТАВРОФОР)**

Постар свештеник, протојереј, кој, како одликување за својата успешна пастирска дејност, добива право да носи крст на градите.

С. протојереј (ставрофор)
**Р.** протоиерей (ставрофор)
**E.** archpriest
**F.** archipeetre *m* (stavrophore)
**D.** Erzpriester (Kreuzträger) *m*
Г. πρωτοιερεύς σταβροφόρος, ὁ
**Цсл. протоїереи, ставрофоръ**
**L.**

П-71 **ПРОТОСИНГЕЛ**

Прв меѓу сингелите. Монах кој живее со некого во иста ќелија (соба) или до него. Прва должност на сингелите и на протосингелот е да живеат во домот на поглаварот на една Црква - патријарх, митрополит или архиепископ - како гаранти на нивната морална исправност.

С. протосинђел
**Р.** протосингел
**E.** protosyncellus
**F.** protocellérier *m*
**D.** Erzsingel *m*
Г. πρωτοσύγκελλος, ὁ
**Цсл. протосѵнгелъ, протосѵнкелъ**
**L.** protosyncellus

П-72 **ПСАЛМ (-МИ)**

Така се именуваат песни на старозаветната Црква, собрани во една свештена книга, под име Псалтир. Псалмите претставуваат врвен излив на религиозните чувства, "лек за раните на човековата душа" (св. Василиј Велики). Ги има 150, а повеќето од нив ги напишал царот и пророк Давид.

С. псалам
**Р.** псалом
**E.** psalm
**F.** psaume *m*
**D.** Psalm *m*
Г. ψαλμός, ὁ
**Цсл. ѱаломъ**
**L.** psalmus, -i, *m*

П-73 **ПСАЛТИР**

Свештена богослужбена книга, во која се собрани псалмите (150) од Библијата, од кои повеќето ги напишал Давид. Заради богослужбена употреба, Псалтирот е поделен на 20 катизми. Секоја катизма се дели на три слави или на три дела, наречени антифони, а завршуваат со: Слава на Отца и Сина и Светиот Дух... Псалтирот го добил своето име по тоа што некогаш псалмите се пеани со придружба на еден жичен инструмент, наречен псалтир.

С. псалтир
**Р.** псалтырь
**E.** Psalter; book of psalms

F. psautier *m*
D. Psalter *m*
Г. ψαλτήριον, τό
**Цсл. ψалтирь**
L. psalterium, -ii, *n*

# Р

## Р-1 **РАЈ**

Место каде што престојувале првите луѓе (прародителите) Адам и Ева. Точни податоци за неговата местоположба нема. Мојсеј вели дека рајската (едемската) градина била наводнувана од четири реки: Фисон, Геон, Тигар и Еуфрат. Последниве две и денес го носат истото име, а поголемиот дел од нивниот тек е во Месопотамија - денешен Ирак. Под овој термин се подразбира и духовната состојба на вечно блаженство на луѓето што овој живот го минале праведно, според Божјите заповеди. Таа може да се доживее и во земниот живот, зашто рајот, т.е. "царството Божјо е во вас внатре" вели Христос (*Лк* 17.20,21). Св. ап. Павле тоа го објаснува со следниве зборови: "Царството Божјо не е јадење или пиење, туку правда и мир и радост во Св. Дух" (*Рим.* 14.17). Божји угодници тоа го почувствувале како радост, мир, внатрешна топлина и светлина (Серафим Саровски). Види долу за Царство (Божјо, небеско).

С. рај
**Р.** рай
**E.** paradise
**F.** paradis *m*
**D.** Paradies *n*
Г. παράδεισος, ὁ
**Цсл. рай**
**L.** paradisus, *m*

## Р-2 **РАКОПОЛАГАЊЕ**

Посветување во јерархиски чин (ѓакон, свештеник, епископ) преку полагање раце врз кандидатот од страна на епископ, за време на Литургијата, во олтарот: за ѓакон - по осветувањето на даровите; за свештеник - по Големиот вход; за епископ - по читањето на Апостолот. Посветувањето епископ го извршуваат најмалку двајца епископи, а за тој чин, кај нас, се употребува терминот "хиротонија" што, исто така, значи ракополагање.

В. Хиротонија.

**С.** рукополагање
**Р.** рукоположение
**E.** ordination
**F.** ordination *f*
**D.** Ordination *f*
Г. χειροτονία, ἡ
**Цсл. рѹкоположенїе**
**L.** ordinatio, -onis, *f*

## Р-3 **РАСА (РАСО)**

Горна монашка облека.

С. раса
**Р.** ряса
**E.** gown
**F.** soutane *f*
**D.** Talar *m*
Г. ῥάσον, τό
**Цсл. раса, рѧса**
**L.** vestis monachi

## Р-4 **РАСКОЛ**

Расцеп, самоволно отстапување од единството на богопочитувањето и од православната вера и Црква.

С. раскол, шизма, схизма
**Р.** раскол
**E.** schism
**F.** schisme *m*
**D.** Schisma *n*
Г. σχίσμα, τό
**Цсл. расколъ**
**L.** shisma

Р-5 **РАСКОЛНИК**

Човек што создава раскол, кој се одвојува, отцепува од православната Црква; шизматик, схизматик.

С. расколник, шизматик
**Р.** раскольник
**E.** schismatic
**F.** schismatique *m*
**D.** Schismatiker *m*
Г. σχισματικός, ὁ
**Цсл. раскольникъ**
**L.** shismaticus

Р-6 **РАСОФОР**

Искушеник, монах, кој има право да носи раса - расоносец.

С. расофор
**Р.** рясофор
**E.** novice
**F.** novice *m*
**D.** Novice *m*; Neuling *m*
Г. ῥασοφόρος, ὁ, ἡ
**Цсл. расофоръ, расоносецъ**
**L.** rasum gestans (novicius)

Р-7 **РАСПЈАТИЕ (РАСПЕТИЕ)**

Најтешката и најсрамна казна што Римјаните ја позајмиле од Персијанците. Тешка и мачна била како од положбата на распнатото тело, приковано на крст и неподвижно, така и поради продолжителната агонија што траела и по неколку дена; срамна била поради тоа што распнатиот, необлечен (гол) висел пред рамнодушните и гневни очи на толпата народ. Таква казна доброволно претрпел и воплотениот Син Божји - Господ Исус Христос, заради спасение на човечкиот род. Така се именува и икона или фреска што го претставува распнувањето Христово.

С. распеће
**Р.** распятие
**E.** crucifixion
**F.** crucifixion *f*
**D.** Kreuzigung *f*
Г. σταύρωσις, ἡ
**Цсл. распѧтїе**
**L.** crucifixio (cruciatio, -onis, *f*)

Р-8 **РЕЛИГИЈА**

Името на овој феномен е изведено од латинскиот глагол religare "поврзува, сврзува". Религијата е духовна врска меѓу Бога и човекот. Од сите суштества на земјата само човекот има религија. Тоа доаѓа оттаму што само човекот е создаден според образ Божји, кој го тера човекот да се стреми, свртува кон својот првообраз (архетип) - Бога. Основен белег на секоја религија е верата во Бога, во некое врвно суштество или дух, и во бесмртност на душата. Видлив израз на религијата се: догмата, култот и моралот.

С. религија
**Р.** религия
**E.** religion
**F.** religion *f*
**D.** Religion *f*
Г. θρησκεία, ἡ
**Цсл. вѣроисповѣданїе**
**L.** religio, -onis, *f*

Р-9 **РИЗА**

Црковна облека, одежда; горна облека; долна облека; така се именувала и белата одежда во која биле облекувани (во старата Црква, а треба и сега) новокрстените во знак дека се облекле во Христа и се очистиле од секој грев; "риза на радоста" во која се облекуваат малосхимници и великосхимници.

**С.** риза
**Р.** риза
**E.** clothing; vestment
**F.** vêtement *m*
**D.** geistliche Amstracht *f*
Г. ἔνδυμα; χιτών; ἱμάτιον
**Цсл. риза**
**L.** vestis

Р-10 **РИПИДА**

Литургиско ладало, ветрило со метална дршка која на врвот завршува со насликан, изработен серафим со шест крилја. Некогаш била правена од кожа, платно или од паунови перја, а целта била бркање на мувите од олтарот. Сега рипидите имаат само симболична важност (ја претставуваат војската на серафимите што го опкружуваат олтарот). Денес тие се користат за време на Големиот вход на Архиерејска литургија, при осветување на цркви и за време на литии.

**С.** рипида
**Р.** рипида
**Е.** flabellate
**F.** flabellum *m*; hexaptérige *m*
**D.** Flabellum *n*; Fächer *m*
Г. ῥιπίδον; ἑξαπτέρυγον, τό
**Цсл. рипида**
**L.** flabellum, -i, *m*

Р-11 **РИТУАЛ**

Збир од обичаи, обреди, церемонии што ги практикува некоја религиозна заедница; посебни гестови, движења што ги пропишува богослужението на некоја религија. Црковна книга во Римокатоличката црква, во која се собрани разни обреди и свети тајни.

С. ритуал
**Р.** ритуал
**Е.** ritual
**F.** rite *m*; rituel *m*
**D.** Ritual *n*
Г. τυπικόν, τό
**Цсл. типик(он)ъ**
**L.** ritus

# С

С-1 **САВАН**

Долга бела кошула, во која понекогаш ги облекуваат умрените, за да потсетува дека тие во својот живот ги одржале ветувањата, дадени при крштевањето.

**С.** саван
**Р.** саван
**Е.** shroud
**F.** liceul m; suaire *m*
**D.** Leichentuch *n*
Г. σάβανον τό
**Цсл. саванъ**
**L.** sabanum, -i, *m*

С-2 **САВАОТ**

Еден од библиските називи за Бога, што често се среќава кај пророците и во псалмите, со значење: Господ на војските, Бог на силите (Свет, свет, свет е Господ Саваот). Со овој термин (еврејски) се определува својството на семоќта на Бога како Господар на сите небесни и земни сили.

С. Саваот
**Р.** Саваоф
**Е.** Sabaoth
**F.** Sabaoth *m*
**D.** Zebaoth *pl*
Г. Σαβαώθ
**Цсл. саваωдъ**
**L.** sabaoth

С-3 **САКОС**

Вреќа, односно - облека како вреќа; горна архиерејска одежда, која се облекува врз стихарот, а го заменува фелонот кој има исто значење. Симбол е на груба облека, а во преносна, духовна смисла ја означува облеката Христова (багреница), во која бил измачуван. Во почетокот сакосот бил знак за високо одликување и го носеле само патријарсите. До 13 век и тие носеле

фелони. Архијереј, кога облекува сакос, треба да не се превознесува, гордее со возвишеноста на својата служба, туку да си спомнува за понижувањата и смиреноста на Спасителот Христос.

С. сакос
**Р.** саккос
**E.** sack
**F.** sac(cos) *m*
**D.** Sakkos *m*
Г. σάκκος, ὁ
**Цсл. саккосъ**
**L.** saccus, -us, *m*

С-4 **САМОГЛАСЕН**

Црковна песна - тропар или стихира, која има своја сопствена мелодија и која не позајмува мелодија што им е заедничка на други песни.

**С.** самогласан
**Р.** самогласен
**E.** idiomele
**F.** idiomèle
**D.** Idiomelon *n*
Г. ἰδιόμελον, τό
**Цсл. самогласенъ**
**L.** idiomelon, -i, *m*

С-5 **САМОПОДОБЕН**

Стихири или тропари кои имаат своја сопствена мелодија, како и самогласните, со таа разлика што самоподобниот може да служи за изведување на други песни, кои тогаш го добиваат името "подобен".

**С.** самоподобан
**Р.** самоподобен
**E.** automele
**F.** automèle
**D.** Automelon *n*
Г. αὐτόμελον, τό
**Цсл. самоподобен**
**L.** automelon, -i, *m*

С-6 **САНКЦИЈА**

Пропис, награда или казна, предвиден за да се обезбеди извршувањето на некој закон, заповед, наредба и сл.

С. санкција
**Р.** санкция
**E.** sanction
**F.** sanction *f* (morale)
**D.** Maßnahme *f* (moralische); Sanktion *f*
Г. κύρωσις, ἡ
**Цсл.**
**L.** sanctio, -onis, *f*

С-7 **САН (ЧИН)**

Достоинство; ознака за висок чин, епископски или сл.; достоинството што го имал првиот човек пред неговиот пад, грев.

С. чин; достојанство
**Р.** сан
**E.** rank, title; dignity
**F.** rang *m*; titre *m*; dignité *f*
**D.** Priesterstand m; der heilige...
Г. ἀξίωμα, τό
**Цсл. санъ**
**L.** dignitas, -tatis, *f*; (ordo, -nis, *f*)

С-8 **СВЕТИЛЕН**

Песни или стихови што се пеат, по канонот, на секојдневните утрени (во недела на негово место се пее *еѮзапоСтилар*). Името го добиле по тоа што во нив се зборува за нематеријалната (несоздадена) светлина, со која Го молиме Бога да нè просветли, та со секое живо создание (**всѧкое дыханіе**) да Го славиме Господа. Светилните за сите гласови се наоѓаат на крајот од октоихот (осмогласникот), а во минеите и триодите - веднаш по деветтата песна од канонот.

С. светилан
**Р.** светилен
**E.** photagogikon
**F.** photagogikon *m*
**D.** Photagogikon *m*

Г. φωταγογικόν, τό
**Цсл. свѣтиленъ**
**L.** photagogicon

С-9 **СВЕТИТЕЛ**

Обожени личности што Бог ги прославил поради нивниот богоугоден живот на земјата и за нивната пастирско-учителска дејност. Овој термин се употребува, главно, за свештеноначалници, епископи во православната Црква.

С. светитељ
**Р.** святитель
**Е.** saint
**F.** saint *m*
**D.** Heiliger *m*
Г. ἅγιος, ὁ
**Цсл. свѧтитель**
**L.** sanctus, -iti, *m*

С-10 **СВЕТОТАТСТВО**

Земање, крадење предмети од црквата, кои се во служба на храмот, било внатре или надвор од него (татба, кражба); осквернување на светињата, сериозно непочитување на свети места, предмети и свештени лица.

С. светотатство
**Р.** святотатство
**Е.** sacrilege
**F.** sacrilège *m*
**D.** Sakrileg *n*
Г. ἱεροσυλία, ἡ
**Цсл. свѧтотатство**
**L.** sacrilegium, -ii, *n*

С-11 **СВЕШТЕНИК**

Свештенослужител, лице кое преку ракополагање од страна на епископ (владика), добива благодат на Светиот Дух заради извршување на светите тајни (освен св. тајна свештенство - ракополагање, осветување на миро и антиминс), обреди, учење, проповедање и пастирска грижа за верниците од својата парохија. Свештеникот се именува и јереј, презвитер, а ако е монах - јеромонах.

С. свештеник
**Р.** священник
**Е.** priest
**F.** prêtre *m*
**D.** Priester *m*
Г. ἱερεύς, ὁ
**Цсл. свѧщенникъ**
**L.** sacerdos, -otis, *m*

С-12 **СВЕШТЕНОМАЧЕНИК**

Епископ или свештеник кој пострадал маченички за Христа.

**С.** свештеномученик
**Р.** священомученик
**Е.** hieromartyr
**F.** hieromartyr *m*
**D.** Hieromartyr *m*
Г. ἱερομάρτυς, ὁ
**Цсл. свѧщеномꙋченикъ**
**L.** hieromartyr

С-13 **СВЕШТЕНСТВО**

Света тајна во која правилно избран кандидат, преку полагање раце од страна на архијереј (хиротонија или ракополагање), Светиот Дух го поставува за извршување на светите тајни, да го проповеда Словото Божјо и да ја раководи доверената паства. Суштината на свештенството лежи во Богочовекот Исус Христос, единствениот посредник меѓу луѓето и Бога, Кој своите благодатни сили им ги предал на апостолите, а преку нив и на сите свештени лица. Има три свештенички, ерархиски степени: епископски, презвитерски и ѓаконски.

С. свештенство
**Р.** священство
**Е.** priesthood
**F.** sacerdoce *m*
**D.** Priestertum *n*
Г. ἱεροσύνη, ἡ
**Цсл. свѧщенство**
**L.** sacerdotium, -ii, *n*

С-14 **СЕДАЛЕН**

Црковна песна која своето име го добила по тоа што за време на нејзиното читање или пеење во храмот може да се седи. Седалните се наоѓаат на утрените по катизмите од псалтирот, по полиелејот и по третата песна од канонот.

С. сједалан
**Р.** седален
**Е.** kathisma; cathisma
**F.** cathisme *f*
**D.** Kathisma *f*
Г. κάθισμα, τό
**Цсл. сѣдаленъ**
**L.** cathisma, -ae, *f*

С-15 **СЕДМОЧИСЛЕНИЦИ**

Назив на повеќе групи од по седум светители и за словенските просветители свв. Кирил и Методиј и нивните ученици: Климент, Наум, Сава, Горазд и Ангеларij.

С. седмочисленици
**Р.** седмочисленики
**Е.** the seven saints
**F.** sept saints *mpl*
**D.** die Siebenheilige
Г. ἑπτάριθμοι
**Цсл. седмочисленики**
**L.** septem sancti

С-16 **СЕПТУАГИНТА**

Превод на Библијата (Стар завет) од еврејски на грчки јазик, извршен од седумдесет преведувачи, 270 години пред Раѓањето Христово, а на барање на египетскиот цар Птолемеј Филаделф.

С. септуагинта
**Р.** септуагинта
**Е.** Septuagint
**F.** septante *f*
**D.** Septuaginta *f*
Г. ἑβδομήκοντα
**Цсл. седмьдесѧтница**
**L.** septuaginta

С-17 **СЕРАФИМ**

Ангел од првиот, највисок ангелски чин (ред) на небесната јерархија, кој стои најблизу до Бога и, според визијата на пророк Исаија (6 глава), непрестајно Го слават со песната: Свет, свет, свет, која се однесува на Света Троица. Серафимите се претставуваат (сликаат) со шест крила.

С. серафим
**Р.** серафим
**Е.** seraph
**F.** séraphin *m*
**D.** Seraph *m*
Г. σεραφίμ, τό
**Цсл. серафимъ**
**L.** seraphim

С-18 **СИНАГОГА**

Собрание; место, зграда за религиозни собирања на Јудеите (Израилците) заради богослужење и поучувања.

С. синагога
**Р.** синагога
**Е.** synagogue
**F.** synagogue *f*
**D.** Synagoge *f*
Г. συναγωγή, ἡ
**Цсл. синагога, сонмище**
**L.** synagoga, -ae, *f*

С-19 **СИНАКСАР**

Збир од историски податоци за некој празник или светител. Збирката од такви синаксари ја сочинува книгата наречена Пролог. Во посниот и цветниот триод, почнувајќи од Неделата на митарот и фарисејот - до Неделата на сите свети, синаксарите се поместени по шестата песна од канонот.

С. синаксар
**Р.** синаксар
**Е.** synaxarion
**F.** synaxaire *m*
**D.** Synaxarion *f*
Г. συναξάριον, τό

**Цсл.** синаксаръ, синаѯаръ
**L.** synaxarium, -ii, *m*

С-20 **СИНГЕЛ**

Презвитер или монах кој живее при патријарх (поглавар на помесна Црква), како негов помошник во управувањето и како сведок за неговиот непорочен живот. Во древноста сингелите имале големо значење, добивале титула "протосингел" и во тоа звање биле кандидати за патријарси.

С. синђел
**Р.** синкел
**E.** syncellus
**F.** syncelle *m*
**D.** Synkellos *m*
Г. σύγκελλος, ὁ
**Цсл.** синъкелъ
**L.** syncellus, -i, *m*

С-21 **СИНЕДРИОН**

Јудејски (еврејски) врховен суд во Ерусалим, составен од 72 члена, главно од фарисеите и садукеите, под претседателство на првосвештеникот.

С. синедрион
**Р.** синедрион
**E.** Sanhedrin; supreme council
**F.** sanhédrin *m*; conseil *m*
**D.** Synedrium *n*
Г. συνέδριον, τό
**Цсл.** синдерїонъ
**L.** senedrin (consilium, -ii, *n*)

С-22 **СИНОД**

Собор од епископи на помесна Црква, заради решавање црковни проблеми.

**С.** синод
**Р.** синод
**E.** synod
**F.** synode *m*
**D.** Synode *f*
Г. σύνοδος, ὁ
**Цсл.** сѵнодъ
**L.** synodus

С-23 **СИНОПТИЧКИ (ЕВАНГЕЛИЈА)**

Назив за првите три Евангелија по Матеј, Марко и Лука. Така се именуваат поради сличноста на нивниот текст, така што, кога текстот од овие три евангелија би се ставил еден покрај друг во три колони, може да се следи со еден поглед (σύν "со" + ὄψις "гледање"). Пишувачите на овие Евангелија се именуваат синоптичари.

С. синоптичка (јеванђеља)
**Р.** синоптические (евангелия)
**E.** Synoptic Gospels
**F.** evangiles synoptiques mpl
**D.** Synopse *f*
Г. σύνοψις, ἡ
**Цсл.** синоптическїѧ евагге́лїѧ
**L.** synopsis, *f*

С-24 **СИНТАГМА**

Азбучен регистар по предмети што се содржат во свештените канони. Целта на авторот Матија Властар била да даде кратко раководство по црковното право во тоа време.

С. синтагма
**Р.** синтагма
**E.** syntagm
**F.** syntagme *f*
**D.** Syntagma *n*
Г. σύνταγμα, τό
**Цсл.** синтагма
**L.** syntagma

С-25 **СИРОПУСНА (НЕДЕЛА)**

Така се именува неделата пред почетокот на Велигденскиот пост, поради тоа што во неа е дозволено да се јаде сирење (млеко и млечни производи) и јајца. Таа недела се именува и прочка, поради тоа што на Литургијата се чита евангелскиот текст во кој Христос од нас бара да си ги проштаваме навредите и гревовите едни

на други, та и Бог да ни ги прости нашите. Без тоа постот не би ја постигнал својата спасоносна цел. Во тој ден православните христијани се измируваат, си бараат прошка едни на други.

С. сиропусна (недеља)
**Р.** сыропустная (неделя)
**Е.**
**F.** dimanche *m* (de la tyrophagie)
**D.**
Г. κυριακὴ τῆς τυροφαγίας, ἡ
**Цсл. сиропѹстнаѧ недѣлѧ**
**L.** quinquagesima

С-26 **СКИНИЈА**

Палатка, шатор; подвижен храм јудејски, изграден на начин каков што Бог му го соопштил на Мојсеја на планината Синај. Градители на скинијата биле Веселеил од племето Јудино, и Елијав од племето Даново (*Ex.* 31.2,6). Главниот дел од скинијата се именувал "Свјатаја свјатих" - Светиња над светињите. Во него е чуван ковчегот на Заветот со десетте Божји заповеди. Детален опис на скинијата може да се види во книгата Излез, гл. 36-40.

С. скинија
**Р.** скиния
**Е.** tent
**F.** tente *f*, tabernacle
**D.** Offenbarungszelt *n*; Wohnstëtte *f*
Г. σκηνή, ἡ
**Цсл. скиниѧ**
**L.** tabernaculum

С-27 **СКИТ**

Името доаѓа од еден предел со египетски манастири, западно од делтата на реката Нил (Σκῆτις); монашка ќелија, испосница, недалеку од манастирот од кој што зависи; целина од ќелии, изградени на извесна оддалеченост од некој манастир, каде што засолниште наоѓаат повеќе монаси што вòдат подвижнички, испоснички живот.

**С.** скит
**Р.** скит
**Е.** skete
**F.** skit, scète *m*; ermitage *m*
**D.** Skete *f*
Г. σκῆτις, ὁ
**Цсл. скитъ**
**L.** scete

С-28 **СКУФИЈА**

Вид капа, на врвот собрана, што ја носат свештеници кога немаат право да носат камилавка. За време на богослужба ја симнуваат во најзначајни моменти.

**С.** скуфија
**Р.** скуфья
**Е.** calotte
**F.** calotte *f*
**D.** Kalotte *f*
Г. σκούφια, ἡ
**Цсл. скѹфьѧ**
**L.** calotte

С-29 **СЛАВОСЛОВИЕ**

Зборови, песни со кои се прославува Бог - Св. Троица. **Мало славословие:** Слава на Отца и Сина и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови, Амин. **Големо (велико) славословие:** Слава в вишних Богу... (Слава на Бога во висините...), кое се пее на крајот од неделна или празнична утрена.

**С.** славословље
**Р.** славословие
**Е.** doxology
**F.** doxologie *f*
**D.** Doxologie *f*
Г. δοξολογία ἡ
**Цсл. славословїе**
**L.** doxologia

С-30 **СЛОВО (БОЖЈО)**

Назив за второто лице на Света Троица - Синот Божји, Кој вечно се раѓа од Отецот, по природа, а заради нас луѓето и заради нашето спасение се воплоти од Светиот Дух и Марија Дева. Слово Божјо се

именува и Откровението Божјо - Св. писмо и Св. предание.

С. Слово (Божје)
**Р.** Слово (Божие)
**Е.** Word (of the God)
**F.** Verbe, *m* (de Dieu)
**D.** Gotteswort *n*
Г. Λόγος (τοῦ Θεοῦ), ὁ
**Цсл.** **слово божіе**
**L.** Verbum, -i

С-31 **СЛУЖЕБНИК**

Црковна богослужбена книга, во која се поместени службите на вечерната, утрената и литургиите на св. Јован Златоуст, св. Василиј Велики и св. Григориј Двоеслов (т.н. Литургија на пређеосветените дарови).

С. служебник
**Р.** служебник
**Е.** missal
**F.** missel *m*
**D.** Meßbuch *n*
Г. λειτουργιάριον, τό
**Цсл.** **слꙋжебникъ**
**L.** missalis liber

С-32 **СМИРЕНИЕ**

Христијанска добродетел, спротивна на горделивоста, кога човек доброволно се понижува, смирува, скротува, спокојно ги поднесува навредите и неволјите што го снаоѓаат. Смирените Господ ги утешува (II *Кор.* 7.6). Оној што самиот себе се смирува (понижува), ќе се издигне (*Мт.* 23.12; *Лк.* 14.11).

С. смирење
**Р.** смирение
**Е.** humility
**F.** humilité *f*
**D.** Demut *f*
Г. ταπεινότης, ἡ
**Цсл.** **смиреніе**
**L.** humilitas, -tatis, *f*

С-33 **СМИРНА**

Благомирисна смола која има сила да го запази телото од распаѓање.

С. смирна
**Р.** смирна; мирта
**Е.** myrrh
**F.** myrrhe *f*
**D.** Myrrhe *f*
Г. σμύρνα, ἡ
**Цсл.** **смирна**
**L.** myrrha, murra

С-34 **СМРТ (ДУХОВНА)**

Телесната смрт настапува со одвојувањето на душата од телото, при што телото оди во земјата, од која е земено, а душата оди при Бога, Кој ја дал. Бог го создал човекот за живот, а не за смрт. Смртта е последица на гревот. Духовната, пак, смрт настанува како последица на отпаѓањето од Бога - богоотпадништвото. Г. И. Христос воскреснувал телесни мртовци, но и живи, духовни мртовци - преку вистинско обраќање, покајание (μετάνοια – преумување). Христос, со Својата смрт на крстот и воскресение, ја победил смртта и на оние во гробовите живот им дарува (тропар на Велигден). Така, оние што веруваат во Него, и да умрат, ќе живеат.

С. смрт (духовна)
**Р.** смерть
**Е.** death (spiritual)
**F.** mort *f* (spirituelle)
**D.** Tod *m* (geistiger)
Г. θάνατος, ὁ
**Цсл.** **смерть дꙋховнаѧ**
**L.** mors, -tis, *f*

С-35 **СОБОР**

Собрание на црковните епископи. Ако е на ниво на сите помесни цркви од целиот свет, тогаш се именува вселенски собор. Ако, пак, тоа собрание е на ниво само на една помесна Црква, се именува поместен собор. Соборите се свикувани и одржувани заради разрешување на настанати проблеми во Црквата, поради некоја

ерес и сл. Собор се именува и собранието на верниците на вториот ден од некој голем празник, заради прославување на некое лице кое имало значаен удел во споменатиот настан, на пр. Собор на Пресвета Богородица, на вториот ден од Божиќ, поради тоа што таа Го родила Спасителот на светот; собор на св. Јован Крстител, на вториот ден од Богојавление; Собор на 12-те апостоли на 30 јуни ст.ст. - денот по Петровден итн.

**С.** сабор
**Р.** собор
**E.** synod; council
**F.** concile *m*; synode *m*
**D.** Konzil *n*
Г. σύνοδος, ἡ
**Цсл.** **соборъ**
**L.** concilium, -ii, *m* (synodus, i, *m*)

С-36 **СОЗЕРЦАНИЕ**

Мисловно гледање, набљудување, размислување, вдлабочување, проникнување, сосредоточување, концентрирање на умот и на духот врз интелектуален или духовно религиозен предмет. Христијанското православно созерцание за предмет Го има Бога и тајните на домостројот на спасението извршено од Богочовекот Христос. Преображението Христово на Тавор (таворската светлина) е симбол на врвната форма на созерцание. Тоа бара очистување на органиете на богопознанието - умот, срцето... Крајната цел е обожувањет на човекот и неговото единство со Бога.

**С.** сазерцавање
**Р.** созецанїе
**E.** contemplation; theory
**F.** contemplation *f*
**D.**Contemplation *f*; Beschauung
Г. θεωρία, ἡ
**Цсл.** **зрѣние; созерцание**
**L.** contemplatio, -onis, *f*

С-37 **СОВЕСТ**

Мисла, помисла; глас Божји во човекот, кој го покажува познавањето на волјата Божја во однос на тоа што е должен и што не е должен да прави човекот како разумно, морално суштество. А волјата Божја на човекот му станува позната на два начина: најнапред, преку неговото сопствено внатрешно битие и, второ, преку откровение, дадено од Бога, и преку воплотениот Син Божји, Г. И. Христос, запишано од пророците и од апостолите. За постоењето на тој внатрешен или природно морален закон сведочи ап. Павле, кога вели дека и незнабошците, немајќи закон, самите од себе вршат сè по законот, со што покажуваат дека делото на законот е напишано во нивните срца, бидејќи нивната совест им сведочи за тоа, и нивните мисли помеѓу себе се обвинуваат или оправдуваат (*Рим.*2.1). Совеста може да биде будна и тогаш таа правилно ја извршува својата функција; таа може да биде заспана и, тогаш, човекот може да прави работи што се спротивни на моралниот закон. Подоцна таа може да се разбуди и тогаш го осудува човекот поради неговите лоши постапки, па велиме: "ме гризе совеста". Совеста може да биде умртвена или унакажена од некоја заблуда, лажно учење или идеиологија, и тогаш може да прави ужасни работи, а таа да не го осудува. Таквата совест ап. Павле ја именува "жигосана совест" - запечатена совест (I *Тим.*4.1-2). Со ова Апостолот сака да каже дека совеста (душата) на оној што се предал на лажно учење се наоѓа под влијание на ѓаволот кој, како мачител (џелат) го ставил врз неа својот печат. Второ, таквата жигосана совест го носи отпечатокот на Божјата осуда и лишеност од Божјата благодат. Ова се појаснува кога ќе се спореди со *Рим.*1.28: "Бог ги предаде таквите на изопачен ум". Жигосаната совест и изопачениот ум се во тесна врска. Трето, ап. Павле ја изразува мислата дека совеста на лажните учители доаѓа во состојба на умртвеност и нечувствителност, па нивното зло не буди во нив осуда. Човекот тогаш умира за сè што е морално и свето; чувството за добро, силата на љубовта, страв од судот, очекување на идниот живот - сето тоа не дејствува во него, како што не дејствува крвта во едно бездушно тело. Најпосле, лажните учители толку далеку отпаднале од благодатта, што е неможно да бидат обновени со покајание (*Евр.*4.4-6) или, ако е можно, тогаш тоа об-

новување може да се постигне само со голем труд и со внатрешни болки (Дјаченко). Уште старите велеле дека совеста е Бог во нас - Deus in nobis.

Ако свесно Го испадиме Бога од нас, совеста може да се искриви, изопачи. Тогаш таа не ја извршува својата функција.

С. савест
**Р.** совесть
**Е.** conscience
**F.** conscience *f*
**D.** Gewissen *n*
Г. συνείδησις, ἡ
**Цсл. совѣсть**
**L.** conscientia, -ae, *f*

С-38 **СОЛЕЈА**

Дел од храмот пред иконостасот, издигнат како платформа, со едно или повеќе скалила. Името "солеја" (престол) го добил затоа што во старо време таму се наоѓал царскиот престол. Од левата и од десната страна стојат певниците, односно хоровите, поради што ова место е именувано и "хор". На солејата се делат Св. дарови - Причесната.

**С.** солеја
**Р.** солея
**Е.** soleas
**F.** soléa (s)
**D.** Solea *f*
Г. σωλέα, ἡ, σωλεῖον, τό
**Цсл. солеѧ**
**L.** solium, -ii, *n*

С-39 **СОТИРИОЛОГИЈА**

Наука за спасението; дел од догматиката кој се занимава со делото и личноста на Спасителот Христос, односно со сето она што Он го направил за спасение на човекот од гревот, смртта и ѓаволот, преку Неговото раѓање, проповед, смрт на крстот, воскресение и вознесение.

С. сотириологија
**Р.** сотириология
**Е.** soteriology
**F.** sotériologie *f*
**D.** Heilslehre *f*; Soteriologie *f*
Г. σωτηριολογία, ἡ
**Цсл.**
**L.**

С-40 **СПАСИТЕЛ**

Во општа смисла, со овој термин во Св. писмо се именува Бог, односно Света Троица. Бог не е само Творец и Промислител на светот туку е и негов Спасител. Во посебна, пак смисла, Спасител се именува Господ Исус Христос, бидејќи Он со Своето овоплотување, живот, страдање, смрт, воскресение и вознесение го изврши делото на искупувањето и спасението на човечкиот род од гревот злото и смртта. И самото име Исус значи Спасител. Нема друго име под небото со кое луѓето можат да се спасат.

**С.** Спаситељ
**Р.** Спаситель
**Е.** Saviour
**F.** Sauveur *m*
**D.**
Г. Σωτήρ, ὁ
**Цсл. Спаситель**
**L.** Salvator, -ris, *m*

С-41 **СРАЧИЦА**

Кошула; бело платно со кое се прекрива светиот престол кој го симболизира гробот Христов. Срачицата го симболизира платното со кое било завиткано телото Христово; така се именува и белата долга кошула што свештенослужителите ја облекуваат врз литургиските одежди, при осветување храм.

С. срачица
**Р.** срачица
**Е.**
**F.** katasarkion
**D.**
Г. κατασάρκα, τό
**Цсл. срачица**
**L.** vestis, tunica

C-42 **СРЕТЕНИЕ**

Еден од 12-те големи празници (2 фев.ст.ст.), во спомен на средбата на Богомладенецот Исус со старецот Симеон, наречен Богоприемец. Тоа се случило во 40-от ден по Неговото раѓање, кога Неговата Мајка - Пресвета Дева Марија, според Законот (*Лев.* 12.2-7; *Изл.* 12.2) Го донесла во храмот да Го посвети на Бога и себе да се очисти (*Лк.* 2.22-38).

**С.** Сретење
**Р.** Сретение
**Е.** Encounter
**F.** Rencontre *f* (du Seigneur)
**D.** Hypapante *f*
Г. ὑπαπαντή, ἡ
**Цсл. Срѣтеніе**
**L.** Hypapante

C-43 **СТАВРОПИГИЈАЛЕН (МАНАСТИР)**

Манастир управуван не од епархискиот архијереј, туку од поглаварот на Црквата (патријарх, архиепископ или митрополит) или од Св. Синод, и кој има особени привилегии. Називот доаѓа од грчкиот збор σταυρός – крст, и πήγνυμι - забодува, утврдува. Ктитори на тие манастири, што го забивале Крстот, биле државните суверени или поглаварите на црквите.

С. ставропигијални (манастир)
**Р.** ставропигиальный (монастырь)
**Е.** stauropegion; stauropegial monastery
**F.** monastère stauropégiale
**D.**
Г. σταυροπηγία, ἡ
**Цсл. ставропигиїални манастир**
**L.**

C-44 **СТАРЕЦ**

Возрасен монах со долго монашко живеење, кој ги раководи искушениците, монаси повлечени од светот; духовен водач, монах со признато духовно искуство, кој ги советува поклониците што доаѓаат да бараат совети. Старчеството (духовното раководење) добило особено значење во минатиот век во Русија со св. Серафим Саровски (+ 1833), и во манастирот Оптино.

**С.** старац
**Р.** старец
**Е.**
**F.** ancien *m*
**D.**
Г. γέρων, τό
**Цсл. старецъ**
**L.**

C-45 **СТАТИЈА**

Од гр. στάσεις – станици, запирања. Има повеќе значења: 1. Дел од катизма кој се прочитува наеднаш и завршува со ***слава...*** - 2. Во византиската поезија секој сразмерно поголем текст кој во своето читање се прекинува на две или повеќе места, на пр. "Плачот на Мајката Божја" - долга лирска поема, со различен број строфи, која се пее на утрената на Велика сабота (кај нас во петок навечер), во која се опева и оплакува смртта и погребението Христово. Има три статии.

В. Антифон.

С. статија
**Р.** статия
**Е.**
**F.** stance *f*
**D.**
Г. στάσις, ἡ
**Цсл. статїѧ**
**L.**

C-46 **СТЕПЕННА**

Црковни песни, поетски композиции на теми од т.н. "псалми за качување" (119-133). Содржат по девет тропари за секој глас, групирани во три антифони (само 4-ти глас има четири). Нивни автор е св. Јован Дамаскин.

**С.** степенна
**Р.** степенны
**Е.** anavathmi
**F.** anavathmi ; cantiques graduels

**D.** Anavathmi *pl*
Г. ἀναβαθμοί
**Цсл. степенна**
**L.** anavthmi

## С-47 СТИХАР

Долга свештеничка одежда со широки ракави, обично изработена од лен во бела боја, што укажува на моралната чистота на оној што се облекува во неа.

С. стихар
**Р.** стихарь
**E.** tunic, shirt
**F.** tunique *f*
**D.** Alba *f*; Tunika *f*
Г. στιχάριον, τό
**Цсл. стихарїй, стихарь**
**L.** sticharium, -ii, *n*; tunica, -ae, *f*

## С-48 СТИХИРА

Црковна песна со повеќе строфи, на кои им претходат стихови од Св. писмо. Има повеќе видови стихири: - на Господи воззвах, литиски, стиховни, хвалитни итн.

С. стихира
**Р.** стихира
**E.** church song
**F.** sticchère
**D.** Kirchenlied *n*
Г. στιχηρά, ἡ
**Цсл. стихира**
**L.**

## С-49 СТОЛП

В. Октоих

## С-50 СТРАВ (БОЖЈИ)

Една од големите добродетели и должности на човекот, со разни значења: страв, бојазливост, страхување од казна Божја како понизок степен на добродетелта страв Божји; страхопочит, трепет, восхит пред големината на некој настан; побожност, благочестив живот; најсовршена чистота и светост на животот како повисок степен на страв Божји, до негово изедначување со најсовршената синовска љубов кон Бога. Мудриот Соломон вели: "Стравот Божји е почеток на мудроста" (*Изреки* 1.7).

С. страх (Божји)
**Р.** страх (Божий)
**E.** fear (of God)
**F.** crainte *f* (de Dieu)
**D.** Furcht *f* (vor Gott)
Г. φόβος (Θεοῦ), ὁ
**Цсл. страхъ божїи**
**L.** timor (Domini)

## С-51 СТРАСТ (СТРАДАЊЕ)

а) Силна желба, склоност кон нешто што е забрането, што се противи на моралниот закон Христов и претставува пречка на патот кон моралното усовршување; телесни наслади, на пр.: прејадување, алкохолизам, наркоманија, телесен разврат, хазардерство и сл. (*Гал.* 5. 24; *Колос.* 3. 5).

б) Страдање, измачување; главно се мисли на страдањата Христови во текот на т.н. Страсна седмица пред Велигден. Страдањата заради Христа носат утеха (II *Кор.* 1.5-7).

С. страст (страдање)
**Р.** страсть
**E.** passion; suffering
**F.** passion *f*
**D.** Leidenschaft *f*; Passion *f*
Г. πάθος; πάθημα, τό
**Цсл. страсть**
**L.** passio, onis, *f*

## С-52 СТРАСТОТЕРПЕЦ

Синоним за маченик.
В. Маченик.

## С-53 СУДБИНА

Судење; сила која, според некои верувања, го определува, предодредува текот на настаните, независно од волјата на чо-

векот. Ова верување кај нас е засилено, главно, под влијание на исламот. Во философијата, како и кај некои протестантски конфесии тоа се именува предестинација - предодредување. Верата во Божја промисла христијаните често погрешно ја заменуваат со вера во судбина.

В. Фатализам.

С. судбина
**Р.** судьба
**E.** destiny
**F.** destin *m*; fatalité *f*
**D.** Schiksal *n*
Г. μοῖρα, ἡ; τύχη, ἡ; κρίμα, τό
**Цсл. сѹдьба**
**L.** fatum, -i, *n*

С-54 **СУЕВЕРИЕ**

Празноверие; вера во предмети што воопшто не постојат или, ако и постојат, погрешно се сфаќаат и притоа им се придава магиска моќ. Суеверието се појавува таму каде што нема вистинска, права вера и набожен живот, каде што Црквата е спречена или не е во состојба да ја извршува својата евангелско-апостолска мисија. Причината за појавата на суеверието делумно се крие и во самата природа на човекот, во неговата склоност кон сѐ што е таинствено и во желбата да ја дознае својата иднина; во недостатокот на умствен и морален развој, лекоумноста и слабоста на духот. Оттука суеверието е својствено (главно) на непросветлениот народ, и неговото целосно искоренување е речиси невозможно. Најчести облици на манифестирање на суеверието кај нас се следниве: баење, гатање, претскажување на иднина преку карти, гледање во кафе и сл.; одење при оџи, курбани, мачкање со крв, невенчавање во т.н. престапни години, полни месечини; црни мачки, вера во соништа, хороскопи... Потоа, еден цел систем на забрани: не допирај, не целивај, не погледнувај, не свртувај се назад итн. Црквата го смета суеверието за тежок грев, затоа од своите пастири (епископите и свештениците) бара да работат на негово искоренување.

С. сујеверие
**Р.** суеверие
**E.** superstition
**F.** superstition *f*
**D.** Aberglaube *m*
Г. ματαιοπίστη, ἡ; δεισιδαιμονία, ἡ
**Цсл. сѹевѣріе**
**L.** superstitio, -onis, *f*

С-55 **СУЕТА**

Празен, бесцелен труд на човекот за стекнување слава, богатство, почести, овосветска мудрост, заради полна, совршена среќа овде на земјата. Сето ова е "суета над суетите", вели Проповедникот и препорачува: "Суштината на сѐ е: бој се од Бога и пази ги Неговите заповеди" (*Проп.* 12. 8, 13).

**С.** сујета
**Р.** суета
**E.** vanity
**F.** vanité *f*
**D.** Eitelkeit *f*
Г. ματαιότης, ἡ
**Цсл. сѹєта**
**L.** vanitas

С-56 **СХИМА (СХИМНИК)**

Образ; повисок монашни степен, придружен со нови, построги завети за самоодрекување. Има два степена: мала схима (гр. τὸ μικρόν σχῆμα) и голема схима (τὸ μέγα σχῆμα). Молитвениот чин за посветување се именува: а) Последование на мала схима или мантија; б) Последование на великиот и ангелски образ. Првите монаси се именуваат малосхимници, а вторите - великосхимници.

С. схима
**Р.** схима
**E.**
**F.**
**D.**
Г. σχῆμα, τό
**Цсл. схима**
**L.**

# T

T-1 **ТАЈНА (-НИ)**

Во општа смисла, сè е во Црквата тајна - света тајна, од најмалото до најголемото свештенодејство, бидејќи сè е потопено во неискажливата светост на Богочовекот Христос. Кој е "големата тајна на набожноста", како што вели ап. Павле (I *Тим*. 3. 16), а во овоплотениот Бог - Богочовекот Исус Христос е и сета тајна на Неговата Црква. Во посебна, пак, смисла, под света тајна се подразбираат (специфични) одделни свештенодејства, преку кои на верниците на видлив начин им се дава невидлива благодат Божја. Суштествен белег на св. тајни е тоа што тие се установени од Самиот Г. Исус Христос. Тие се: крштение, миропомазание, евхаристија (св. причесна), покајание, свештенство, брак и маслосвет. Св. тајни се неопходни за членовите на Црквата. Тајна претставува и чинот на водосветот, мал чин но големо чудо на нерасиплива вода, која е една од многубројните свети тајни кои непрестајно чудотворат веќе 2000 години во Црквата Христова.

С. тајна
**Р.** таинство
**Е.** sacrament
**F.** sacrement *m*
**D.** Sakrament *n*
Г. μυστήριον, τό
**Цсл.** **таинство**
**L.** sacramentum, -ti, *n*

T-2 **ТЕМЈАН**

Благопријатна смолеста материја, која служи за кадење. Темјанот е употребуван и во Стариот завет. Симболизира молитва на праведник, која се издига кон Бога како димот од кадежот.

С. тамјан
**Р.** фимиам
**Е.** incense
**F.** encens *m*
**D.** Weihrauch *m*
Г. θυμίαμα, τό; θύος, τό
**Цсл.** **димїамъ**
**L.** incensum, -i, *m*; tus, turis, *n*; odor, ris, *m*

T-3 **ТЕОДИЦЕЈА**

Оправдување на Бога - богооправдување; обид на некои теолози и философи (стоиците и Лајбниц) да го оправдаат Бога, поради постоењето на зло во светот; бидејќи, ако Бог го создал светот добар, тогаш од каде е злото и неговите последици во светот, кога Бог е апсолутно добар; еден од четирите делови на философијата (заедно со психологијата, етиката и логиката), што во тоа време се изучувале во гимназиите и колеџите; природна или рационална теологија.

С. теодицеја
**Р.** феодицея
**Е.** theodicy
**F.** théodicée *f*
**D.** Theodizee *f*
Г. θεοδική, ἡ
**Цсл.** **богоправданїе**
**L.**

T-4 **ТЕОЛОГИЈА**

Наука, учење за Бога; севкупноста на науките кои за свој предмет на изучување го имаат Бога, Неговото откривање и божествениот домострој. Содржината на одделните богословски науки сега се означува со епитети кои се додаваат пред зборот теологија, на пр. догматска теологија, аскетска теологија, пастирска теологија, полемичка, компаративна итн.

С. теологија
**Р.** богословие
**Е.** theology
**F.** théologie *f*
**D.** Theologie *f*
Г. θεολογία, ἡ
**Цсл.** **богословїе**
**L.** Theologia, ae, *f*

**Т-5 ТЕПЛОТА**

Топла вода што свештеникот (ако служи и ѓакон - тогаш ѓаконот) ја става во путирот, по прекршувањето на Агнецот .

**С.** теплота
**Р.** теплота
**Е.** zeon
**F.** zéon *m*
**D.** Zeon *m*
Г. Ζέον, τό
**Цсл. теплота**
**L.** zeon

**Т-6 ТИПИК**

Црковна книга во која се дадени упатства за редот и начинот на извршувањето на богослужбите: за сеноќните воскресни и празнични бденија, по месеци и денови за цела година, за службата на светите и на празниците, за храната на христијаните; содржи пасхалија и месецослов. Првиот типик е од св. Сава Осветен, од шестиот век, наречен уште и Ерусалимски типик. Тој е дополнет од св. Јован Дамаскин во осмиот век. Потоа е пренесен и дополнет во Цариград, под името Цариградски типик. На словенски јазик е преведен во 15 век.

**С.** типик
**Р.** типик; устав
**Е.** typicon
**F.** typikon *m*
**D.** Typikon *m*
Г. τυπικόν, τό
**Цсл. тѷпиконъ, оуставъ**
**L.** typicum, -i, *n*

**Т-7 ТОМОС**

Документ од синодска одлука, акт, писмо, декрет, со кој една Црква (автокефална) признава друга Црква и сл.

С. томос
**Р.** томос
**Е.** tomos, synodical decree
**F.** tomos *m* (charte, *f*)
**D.** Thomos *m*
Г. τόμος, ὁ
**Цсл. томосъ**
**L.**

**Т-8 ТРАДИЦИЈА**

Усно предавање, пренесување од колено на колено на обичаи, верувања, приказни, поуки, правила за однесување, навики и сл.

С. традиција
**Р.** предание; традиция
**Е.** tradition
**F.** tradition *f*
**D.** Tradition *f*
Г. παράδοσις, ἡ
**Цсл. преданїе**
**L.** traditio, -onis, *f*

**Т-9 ТРЕБНИК**

Црковна богослужбена книга која содржи молитви и свештенодејства што се извршуваат по потреба на еден или повеќе христијани. Поголемиот дел од молитвите и свештенодејствата се именуваат "треби", па оттука и името на книгата. Според содржината, требниците се делат на голем, мал и дополнителен.

С. требник
**Р.** требник
**Е.** euchologion
**F.** euchologe *m*
**D.** Euchologium *n*
Г. εὐχολόγιον, τό
**Цсл. требникъ**
**L.** ritualis (euchologium, -ii, *n*)

**Т-10 ТРИКИРИИ**

Свешник со три крака, што епископот го држи во десната рака кога благословува на Литургија. Ја претставува тајната на Света Троица.

**С.** трикирије
**Р.** трикирий
**Е.** trikerion

**F.** trikerion *m*
**D.** Trikerion *n*
Г. τρικήριον, τό
**Цсл. трикирий**
**L.** tricerion (triplex cereus)

Т-11 **ТРИОД**

Трипеснец; црковно-богослужбена книга, во која се поместени службите за подвижните празници и денови од годишниот круг (оние што зависат од Велигден), во кои се чита и пее скратен канон од три песни, наместо девет (одн. осум без втората), па оттука и името на книгата. Ги има два вида: Посен триод, во кој се опфатени песните од подготвителните недели за Велигденскиот пост, како и самиот пост, од неделата на митарот и фарисејот до Велика сабота; и Цветниот триод или Пентикостар, кој започнува со првиот ден на Велигден и завршува со неделата на сите свети (неделата по Дуовден).

**С.** триод
**Р.** триод
**E.** triodion
**F.** triode *m*
**D.** Triodion *n*
Г. τριώδιον, τό
**Цсл. трїωдїонъ, трїωдь**
**L.** triodium, -ii, *n*

Т-12 **ТРИПЕСНЕЦ**

Канон кој се состои од три песни. Трипеснеците се наоѓаат во посниот и цветниот Триод, а се пеат во седмичните денови од Велигденскиот пост, освен во сабота и недела. Во составот на секој трипеснец задолжително влегуваат 8 и 9 песна од канонот. Така, во понеделник - 1,8,9; вторник - 2,8 и 9; среда - 3,8 и 9; четврток - 4,8 и 9; во петок -5,8 и 9. Овие песни се комбинираат со песните на канонот од Минејот. Во сабота се пеат четворопеснеци кои се состојат од 6,7,8 и 9 песна од канонот.

С. трипеснец
**Р.** трипеснец
**E.** triodion
**F.** triode *m*
**D.** Triodion, *n*
Г. τριώδιον, τό
**Цсл. трипѣснецъ**
**L.** triodion, -ii, *n*

Т-13 **ТРОИЦА (СВЕТА)**

Основната богооткриена вистина на верата (догма) за Бога, по која христијанството се разликува од сите други религии: Бог е еден по природа, суштина, а троичен по ипостаси, лица - Отец, Син и Св. Дух. Светот можел и да не настане, а Бог сепак би бил Троица. И Отецот е Бог, и Синот е Бог, и Св. Дух е Бог, па сепак не се три одвоени Бога, туку еден Бог, бидејќи имаат една суштина, природа, еднаква големина, слава и чест. Меѓу себе се разликуваат само по личните својства. Така, личното својство или ипостас на Отецот е нероденоста; личното својство на Синот е Неговото вечно раѓање од Отецот, а личното својство на Св. Дух е Неговото вечно исходење или произлегување од Отецот (а не и од Синот). Без вера во Света Троица човек не може да стане член на Црквата, не може да биде христијанин, бидејќи Црквата е основана на верата во Св. Троица, кога Господ Христос им рекол на апостолите: "Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух" (Мат.28,19). Второто лице на Св. Троица, Словото Божјо или Синот Божји, Кој вечно се раѓа од Отецот, заради нас луѓето и заради нашето спасение се овоплоти од Св. Дух и марија Дева и стана човек - историскиот Исус Христос.

С. Тројица (Света)
**Р.** Троица (Святая)
**E.** Trinity (Holy)
**F.** Trinité *f* (Sainte)
**D.** Dreifaltigkeit *f* (Heilige); Heilige Dreieinigkeit *f,* Trinitas
Г. Τριάς (ἅγια), ἡ
**Цсл. троица, свѧтаѧ**
**L.** trinitas, -atis, *f*

Т-14 **ТРОИЧЕН**

Црковна песна, или цел ред песни во слава на Света Троица. Во воскресните

(неделните) денови на полуноќница се пее "Троичен канон" и, по канонот, "Троично величание". На секојдневната служба, ако на утрената се пее алилуја, тогаш по алилуја се пеат "Троични песни" (тропари, кои се состојат од по три стиха). Во каноните, речиси секогаш, претпоследниот тропар од секоја песна е "Троичен", и затоа се чита со припевот: Слава на Отца и Сина и Св. Дух.

С. троичан
**Р.** троичный
**Е.** triodikon
**F.** triadique *m*
**D** Triodikon *n*; Dreiheit *f*
Г. τριαδικός, ὁ
**Цсл. троиченъ**
**L.** trinitatis

## Т-15 **ТРОПАР**

Кратка песна, составена во чест на празник или светител, во која е изразена суштината на празникот или животот на светителот.

С. тропар
**Р.** тропар
**Е.** hymn
**F.** tropaire *m*
**D.** Tropar (ium) *m*; Hymne
Г. τροπάριον, τό
**Цсл. тропарь**
**L.** troparium, -ii, *n*

# У

## У-1 **УСПЕНИЕ**

Буквален превод од гр. κοίμησις – "заспивање". Според христијанското верување смртта е споредена со сон, од којшто има разбудување, т.е. воскреснување.

Успение на Пресвета Богородица е голем Богородичен празник, кој се слави на 28 (14 ст.ст.) август, во спомен на упокојувањето (телесната смрт) и воскресение на Мајката Божја. Според Преданието на Црквата, тоа се случило вака: по вознесението на Г. И. Христа на небото, за Пресвета Дева Марија бил задолжен да се грижи најмладиот Христов ученик - апостолот Јован. Таа постојано била во пост и молитва и во жива желба да Го созерцава Синот, како седи оддесно на Отецот. Денот на нејзиниот крај ѝ бил откриен од Господа. Во тој ден и апостолите на чудесен начин биле донесени во Ерусалим, освен ап. Тома. Кога и тој дошол, по три дена, посакал да го види нејзиното тело во гробот, но тоа веќе не било таму. Црквата од секогаш верувала дека нејзиното тело е вознесено на небесата, и дека таа е првиот прославен член на човечкиот род, која минала од смртта во живот, и која нема да оди на суд.

С. Успење
**Р.** Успение
**Е.** Assumption; Falling Asleep
**F.** Dormition *f*
**D.** Einschlafen *n*
Г. κοίμησις, ἡ
**Цсл. оуспенїе**
**L.** Dormitio, -onis, *f*;

## У-2 **УТЕШИТЕЛ**

Во Св. писмо така се именува Св. Дух - Третото лице на Света Троица. Имено, пред Своето вознесение, Г. Исус Христос им ветил на апостолите дека ќе им Го испрати Св. Дух: "Јас ќе Го помолам Отецот, и Он ќе ви даде друг Утешител..., а Утешителот, пак, Духот Свети, Кого што Отецот ќе Го испрати во Мое име, Он ќе ве научи на сè..." (*Јн* 14. 15, 26; 15. 26). Како помошник, покровител, застапник, - Св. Дух за христијаните е навистина Благиот Утешител, и овој назив на најдобар начин ги обединува во себе сите Негови односи кон верниците.

В. Параклит.

С. Утешитељ
**Р.** Утешитель
**Е.** Consoler ; Comforter
**F.** Consolateur; Paraclet
**D.** Tröster *m*

Г. Παράκλητος, ὁ
**Цсл. оутѣшитель**
**L.** Consolator, -is, *m*; paraclitus, -i, *m*

У-3 **УТРЕНА**

Богослужение кое, по правило, се извршува на разденување, а спроти недела или празник може да се спои со вечерната и тогаш заедно се именуваат "бдение". Има повеќе видови утрена: секојдневна, неделна или воскресна, празнична, великопосна.

**С.** јутрење
**Р.** утреня
**Е.** matins
